ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА,
КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

2

СТРУМИЦА, 2019 ГОДИНА

ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност

„Иван Василевски“ - Струмица

Главен и одговорен уредник

Ана Витанова – Рингачева

Редакција

Никола Шимиќ Тонин *(Хрватска)*
Марија Павловиќ *(Србија)*
Урсула Келер *(Австрија)*
Васил Дрвошанов *(Македонија)*
Далибор Плечиќ *(Македонија)*
Сузана Мицева *(Македонија)*

Лектура

Васка Кирова

Дизајн на корица

Ване Костуранов

СОДРЖИНА

I ПОТРАГА ВО ДВА НОСА 7

„Те признавам. Пишувај уште!“
(Интервју со бугарската писателка Здравка Ефтимова) *8*

Кончалиев: „Во уметноста само умот е граница!“
(Интервју со Георги Кончалиев, ликовен уметник) *13*

Последното интервју на Видое Подгорец
(Извадок од необјавената книга
„Недовршена приказна за Видое Подгорец“ од Киро Донев) 15

II ПРУГА 29

Дубравка УГРЕШИЌ (Хрватска) – Конфискација на културата 30

Јануш ПАСТЕРСКИ (Полска) – Светот како предизвик
(Глоса кон есејот на Часлав Милош) 38

Здравка ЕФТИМОВА (Бугарија) – Крв од крт 43

Бојан БАБИЌ (Србија) - Писмо 14. За глетките,
состојбите и врелата Нела 46

Данило КИШ (Србија) – Совети до младиот писател 52

III ГУНА 59

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА 60

Митко ГОГОВ 62

Марина МИЈАКОВСКА 65

Долорес АТАНАСОВА -ЛОРИ 67

Јосип КОЦЕВ 69

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА 71

Гордана СТОЈАНОСКА 74

Сузана МИЦЕВА 76

Ацо ГОГОВ 78

Саша СТАНИШИЌ 82

Кирил МИРАКОВСКИ 85

Живко КАРЕСКИ 101

IV П(Р)ОГЛЕДИ 105

Марина МИЈАКОВСКА
Љубовни парчиња сон 106

Кирил ЗРЛЕВСКИ
Преку Толстој до откривање на некои ЖИВОТНИ загатки 108

Васил ТОЦИНОВСКИ
Со збор и душа до научните вистини 112

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА
Модерен шаманизам. Современи шаманистички искуства 115

Стефан МАРКОВСКИ
Наративната функција на филмските изразни средства 120

Горан ТРЕНЧОВСКИ
Прилог кон теоријата на филмската адаптација (од расказ до филм) . 127

Софија ТРЕНЧОВСКА
Вовед во наративното и естетското проучување на филмот
„Златна петорка“ 132

Ацо ГОГОВ
Орвел и ние 140

V АРТитектура 143

Никола ПИЈАНМАНОВ
Сеќавање на една уметност 145

Ацо ГОГОВ
Нашите куќи 151

Маја КРСТЕВСКА
Урбан лиризам 155

Холандски уметници нацртале гигантска библиотека
на станбена зграда со омилените книги на станарите 157



ПОТРАГА ВО ДВА НОСА



„ТЕ ПРИЗНАВАМ. ПИШУВАЈ УШТЕ!“

(Интервју со буѓарската писателка Здравка Ефтимова)

Во разговорот е најубаво што нашите мисли се судираат, се надополнуваат, се крепат. Ни извираат од очите, се кријат во брчките и дури еден во друг се гледаме, се слушаме и се читаме. Поголем предизвик е кога треба да се провери досегот на мислите и колку далеку тие можат да патуваат, дали ќе допрат до вашиот соговорник кога единствено течат низ прстите и со нив се испраќаат. Ова интервју е токму проверка на еден таков предизвик. Осум илјади километри. Толкав пат помина мојот разговор со писателката Здравка Евтимова. Од Струмица, преку Перник до Пекинг. Прво контактиравме на Фејсбук, по што писателката Евтимова срдечно ме замоли да ѝ ги испртам прашањата на меил, бидејќи заминува за Кина каде што не функционира оваа социјална мрежа и таму ќе биде цел месец.

Ме мачеше мислата, не таа што патуваше до Кина кај Здравка, туку друга, локална што седеше до мене: Како ќе изгледа виртуелниот разговор со сосема непозната личност, од којашто барам многу повеќе од обични одговори на прашања?! Сакам да ја прикажам како човек, како писателка од мал бугарски град којашто ќе биде читана и изучувана во Америка. Морам веднаш да кажам дека оваа недоумица, колебање и несигурност ми беа целосно непотребни. Здравка Евтимова е лик којшто како да е излезен од роман. Таа е целосно неконвенционална, едноставна и питома. Речиси нереална. Нејзиниот благ збор ве соголува и вие го спуштате штитот. Нема потреба да се грижите дали прашањата се темелни и необични, дали ќе ја допрат за да ви се отвори. Само ослободете се и разговарајте! Ќе добиете топла вода од зборови со што ќе ве натопи и напои.

СМ: Госпоѓа Евтимова, на почетокот од оваа година одекна веста дека расказ на писателка од Буѓарија ќе се најде во учебник на американските средношколци. И во тој момент дури и тие што не се страстни читатели и не ја познаваат вашата литература,

се заинтересираа која е Здравка Евтимова? Ви направи ли притисок тоа силно внимание, се почувствувавте ли вжарени од рефлекторите вперени во вашиот лик?

ЗЕ: Расказот „Крв од крт“ е напишан пред 20 години, по еден многу тежок повод за мене. Синот ми беше болен. Му благодарам на Бога, денес син ми е добар, лекар е, има две деца и жена. Тогаш не можев да направам ништо за да му помогнам, па го сторив единственото што умеев. Напишав расказ. Денес вниманието што го добивам за овој расказ ме зашеметува, но се надевам дека брзо ќе помине. Јас сакам да се гледам со моите пријатели. Некои од нив пишуваат раскази или стихови, повеќето не. Истите луѓе ми се пријатели од порано, па се гледаме без некои предвремени подготовки во едно тивко кафуле во Перник, мојот роден град. Вредата стивнува, пријателите остануваат. Тоа е важно. Кога ти е тешко и кога си тажен, да има кому да му се јавиш на телефон, да го повикаш на филџан кафе, или тој да те повика. Така, животот станува поубав и ако човек има среќа – може да напише нешто добро, за да им помогне на луѓето, на тие што се тажни и исплашени.

СМ: „Крв од кртица“ е силен расказ за кој велите дека се родил по еден многу емотивен период за Вас, кога се разболел вашиот син. Дали писателот мора да страда за да го изнедри (роди) од себе најдоброто? Може ли да биде доволно да е само изразено сензитивен?

ЗЕ: Можеби не е нужно човек да пропати за да напише нешто вистинско и добро. Доволно е да умее да ја почувствува радоста и болката на другите, на луѓето околу него. Понекогаш треба само да се прошеташ по улицата, да видиш некое лице и расказот доаѓа кај тебе, без да го чекаш, без да го каниш. Тоа се среќните мигови на луѓето коишто пишуваат раскази. Ако умееш да ја претвориш тагата во радост, очајот во смелост, заслужуваш луѓето да ти кажат: „Те признавам. Пишувај уште!“

СМ: Живеете живот на обичен граѓанин. Растоварена од помпезности и суета. Колку тоа „нормалност“ ако можам така да ја наречам, ви помага да творите?

ЗЕ: Ако човек не е најобичен, како ќе ја почувствува болката на обичните луѓе?! Мојот живот многу наликува на оној на моите соседи – патуваме на работа до Софија со еден воз, купуваме храна од еден ист маркет, децата ни учеле во истото училиште. Низ животот никогаш не сум била шеф и не сакам ниту да бидам. Никој не ми кажувал слатки зборови за во замена да добие нешто од мене. Мислам дека што и да ми кажале, било искрено и чесно, затоа што на никаков начин не зависеле од мене. Кога некој познаник или пријател ќе ми каже „Останав без пари“, знам што значи тоа. Кога ќе рече: „Син ми ќе се ожени во мај“ исто така знам што значи. Како и зошто да се вообразам? Не само што би било едноставно смешно, туку и грозно и одбивно.

СМ: Долго време на овие простори владее мислење дека ако не сте во главниот град, потежок е вашиот пат до успехот, што и да значи тој. Сте биле ли во такво искушение, да си одите заради повеќе можности, кариера?

ЗЕ: Убедена сум дека човекот пишува за тоа што добро го познава и треба да пишува, така што луѓето од другите

држави треба да го засакаат местото што писателот го опишува, што тој го сака со целото срце и за коешто би направил сè. На тој начин и читателите ќе почнат да размислуваат и да го доживуваат неговиот мал град. Ќе се грижат за луѓето коишто живеат таму, затоа што ги пуштиле во своите мисли. Тоа е најважно за мене. Се молам луѓето коишто живеат во моите книги да се вистински, да се праведни, за да можат читателите на моите раскази и романи да се пренесат кај мене, во мојот роден Перник. Им посакувам на македонските поети и писатели доброто здравје да биде основа на нивните убедливи и прекрасни творби и да му покажат на светот каква е Македонија.

СМ: Перник е релативно мирно место, иако не може да се нарече периферија. Како ја опишувате таа привржаност со родниот град, кога се знае дека сте имале можност да живеете во многу европски градови?

ЗЕ: Живеев во Брисел три и пол години, одев на многу места низ светот, сега во моментов ви пишувам од Пекинг, Кина, каде што сум во писателска резиденција. Но, само покрај реката Струма во мојот роден град има магично место, што ќе го натера секој човек ако случајно помине оттаму, да напише нешто. Може да е расказ, а може и песна. Или ќе запее, дури и ниту еднаш да не запеал во последните десет години. Ми се чини дека таму живее среќата. Во Перник ми се родени децата, таму учеа, а јас пишував за Бугарија понекогаш со бескрајна радост, понекогаш со бескрајна тага. Тоа го правам со целото срце.

СМ: Како го перципирате Вие самата својот успех? Вашите дела се-пак се дел од значајни универзитетски библиотеки, преведени сте на триесетина јазици.

ЗЕ: За мене пишувањето е теорија на слободата. Никој не ме принудува да пишувам. Не пишувам за пари, ниту за награди, за да можам да се фалам пред луѓето. Мајка ми велеше: „Многу си глупава. Знаеш странски јазици. Си го губиш времето пишувајќи. Преведувај и паричникот ќе ти биде полн!“ Пишувањето не ми донесе пари, но ми донесе пријатели. Понекогаш ми се случувало во Бугарија да ме сретнат на зелен пазар, да ме бакнат и да ми кажат: „Ти го прочитав расказот.“ Не постојат пари што можат да ти донесат таква радост. Си ги носам старите фармерки, старото палто, таква шетам низ мојата населба „Исток“ во Перник. Успех е барем на десет минути да усреќиш некого со тоа што си го напишал. На сите писатели низ светот нека им се случува тоа често. Дај Боже македонските писатели и поети со своите дела да нè направат нас, нивните пријатели од Бугарија, среќни и смели во ова тешко време.

СМ: Кои се според Вас предизвиците на литературата на малите јазици? Дали сметате дека јазичната бариера „сопнала“ многу талентирани творци, или само го забавува понекогаш нивниот раст и препознатливост надвор од матичната земја?

ЗЕ: За жал, јазичната бариера не само што го забавува талентираниот човек, туку може да го осуди на целосна изолација, на литературна осаменост. Познавам многу блескави писатели во Бугарија, коишто создале навистина прекрасни дела, но како читателите да до-

прат до нив? Како Французин или Индиец да го прочита на бугарски тоа што тие го напишале? Затоа, кога некој мој пријател има роденден, наместо да му купам подарок - јас долго и грижливо преведувам некој негов расказ на англиски јазик. Многу внимателно работам, за преводот да биде толку добар, колку што е и оригиналниот текст. Многу е тешко, одзема време, но јас го подарувам преводот на тој пријател со надеж дека некој читател во туѓина ќе се вљуби во таа творба.

СМ: Вие сте преведувач по професија. Работа што бара голема посветеност и време. Се случува ли понекогаш преводите на коишто работите да ви се инспирација, или да ве празнат емотивно и физички, па да не сте во состојба сами да пишувате? Ве молам, споделете некое ваше искуство!

ЗЕ: Ми се случило силно да се возбудам од романите што ги преведувам. Се сеќавам дека среде ноќ престанав да работам и плачев, додека го преведував на бугарски романот „Црвениот Марс“ за колонизацијата на планетата Марс од американскиот писател Ким Стенли Робинсон (Red Mars, Mars Trilogy, 1993, Kim Stanley Robinson). Честопати ми се случувало целосно истоштена да заспијам пред компјутерот. Но, тоа ми помогнало и подобро да го научам странскиот јазик. Подоцна, при превод од бугарски на англиски јазик, искусувам неочекувана леснотија.

СМ: Писателите во Македонија многупати ми ја кажале оваа реченица: „Пишувањето бара цел човек.“ Како да го постигне тоа еден современ автор на денешницата, да биде посветен на пишувањето, кога најголемиот дел од времето тој се мачи да преживее?

ЗЕ: Не можам да си одговорам на тоа мачно прашање. Пишувам ноќе. Децата ми пораснаа и можам да си дозволам да пишувам и во сабота и недела. Понекогаш успевам, понекогаш не целосно, но најлошо се чувствувам кога не сум го напишала тоа што ми надошло по тешкиот ден. Се чувствувам како престапник. Значи, подобро ми е помалку да спијам, трипати да ги пребројам парите пред да купам нешто скапо за дома, но на душата ми е лесно. Среќна сум и со радост на улицата барам лице на пријател да се почестиме така, за ништо – просто од радост дека сме се сретнале. Во таков момент да сретнам некој пријател писател од Македонија во Перник, ќе го однесам во градината на маж ми покрај Павликени, кога зреат праските и кајсиите. Ако не брзав на работа, ако не водев сметка за домот, како ќе ги разберам маките на луѓето коишто така живеат секој ден, секој час? Сигурно и тогаш човек ќе има важни нешта за пишување, но на мојот начин ненапишаните раскази само чекаат да го отворам лаптопот и да ми се приземјат во рацете.

СМ: Честопати во Македонија медиумите ги прозиваат писателите да говорат за една или друга политичка или општествена тема. Тие се мета на критики дека не се доволно гласни. Сметате ли дека треба писателот да ја користи својата моќ за да влијае и на друг начин, освен преку делата и перото?

ЗЕ: Ми се случувало и мене да ме прашуваат за жешки политички теми. Во такви случаи, одговарам дека не сум експерт и не располагам со доволно информации, што е стопроцентна вистина. Изјавувам дека моето мислење ме засега само мене. Правам сè што е возможно

да не си ја огрешам душата и да не ги навредам луѓето коишто имаат различно мислење од моето. Во Бугарија има одлично подготвени политички аналитичари, чијашто работа е да ги расветлат општествените појави. Јас живеам активно, не лажам и се трудам не само да ја следам, туку и да ја забележам острината на своето критичко мислење за настаните и случувањата во Бугарија и светот. На прво место, важно ми е луѓето да бидат поситуирани, подобро образовани, посреќни по секоја одлука на политичарите. Таа цел е тешко да се постигне. Ги следам вестите на англиски, германски, француски јазик и се обидувам да си одговорам на прашањето како ќе влијаат на случувањата на Балканот.

СМ: На овој свет се чини дека сè е минливо. Ниту една траѓа не е без закана да биде избришана. А писателите и понатаму творат. Иако нивните дела, соблечените души во книгите ќе останат како заробени духови и можеби никогаш не ќе наидат на вистинскиот читател што ќе ги препознае и ослободи? Зошто тогаш се твори, ако сè е бесмислено?

ЗЕ: Да, сè на светот се менува и токму тоа е шансата на писателот. Писателот им дава дом на промените во книгите, ако успее да ги опише праведно, талентирано и чесно. Само на тој начин книгите во себе ќе ја зачуваат заминатата епоха и ќе ѝ дадат бескрајност. Има смисол да си писател само ако им го дадеш своето време, бессоните ноќи, радоста, тагата, среќата на идните поколенија. Писателите денес се прозвани да ја намалат територијата на болката и понижувањето во светот. Писателите на нашето време се пат и патека за писателите и поетите од иднината, затоа што пишувањето е живот. А животот продолжува.

Сузана Мицева



Георги Кончалиев , Дојран

КОНЧАЛИЕВ: „ВО УМЕТНОСТА САМО УМОТ Е ГРАНИЦА“

(Интервју со Георги Кончалиев, ликовен уметник)

Ќе го видите смирен во некој пејзаж, легнат во тревата или потпрен на некоја карпа. Како пред првите мугри на минусните температури чека изгрејсонцето да ги фрли првите зраци врз замрзнатиот Дојран, или по најголемите жештини трпеливо седи врз соголените врвови за да го „фати“ падот на сонцето. Тој е од тие тивки, ненаметливи уметници коишто малку зборуваат за својата уметност.

Георги Кончалиев е дипломиран ликовен уметник, вајар, но ако го замислувате со измачкани раце задлабочен во обликувањето на некоја скулптура, заборавете! Тој е најчесто скриен зад објективот и бара совршен кадар, момент што ќе го „замрзне“ во фотографија.

Првата „свесна“ фотографија, како што тој ја нарекува, ја направил пред дваесет години, 1998, како матурант во Училиштето за применета уметност во Скопје. Тогаш, вели Георги, се фотографираше на филм и грижливо се правеше композицијата, експозицијата и се чекаше моментот. Растел меѓу пространството на платното и мирисот на боите во неуредните, но бескрајно шармантните ателјеа на неговиот татко, познатиот ликовен уметник Бранко Кончалиев, како и на неговите колеги и пријатели. Тоа, вели Георги е нешто што те обележува, ти се помешува со крвта. Нурнувајќи во светот на татко му, мешајќи се во таа друга реалност, тој уште како дете почнал да го развива тој посебен однос со ликовните елементи. Нашиот соговорник вели дека е најтешко да се балансира помеѓу двата света. Оној на човекот и оној на уметникот. И да се влегува и враќа од еден во друг простор. Тој, вториот, на уметникот, се отвора кога инспирацијата е на дофат и

почнувате да творите, да создавате нов свет. Свет на уметноста.

Многумина мислат дека престанал да слика, но тој негира.

- Сликам, но не ги продавам своите дела. Во мене се роди некој отпор, да ѝ ставам цена на својата уметност и сега сликам за себе. Долго време не чувствувам потреба да го „изнесам“ тој дел од себе пред јавноста и сè додека некој глас одвнатре не ми шепне поинаку, ќе биде така.

Во фотографијата се смета за „професионален аматер“. Тоа е термин со којшто се идентификува, но последната година сè почесто е потпишан и како коавтор на видеа.

- Видеото е пасија што беше недостижна за мене. Но, последниве години, работата ме зближи со Кире Пиличев, којшто по професија е снимател, има искуство со видеото и од заедничката дружба се родија идеи и проекти коишто, пред сè духовно нè хранат и нè исполнуваат. Технологијата е сè подостапна, сè понапредна и таа нуди многу можности, па со радост нурнувам во таа магија.
- Сите медиуми на визуелното ми се драги, а сликарството и вајарството себично ги чувам за себе - се смее Георги, кој последниве две години заедно со Пиличев работи на документарец.
- Тоа е наш проект, документарец што го снимаме, трпеливо го создаваме и затоа нè гледате на различни локации. Се радувам на моментот кога ќе можеме да го презентираме.

Дојран е често застапен во неговите фотографии. Со него негува посебен однос. Порано како мотив го работел во ликовната уметност. Бројните дружења за време на ликовните колонии му помогнале да го опише и низ фотографиите. И токму сега го открива и од тој друг агол, од поинаква перспектива.

Во Дојран го привлекол богатиот биодиверзитет. Смета дека Македонија е посебна со богатата флора и фауна, пејзажите и мотивите. Еден човечки живот не е доволен, вели Георги, сето тоа да се истражи, документира и да се ужива во него.

Сузана Мицева



ПОСЛЕДНОТО ИНТЕРВЈУ НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ

(Извадок од необјавената книга „Недовршена приказна за Видое Подгорец“ од Киро Донев)

Некаде кон крајот на јануари 1994 година, Подгорец и јас си бевме во родниот крај. Тој на краток „зимски распуст“ во своето Колешино, а јас „далдисан“ по лов на шатки и гуски низ замрзнатото Моноспитовско Блато. Ми се јави еден ден во доцните ноќни часови:

- Што правеш бе, алјаз? –ми свика преку фиксниот телефон.

Онака, сонлив, едвај му го препознав гласот.

- Што се прави во оваа доба? Спијам! – му вратив.
- Е, така е, ти спиеш, а трскарите и пајките во ѓољот сон не ги фаќа! Дење акаш по лов, ноќе заспиваш со кокошките. А, кога ќе живееш?! Кога ќе пишуваш?!
- Добро, бе, добро...само што си легнав... а, тебе, што мака те мачи?
- Утре, фаќај го првиот таксист, ама без појадок и право во Колешино! Те чекам на качамак со џимиринки и расолница! Земи си ги и ловџиските чизми, ако сакаш да ги видиш водопадите како изгледаат зиме! А, ако ти е мака за двоцевката, земи си ја и неа, ама без патрони!

Веќе ми стана јасно дека навистина си има некаков зорт, та што сум му толку потребен.

По тој разговор, сонот неповратно си замина. Едвај дочекав да се раздени. Знаев дека таму е можно да „заглавам“, па почнав да го полнам ловџискиот ранец со она што мислев дека ќе ми биде

потребно и за прошетките в планина, ама и за крај огништето, под оревот во неговиот двор.

Во Колешино пристигнав рано-рано. Тој веќе ме чекаше пред селската крчма.

- Е, така те сакам! - рече гушкајќи ме. Дури сега верувам дека кога и да е, еден ден навистина ќе престанеш да ме лажеш. Ајде, ѓезвето е крај огништето, да не ни истече „чајот“!

- Сигурно “чајот” веќе ти истекол – реков.

- Ако, не е важно за кого е речено, туку за кого е истечено!

И навистина, огништето веќе беше разбувтано, а покрај него „ѓезве“ од половина литар и едно плетено шише со „чај“ од „сливи-џанки“. Подгорец беше ненадминат мајстор за правење греена ракија од непрскани „џанки сливи“. Особено кога надвор е десет степени под нулата и сé е оковано под бел чаршаф.

- И, во што е маката? - прашав додека во ѓезвето го „карамелизираше“ шеќерот.

- А бе, ете така...ми се зажели некако душава да те видам, а и „начкртав“ нешто, па и ти да видиш дали некаде не сум ја претерал...ама и да ја доживееш оваа подгорска белина, за да не велиш дека ги филувам работите кога „шарам“ по нешто за зимата во моево Подгорие.

Ми подаде еден лист, некаков патопис, отчукан на машина, за неговите патувања во Шпанија.

- Го знам ова. Нели за тоа ми раскажуваше во возот додека лани патувавме кон Нови Сад на “Змаевите детски игри”?

- Ааа, тоа ли ? Не, на ова мислев. Остави го патописот! Види го ова! - ми подаде друг испишан лист.

- А, што е тоа? – прашав загледувајки се во напишаното.

- Знаеш, Љупчо Стојменовски е уредник на една полноќна радиоемисија во живо на Радио Скопје „ТРАГИ ВО ВРЕМЕТО“. Си ја слушал, нели? Е, не можам да го одбијам. Тој е добар човек, одамна сме пријатели. Ме замоли во почетокот на идниот месец да му бидам гостин, во живо. Ќе ми правиш и таму друштво, нели?

- Добро, здравје! И, што е сега?

- Па, еве, ми ги издиктира прашањава по телефон. Мислам дека точно ги запишав. А, ова се дел од одговорите на нив. Ајде, додека се загреваме, читни нешто, па ако имаш некоја забелешка, кажи!

- Но, штом е во живо, ти сигурно и ќе додаваш и ќе отфрлиш по нешто од ова, нели?

- А бе, при таквите интервјуа, јас никогаш и не читам, ме знаеш. Си говорам, онака, ама ова е некаков концепт, дали ќе е доволно? А, прашањата си се овие. Нема менување, ама јас ќе се водам при одговорите според нив.

Од тоа што ми го објасни, нешто разбрав, нешто не. Но, пивнувајќи одвреме-навреме од „чајот“ на „колешински“ начин и грицкајќи од печените костени, си ја завршив „рецензентската работа“.

- И... што ќе рече ловџијата за ова? - ме праша.

- За мене е добро! Без ниеден „испукан куршум“ дома ќе се вратам со „три зајаци“. Со торба костени, со литар „џанковка“ што не мрзне ни на минус 50 степени, но што е најважно и со „интервју во живо“ за мојата приватна архива.

- А, не! - скокна. Тоа начкртаново, не можеш да го земеш, ама кај Љупчо во Радиото на петти февруари ќе одиме заедно! Е, тогаш, понеси си го и диктафонот, па додека јас ќе „мелам“, ти „собирај го брашното“ или во торба или во вреќа, зависи колку многу јас и Љупчо „ќе ронкаме“ во микрофонот! Ама, немој тогаш ни случајно „да ме откачиш!“ – ми се закани.

Тој знаеше да ми биде многу лут кога ќе го „извисев“ за нешто што е ветено или договорено.

Таа вечер, по враќањето во Скопје, на трети февруари, дојде дури и од дома да ме земе.

- За секој случај, да не се акаш по автобусите, дојдов со „варбургот“ да те земам, а и заради дотка ти Софка, ја знаеш каква е! Та нели ти си ми „и виза и чек, за мој среќен престој во дваесет и првиот век?!“

Тоа со жена му, тивката и предобра дода (дада) Софка, е вистина. Кога бев со него, таа беше спокојна дека нема некаде да се заседне, или „да не го згреши“ патот до дома. Ама, за тоа друг пат.

Во Радиото стигнавме малку предвреме. Но, емисијата почна во определениот термин. Точно на полноќ. И течеше, токму вака:

- Драги слушатели – почна најавувачот. Во оваа емисија „Траги во времето“, ќе разговараме со истакнатиот македонски писател, Видое Подгорец. Својот работен век до пензионирањето тој го помина како истакнат и успешен просветен работник, книгоиздавател и новинар-уредник, претежно во списанијата и весниците за деца. Автор е на стотина книги: збирки поезија, раскази, новели, сказни, романи и драми. Вака исклучително плоден, тој е добитник на високи литературни награди и општествени признанија, а дваесетина негови дела се појавија и во превод на неколку странски јазици.Како што знаеме, вниманието на читателската публика особено го привлекува неговиот популарен роман „Белото Циганче“ како и обемната проза „Македонска голгота“.

Љупчо Стојменски: Почитуван Видое Подгорец, нашето долгодишно познанство и пријателство го исклучува меѓусебното персирање. Затоа, јас ќе ти се обраќам, на ти. Овој пат тоа го правам со голема буква, Ти. Ти си роден во селото Колешино, под убавата планина Беласица. Да позборуваме најнапред токму за Колешино, за Беласица, за твојот литературен псевдоним, Подгорец.

Видое: Интересно е што со тоа го започнуваме разговоров. Со името на Колешино е поврзано едно предание. Во нашата историја е познато дека во ово крај, во јули 1014 година, се случила

познатата трагична битка на Беласица меѓу војските на Цар Самоил и на византинскиот император Василиј, инаку наречен уште **македоноубиец.** Преданието кажува дека Самоиловата војска била нападната ноќе и голем дел од неа исклана на самото место. По тоа и селото го добило името **Колеж**. Подоцна од **Колеж** се преобразило во сегашното име **Колешино**. Како и селото **Водоча**, на западниот крај од Струмичката Котлина, каде што, пак, им се извадени очите на Самоиловите војници. Оттука произлегуваат имињата на овие две села. Инаку, сиот тој простор во подножјето на Беласица се вика **Подгор** или **Подгорие**, а луѓето што живеат во тие села се едноставно **Подгорци**. Оттука потекнува и мојот книжевен псевдоним **Подгорец**. Многуте воени пожари што беснееле подоцна, **Колешино** е горено неколку пати, истото е уривано и срамнувано со земјата под копитата на туѓи коњи, но исто така и упорно обновувано речиси на истото место каде што се наоѓа и денес.

ЉС: Какви ти се, Видое, сеќавањата за родното место, за детството и за раната младост помината таму, за времето кога ти се формираше како човек, така да кажам, на изворите на твојата животна врвица?

Видое: Јас малку ќе го растегнам одговорот на тоа мошне интересно прашање, бидејќи мислам дека оттука потекнуваат и подоцнежните инспирации на творештвото. Кога зборуваме за детството од една временска дистанца од половина век, често се доведуваме во заблуда и себеси и другите. Вообичаено е, како што и самиот знаеш, за детството да се искажуваме со најраскошни епитети дека е тоа најубавиот свет, златно сончева доба, безгрижен рај. Меѓутоа, не е токму така. Многу ситници што го сочинуваат тоа детство едноставно исчезнале од нашето сеќавање, се заборавиле и веќе не постојат. Затоа мислам дека со него често се манипулира во литературата, во уметноста, па и воопшто во животот. Кај повозрасниот човек, по малку заситен, по малку уморен од животот, којшто одамна ги изврвел тие далечни патеки и патишта, којшто го препливал тоа разбранувано море на животните проблеми, не постои веќе првичната возбуда за откривање на светот околу себе. Може да се каже дека сме стигнале на некаков брег, со релативно богат животен опит што сме го понеле со себе и трајно опстанало во нас. Но, тоа детство не било само среќно или само несреќно. Тоа си имало свој посебен свет, свое страдање, задоволства, минувало низ разни искушенија и дилеми, низ стравови и очајувања, имало светли мигови и горчливи часови, свои надежи, свои разочарувања, како впрочем целиот живот. Но, моето детство се одвиваше, течеше за време на големата војна, под окупација. Татко ми постојано војникуваше, де во една, де во друга војска, а сите туѓи. Ја делеше судбината на секој Македонец во тоа време. Зимите во трошната селска куќарка ни беа долги, гладни и студени. Подоцна, сеќавањата и спомените од детството од Колешино најдоа место во повеќе мои прозни книги со автобиографски призвук. Би ги спомнал само книгите со раскази: „Прости ми, канаринке!“, „Дрво на спомените“ и други.

ЉС: Чинам дека „Прости ми, канаринке!“е првиот твој објавен текст.

Видое: Таа е, всушност првата книга, а првиот текст под овој наслов е објавен

во 1954 година на страниците на „Репортер“, чијшто уредник беше ти. Всушност, ти го објави овој текст. Ете, како што гледаш, животот не е толку заплеткан. Пак се среќаваме на неговите врвици на повозрасни години. Моето детство, може да се рече, е поделено на два дела. Едниот дел се однесува на Колешино, на родното место, а вториот дел се однесува на Штип. Добар дел од детството и такареченото момчештво, го поминав во Штип, во учителската школа. Бев многу привржан со родниот крај, па тешко, дури болно ја доживеав средбата со градот. Тоа беше веднаш по завршувањето на војната, а јас тогаш немав ни 13 години. Кај луѓето владееше несигурност, страв, немаштија во секој поглед. Штип ми остана во грд спомен, како град во распаѓањето во тоа време, како последица од војната. Тој впечаток го засилуваше штипското предградие Ново Село, со тесните калдрмисани сокачиња, со плитарните и распукнати куќи што се надвиснуваа со закана дека во секој миг можат да паднат врз тебе, да те затрупаат.

ЉС: Учејќи во учителската школа, ти живееше во интернат. Како беше таму?

Видое: Приказната за интернатот е мошне долга и тажна. Интернатот беше место исполнето со разни детски судбини. Повеќето бевме селанчиња, главно од југоисточните краишта на Македонија. Сите во почетокот се чувствувавме некако збунети, исплашени и изгубени. Имав чувство дека тука беа најдени само нашите тела, без душите. Душите ни беа останати во нашите планински гнезда, по селата, по нивјето, ливадите, овошните, градини, лозја, потоци. Личевме на стадо овци без овчар. Живеевме во стара, веќе распадната зграда на рид. Војувавме со шуга, тафтаби, вошки, гладни и без топлина. Тоа беше во зградата над мостот на Отиња. Но, не беше и сé црно. Имаше и светли страни. Сите ние, тука научивме да го цениме животот. Станавме вистински другари, се научивме да бидеме одговорни за своите постапки во животот. Најпосле, нас нè подготвуваа за учители. Меѓутоа, за мене Штип одигра и една пресудна улога во однос на литературата. Во тоа време додека јас бев во интернатските простории, открив една стара, речиси веќе заборавена библиотека, со книги на повеќе јазици. За мене тоа претставуваше едно непроценливо богатство. Цели две години самиот си ги позајмував книгите од прашните полици на библиотека, а по прочитувањето исто така ги враќав на нивните места. Во тој однос, морам да спомнам, многу ми помогнаа двајца мои професори. Тоа беа Михаил Лозановски (биолог), прекрасен човек, којшто ми беше и класен раководител, како и Димитар Гугушевски, којшто ни предаваше македонски јазик и литература. На некој начин, тој придонесе да ја засакам литературата и да ја прифатам како животна определба. Јас, за овие денови поминати во Штип, имам поопширно раскажано во повеста „Првото писмо“, со што, на извесен начин им се оддолжувам на Штип и штипјани.

ЉС: Поминаа многу години откако живееш во Скопје. Дали навраќаш, поретко или почесто, повеќе физички или повеќе духовно писателски, во својот роден крај? Какви се книжевните резултати на тоа навраќање на писателот Видое Подгорец?

Видое: Има еден период во животот кога човек почнува да си ги возобнову-

ва спомените од детството и од раната младост.Тоа се сигурно зрелите години, на прагот пред доцната старост. Се чини дека секој ден под мракот на минатото, како да изнурнува некој спомен што дотогаш бил некако прикриен со правта на привидниот заборав. Не знам дали е тоа некој феномен или тоа им се случува на сите луѓе, па така, кога човек ќе стане свесен за минливоста на животот, за тоа дека чекорењето низ животот не е вечно, тој се враќа назад по веќе изодениот пат и таму повторно се открива. Се бара себеси низ случките и настаните, низ событијата и траумите што ги доживеал еднаш. Ги бара причините за подоцнежните последици што му се случиле во животот. Можеби во тие години се формира вистинската личност. Детето за тоа сигурно не е свесно, но зрелиот човек наоѓа многу нешта што го сврзуваат за тие корени. За мене, тие стивнати еха сега наоѓаат одгласи и на литературен план. Во последните неколку години, мене ме привлекува работата на таканаречените лирски записи, скици, новелети, песни во проза или, како сакате наречете ги! Нивните теми се некои мали, ситни случки, настани, ликови, слики, пејзажи, што самите од себе се раѓаат во сеќавањето. Ме возбудуваат и го привлекуваат сето мое внимание, и самиот се чудам понекогаш на нивната јавност. Ги гледам како на дланка, живи, полни со немир, па не ме оставаат на мира додека не ги забележам на хартија. Веројатно, човековиот живот ни допушта барем малку од малку да биде дообјаснат од разни агли и гледишта.

ЉС: Човечкиот живот го гони писателот.

Видое: Понекогаш навраќам во родното село, иако обврските не ми го дозволуваат тоа навраќање да биде почесто и подолго. Кога за тоа имам можност, останувам таму и по 2-3 месеци, обично преку летото. Но, морам да признам, дека ништо не е веќе како во детството. Сé се изменило, сé е поинаку, па дури и луѓето. Само уште првичните слики од детските денови ја чуваат бојата, мирисот, топлината, жуборот, па така и во мене се воспоставува, сепак, некаква рамнотежа, за доживувањето да не е толку болно и сиромашно. Јас дури ќе спомнам некои наслови на книги со кратки раскази, записи, поврзани со родниот крај и со сегашните навраќања. Имам и неколку необјавени книги, на пример „Малечок свет“, „Вечни огнови“, „Црни кокичиња“, и токму од последниот ракопис ќе ја прочитам насловната цртичка:

***

„Возот полека лазеше на една остра и мошне опасна кривина. Од едната страна на пругата се црнееше длабока клисура. Долу на нејзиното дно, застрашувачки бучеше надојдената река влечејќи во своите матни витли дрвја, камења и искршени санти мраз. Од другата страна се простираше некаква коса шумска рудина, овде-онде обраснатa со ретки кржлави дабови и габеричини грмушки. Некаде на средината на таа рудина стрчеа напукнати ѕидови на полу црвената куќарка, веројатно настрадана за време на војната. На местото на двата предни прозорци, беа распнати искинати черги и рогозини. Тенката снежна покривка на многу места беше разјадена, а под неа се гледаа црни крпи земја. Околината изгледаше мошне сиромашно, дива и пуста. Кога возот се израмни со куќарката, од неа истрча едно уѓол-гоѓо, црно

пет-шест годишно дете со кадрава коса. Патниците ги начичкаа главите на прозорците од вагоните, в чудо невидено, загледани во таа необична појава и мислеа дека сонуваат. Не знам зошто тука возот постоја минута-две. За тоа време уште неколку рошливи главчиња, со мамурливи од сон лица, се покажаа од урнатината. Беа развревани и весели како дроздолци. Зад нив, едно краставо маџаре со искината черга на грбот, спокојно и рамнодушно откинуваше корави лисја од дабовите прнари, останати уште од есента. Околу него се плеткаше стар, излинавен пес. По сé изгледаше дека во напуштената железничарска куќарка зимуваше некоја скитничка циганска черга.

- Гледајте луѓе, како да изникнале црни кокичиња. Снегот сè уште не ископнил сосема, а тие веќе се покажуваат над него- незлобно се пошегува некој од патниците. Децата весело мавтаа со раце, поздравувајќи ги љубопитните лица начичкани на прозорците од вагоните и пак се скрија во урнатините на својот волшебен царски дворец од сказните. По малку, локомотивата исцвили и возот одново тргна. Додека тркалата еднолично тропотеа по шините, јас размислував во себеси: Каква сила има животот? Тие жилави луковици на црни кокичиња, со некаков необјаснив инстинкт го насетиле приближувањето на пролетта, па се поддаваат над веќе нагризаниот снег, довикувајќи го сонцето".

ЉС: Тоа е одломка од проза или целосна сказна, приказна, расказ?

Видое: Тоа е запис од впечаток при едно мое патување. А, понекогаш, тие записи ги правам не во проза, туку во стихови. На пример, песната „Старата куќа" посветена на мојата родна куќа, што веќе не постои.

„Ден низ ден се разидува таа.
Камен по камен се рони.
Не оти дооден грофнат старец
ничкум кон земјата паѓа.
Но, внатре секоја нејзина педа
како црковен олтар е света.
Од секој агол скап и топол
по некој стивнат спомен се раѓа.
Наскоро сосема ќе ја скријат
повити и неизрежани лози.
На прагот нејзин ќе господари
по некој плашлив гуштер
или некоја подивена коза
ќе брести од зеленилото.
Низ пукнатините ќе се гонат
глувци и лебарки гладни.
А јас беспомошно ќе ја гледам
и долго, долго ќе страдам.
Горка печал ми тежи в гради
и вилнее бесно и диво,
небаре студени камени плочи
некој таму ми редел.
Но, чувствувам дека во урнатините
има стократно повеќе живот
одошто в сиот околен предел.
Но, живот скриен во спомените
за кои веќе враќање нема.

ЉС: Колеѓа Видое, пред да поминеме на прашањата од областа на литературата, да кажеме збор-два за твоите професионални, би ги нарекол егзистенционални животни дејности. Имено, учителствувањето и новинарувањето, што со нив?

Видое: Јас една третина од мојот работен век го поминав како просветен работник и како новинар во разни редакции. Бев учител, професор, директор на основно училиште, училиштен инспектор во некогашната Штипска Околија. Професионалната дејност не ми пречеше многу во областа на литературата, дури, на некој начин, ми помагаше во изборот на темите, во доживувањата на нови средби, предели, луѓе. Меѓутоа, тогаш бев принуден да се навикнувам да работам во хотелски соби, во Штип, Кочани, Струмица, Берово. Тоа беше еден испрекинат ритам на живеење. Но, со доаѓањето во Скопје, како уредник во „Детска радост", прво во „Титов пионер", а потоа во „Наш свет" и „Другарче", долго време се занимавав со новинарство. Таа професија е мошне интересна. Јас многу ја ценам, но бара многу време. Човек мора постојано да биде во дослух со поважните дневни настани. Треба да биде динамичен, брзо да реагира, а истовремено да биде и нов и свеж. Новинарскиот јазик се разликува од таканаречениот поетски јазик. Некои сметаат дека и му пречи на авторот, но јас таква опасност досега барем не почувствував. Мене ме привлекуваше репортажата, така што поголем број денови ѝ посветив нејзе.

ЉС: Познато е кај нас во литературата дека Видое Подгорец е автор на импозантно голем број книги. Предлагам самиот да сугерираш како да го класифицираме ова навистина обемно творештво за да дадеме една појасна слика за него. Освен по првичната поделба на литературата за деца и на литература за возрасни, да се определиме и на поделбата според жанрови и тематика.

Видое: Сум се обидел да пишувам во повеќе жанрови, но колку сум успеал во тоа нека кажат читателите и критиката. Меѓутоа, мислам дека во моето творештво можат да се видат два основни тематски пункта. Прво, детството, како основен извор на вдахновение. Тука не се разграничува литература наменета за деца и за возрасни. Велат дека цел живот човекот си го носи детството во себе, само што некој повеќе го изразува тоа, а некој го крие и се срами од него. И второ, историјата. Таа за мене секогаш била предизвик број еден. Нашата историја е многу богата со големи событија, настани и личности што до сè уште не се литературно дообработени и дооткриени. Јас во таа смисла се обидов низ неколку наслови да расветлам некои периоди од нашата национална историја. Колку за пример, ќе спомнам само некои од нив: „Аз буки веди" зборува за животот и дејноста на солунските браќа Кирил и Методиј, создавачите на словенската писменост и литература. Со „Карпошова буна" сакав да фрлам еден поглед на мрачниот период од отоманското владеење и на великанот Карпош, којшто со гола тупаница се кренал против една голема и моќна империја, којашто под своја власт држела огромни пространства, од Јадранското Море до пустинските песоци на Персија и уште подалеку. Па, со неколкуте повести **„Aj-**

дучка чешма“,„Земја на солзите“, „Сирма војвода“ и други, сакав да ја покажам непокорноста на македонскиот човек и неговата нестивната желба за слобода. Историските збиднувања пред, за време и по Илинденското востание, се тема на мојата пообемна историско-литературна хроника **„Македонска голгота“**. Централна личност во овој роман е легендарниот пиринski цар Јане Сандански. Тој е навистина и најчистата фигура на македонската историја од тој период-бескомпромисен борец, далекувид државник и благороден човек, надарен со сите доблести. Романот нуди многу повеќе отколку што досега е напишано и кажано за него. Овие книги што ги спомнав не се наменети за определена возраст читатели. Нив можат да ги читаат и деца и старци.

ЉС: Бидејќи, Видое, ти самиот си долго време присутен мошне активно во литературата за деца и ги познаваш нејзините појави, содржини, дострели и достоинства, љубопитно е да се чуе токму од тебе, каква е нашата македонска литература денес?

Видое: Нашата литература за деца, од ослободувањето до денес измина еден мошне трнлив и нерамен пат. Имаше години на проблесоци, на резултати, но имаше и застои, колебања. Домашните животни зајачињата и глувчињата, полека им отстапуваа место на нови, свежи, современи тематски подрачја. Колку што ја следам, таа е на едно завидно ниво. Можам да кажам дека некои автори од мојата генерација коишто веќе го заокружуваат својот опус, оставија неколку значајни дела во фондот на вкупната македонска литература. Но, исто така, радува фактот што имаше голем број помлади автори коишто го носат нивниот автентичен свет. Тие се, можеби, малку посмели, но и посвежи. Нивното интересирање е современиот, модерниот живот на денешното дете во урбаната средина. Постарите генерации го донесоа во нашата литература за деца, селскиот свет, руралната средина, природата. А младите, пак, го доградуваа амбиентот на градот и детето во него.

ЉС: Во твојот работен век и издаваштвото беше, исто така, твоја постојана литературна активност.

Видое: Што се однесува до литературата за деца, издаваштвото кон неа се однесуваше стихијно. Имаше години на позасилена, понагласена дејност, но и такви кога речиси ништо не се случуваше. Не сум сигурен, но можеби тоа зависело и од квалитетот на понудените ракописи. Понекогаш самиот, како делче од издавачкиот механизам, сум се чувствувал виновен поради немоќта да сторам нешто повеќе во тој однос. Но, исто така, можам слободно да кажам, ние со чесни исклучоци, не успеавме сé досега да воспитаме, да изградиме читателска публика. Децата сé уште се најмногуброjната публика. Дури имам сознание дека некои од нив тоа го прават по принуда, бидејќи мораат да ги прочитаат книгите што се задолжителен дел од воспитно-образовната програма, односно лектира. Од друга страна, пак, куповната моќ и на најдобрите љубители на убавиот збор е толку слаба, што не може да стане збор за купување нови книги. Меѓутоа, морам да го искажам и своето стравување за иднината на издаваштвото. Колку што ми е мене познато, државата не е толку загрижена за него, колку што би требало. Во прашање е си-

гурно нејзината финансиска моќ, друга причина не гледам.

ЉС: Да фрлиме еден беѓол поѓлед кон твоиѓе дела шѓо се преведени на сѓрански јазици и ѓаму издадени. Самиоѓ факѓ шѓо ѓолку многѓу твои ѓексѓови се чиѓааѓ и на друѓи јазици, секако значи и признание за нивнаѓа вредносѓ.

Видое: Има многу мои книги преведени на други јазици. Само во поранешна Југославија и во поранешниот Советски Сојуз има над триесетина. Тоа донекаде може да се објасни со фактот што повеќе наслови беа вклучени во задолжителната училишна лектира во сите поранешни југословенски републики. Засега, најмногу преводи имаат „Ајдучка чешма“, „Првото писмо“, избори за мојата поезија за деца, и се разбира, на чело е „Белото Циганче“. Не знам зошто, но имам информации дека овој роман е мошне популарен меѓу децата во тие земји каде што е преведен. Можеби за тоа придонесува и неговата тема. Таа е по многу нешто, космополитска. Ромите се сé уште недообјаснет народ, свет, една гатанка пред светот. Ги има по сите меридијани од Земјината топка, па интересот за нив е секогаш актуелен.

ЉС: Би сакал ли да ни кажеш нешѓо ѓовеќе за и околу„ „Белоѓо Циѓанче“.

Видое: Идејата за „Белото Циганче“кај мене се роди прилично одамна, уште во почетокот на шеесеттите години. Тогаш, на некој начин, таа идеја ја загатнав во расказот „Бреско“, што е објавен во книгата „Неспокојно детство“. Јас познавав многу Цигани. Тогаш зборот Роми не беше познат, па нека ми простат Циганите, бидејќи и самите се нарекуваа Цигани, Ѓупци, а и така ги викаа во светот. Тие доаѓаа при крајот на летото во селото за жетва и вршидба на ориз. Тие луѓе навистина ги поместуваа нашите тесни селски граници, многу подалеку отколку што можевме да видиме ние, неуки, затворени во маларичната котлина. За миг ги раскинуваа темните и густи облаци над ниското планинско небо и тоа небо се откриваше, станува-ше некако поведро, посветло, пошироко. Тие Роми, тие скитници, чергари, ги прошируваа нашите хоризонти, мешајќи го нашиот малечок свет со туѓиот, големиот, непознатиот. Сé ни беше некако интересно кај нив - нивните коњи, чудесните приказни, инструментите, облеката и предметите, за чиешто потекло дотогаш не знаевме. Тие беа наша врска со светот, еден вид подвижен мост. Тие доаѓаа како свежи ветрови да го растераат застоениот воздух и да донесат мириси на далечни, непознати, но убави плодови. А, пак, за тоа како настанаа вториот и третиот дел од „Белото Циганче“, бидејќи првин се појави првиот дел со наслов „Чергари“, имам една анегдота: Отидов во Москва на промоцијата на „Белото Циганче“. Таму, меѓу присутните, едно девојче што веќе ја имаше прочитано книгата, ме праша што станало понатаму со Мулон, со јунакот во романот, каде отишол тој воопшто, што се случило со неговата судбина? Јас реков дека не знам и дека не сум ни размислувал, едноставно дека тука завршува книгата. Тоа дури ми префрли. Ми рече: “Срамота е авторот да не знае што прават потоа неговите јунаци”. Кога се вратив, добро размислив за тоа и така се роди идејата да се направи „Белото Циганче“ како трилогија.

ЉС: Колеѓа Видое, дали ти самиот преведуваш литература од други автори?

Видое: Мене и професионалната работа, како уредник на весници и списанија, ме тераше понекогаш и самиот да преведувам, така што имам една активa, еден прилично богат опус преведени дела. Се разбира, јас преведував од словенските јазици. Од српската литература го имам преведено Јован Јовановиќ Змај, Душко Радовиќ и други современи поети, од хрватската Витез е интересен поет за деца, од руската Маршак и Есенин, од бугарската Каралијчев, доста интересен прозаист којшто во Европа е познат како многу добар автор за деца.

ЉС: Твоите патувања во светот. Презентирај ни нешто под тој наслов. Кажи ни некој твој воопштен патопис!

Видое: Јас во младоста често патував во светот и што се вели, за свој грош. Токму како светски патник. Бев во Италија, Франција, Шпанија, Португалија и тоа уште во времето кога таму владееше дитактурата на Франко и Салазар и кога тешко можеше да се добие виза на црвен комунистички пасош. Потоа го пропатував целиот Блиски Исток, Сирија, Јордан, Палестина, Иран, Ирак, Либан. Ги посетив светите места на христијанскиот свет - Ерусалим и Витлеем. Така и се роди една моја книга со патописна проза со наслов „Пустини и оази“. Овде сакам да посочам и на едно од претходните прашања во врска со новинарството и книжевноста. Според мое мислење, во оваа книга новинарството, а и стилската вообичаеност на текстовите се доближуваат до уметничкиот исказ. Колку е тоа така, не сум сосема сигурен, но некаде тие две работи се доближуваат, па и се слеваат една во друга. Патував и во некои земји во Африка. Со тоа патување се оствари дел од мојот сон од детството, во кој да признаам ни самиот не верував. Но, како што се вели, чудни се патиштата на човековата судбина. Покрај Египет, Етиопија,Уганда, Замбија и други африкански земји, подолго време престојував во Кенија, под снежниот Килиманџаро. Во тој чудесен континент, истакнат со крајни контрасти, сé привлекува, сé возбудува, и флората и фауната и пустините и џунглите и луѓето. Тоа е еден свет којшто има други размери, друг мирис, друга боја, сé друго. Од тоа патување настанаа и двете мои книги: повеста „Црниот пантер“ и патописната книга „Писма од Африка”. Колку за информација, ќе спомнам дека повеќе од половината повест ја напишав во еден хотел во Најроби. Во неа се обидов да го прикажам животот на едно од четириесет и седумте (47) кениски племиња, Масаите, во времето кога Африка била резерват од кој белците ловеле црно робје и го продавале како добиток, по големите морски пристаништа ширум светот.

ЉС: Предлаѓам да се осврнеме на темата: Македонија денес. Како ја ѓледа нашата земја, држава и нација писателот, Македонец, Видое Подѓорец?

Видое: Ете, на едно сосема обично прашање тешко можам да одговорам, но барем ќе го кажам своето мислење. Неискажлива е радоста и неизмерно е задоволството кога човек ќе се почувствува свој на своето. Со чинот на осамостојувањето на Македонија како независна држава, се оправдаа и илјадниците жртви што ги даде, нејзините, како што обично се вели, најдобри и

најверни синови и ќерки. Таа е, се разбира, сé уште кревка, недоградена. Јас од политика многу не се разбирам и не ми е сосема познато како ќе се одвиваат понатаму работите. Демократијата кај нас тешко се пробива. Под нејзината маска, неа уште повеќе ја комплицираат многубројните политички партии. Толерантноста сé уште не постои по мерка на цивилизациските барања. Тешко е човек да се определи за некоја. Мојата единствена партија досега била и ќе остане Македонија. Сите оние што мислат прво на сопственото благоутробие за лична корист, тоа се лажни патриоти. За да опстанеме во ова драматично време, во коешто во секој момент очекуваш да се случи најстрашното, и кога никој од соседите не игра со отворени карти, треба сите да имаме многу разум, стрпливост, меѓусебно разбирање, основна толеранција, откажување од многу нешта што не можат веднаш да се стават на софрата. И, којзнае уште што?! Од мој аспект размислувајќи како творец, постои некое непишано правилно дека писателот е и треба да биде будната совест на својот народ. Се согласувам дотолку што писателот тоа треба да го прави не со извикување пароли, туку низ својата литература. Јас за себе сметам дека сум доволно и политички и општествено ангажиран со книгите, како што се „Македонска голгота“, “Карпошова буна“ и други, а зошто да не го споменам и „Белото Циганче“. За војната во „Белото Циганче“, речиси никаде не се зборува, но таа е присутна за сето време додека читателот ја држи во раце. А и сите тие судбини во книгата, односно на еден дел на луѓето од чергата, се резултат на војната, на нејзините трагични последици и мислам дека нема неангажирана литература.

ЉС: На крајот од емисијава и вообичаеното прашање: На што работиш сега, Видое Подгорец? Какви планови имаш, доколку, се разбира, не е тоа творечка тајна?

Видое: Творечката тајна секогаш излегува на бело-видело, зашто нема што да се крие. Во последните години ме преокупира сказната како литературен вид. Таа е мошне стара, но секогаш го привлекува вниманието на младите читатели, на децата. Покрај неколку веќе објавени збирки, меѓу кои „Сребрениот меч“ и „Изгубеното царство“, кон крајот на минатата година подготвив уште три нови книги. Во основата на некои од нив лежат настани и личности од нашата историја, но и од историјата на други, подалечни народи. Очекувам дека би требало да се појават во текот на оваа година, ако сé биде во ред со финансиските можности на државата. Мене ми е, исто така, блиска природата, па често се нурнувам во неа и ја користам и како амбиент и рамка за своите книги. Нејзиниот свет ми е посебно драг. Привршувам една повест во којашто се раскажува за животот на еден дивојарец што се одвива во пазувите на дивината. Тој свет е многу интересен и привлечен за луѓе што се родиле во неговата непосредна близина. Мислам дека природата дава неограничени можности за искажување.

ЉС: Драг колега Подгорец, да ја завршиме емисијата „Траги во времето“ со една твоја музичка желба и со објаснување зашто токму таа музика ја избираш и ја сакаш!

Видое: Јас се определив за „Летот на кондорот“. Не знам зошто, но ми оставила многу силен впечаток. Мислам дека

во звуците што се излеваат како воздушни витли над дивите Анди, се насетува некоја огромна желба да се допре неможното, да се стигне до совршенството. Таа е едноставна, но токму поради тоа, е и многу потресно убава музика. Оној што ја создал, веројатно сакал да го покаже вечниот човеков копнеж кон недостижното.

ЉС: Ти благодарам за твоето учество во емисијата „Траги во времето“!

Видое: Благодарам и јас на вниманието и на честа што ми ја укажавте!

(Емисијата е емитувана на 3.2.1994 година)

***

Не знам колку интервјуа има дадено Подгорец додека беше жив, за разните списанија и весници за деца и млади, за радиото и телевизијата и за културните рубрики во дневните весници и списанијата за литература. Но, чинам дека во ова интервју, во емисијата „Траги во времето“ на Радио Скопје, што ја уредуваше Љупчо Стојменски е едно од неговите најисцрпни и најверодостојни негови искажувања што го отсликуваат и како човек и како творец во разни периоди од неговиот живот.



Георги Кончалиев, Дојран

ПРУГА

ПРУГА

Дубравка УГРЕШИЌ

(Хрватска)

КОНФИСКАЦИЈА НА КУЛТУРАТА

Есеј што авторката го прочита на собирот „Музеализација на Југославија“ на 2 декември 2018 година во Домот на младите во Белград, во организација на Музејот на Југославија и платформата за современа уметност “Киоск”.

Овој текст сакам да го посветам на мојот голем пријател, неодамна починатиот Горан Стефановски, кој во своите драми, а особено во своите есеи, ја опиша таа состојба на егзил во којашто се најдовме сите по распадот на Југославија, без разлика дали навистина си заминавме, ја напуштивме земјата, или останавме во неа. По падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година, сите се веселевме. Само будалите се веселеа две години подоцна, подигнувајќи ѕидови. Тие будали беа Хрватите, Србите и сите други по ред.

Приказната за Шехерезада е една од најсуровите приказни за убавината, важноста и виталноста на уметничкиот исказ. Таа говори за односот на уметникот и власта, сугерирајќи дека самиот чин на создавање е чин на отпор. Таа, потоа, ја пренесува и пораката дека нема автентичен уметнички чин без личен ризик. Иако е една од најстарите, легендата за Шехерезада тешко дека ќе биде сместена во редот текстови за уметничкиот отпор, можеби затоа што во срцето на таа метафора стои жена, којашто раскажувајќи приказни го спасува сопствениот живот, но и животот на идните жртви на мизогиниот шахријарх. Можеби happy end приказната ја компромитира сериозноста на Шехерезадиниот отпор. Имено, по раскажувачкиот маратон што трае 1001 ноќ, шахријархот се заљубува во Шехерезада, раскажувачката и нејзиниот потенцијален егзекутор остануваат да живеат заедно. Шехерезадината победа истовремено е и нејзин најголем пораз. Шахријархот, барем така вели приказната, одамна се откажал од идејата да им ги сече главите на жените, но мизогинијата, видете, и понатаму цвета.

Митовите и легендите за уметничкото создавање најчесто се романтични, иако тоа не може да се каже за животната практика. Уметникот ги нарушува божјиот ред и законите и затоа мора да биде казнет, а казната е потешка ако тој уметник е жена. Во чинот на создавање, уметникот несвесно се натпреварува

со самиот Бог. Уметничкото создавање подразбира рушење на воспоставениот ред на вредности, естетски, морални, политички и воспоставува ново видување на светот. Современите креативни индустрии ги избришаа овие романтични флоскули, заменувајќи ги со флоскули за прагматичниот и разбирлив облик на уметничкиот успех.

Се родив во мало место недалеку од Загреб, во Хрватска, во некогашна Југославија. Детството го паметам како репресивна норма на околната средина, како време на изложеност на терор, во популарните општи вистини. Во разбирливата желба своето дете да не го издвојуваат од таа средина, моите родители премолчено ја поддржаа таа норма. „Кој во средината седи, три дукати вреди.“ Оваа популарна вистина значеше дека е најдобро да си во средината, значи, просечен. Приспособувањето на нормите во средината беше најисплатлив и најсигурен животен избор. „Кој високо лета, ниско паѓа.“ Значењето на оваа поговорка ги поткаструваше моите крилја и истовремено ме плашеше и привлекуваше. Поговорката „Не бори се со рогатите“ поучуваше на покорност, признавање сила на посилниот и покорување на сите облици на власт. Во средината во којашто растев, не беше потребно да се крене гласот: „Молчењето е злато.“ Молчењето, лицемерството и лагата беа начини да се избегнат секакви неволји.

За разлика од мојата околина, животните избори на моите родители сепак го нарушуваа владеењето на златна средина. Мојот татко, како седумнаесетгодишник, на почетокот на Втората светска војна им се придружил на партизаните. По војната градеше светла иднина, општество во коешто ќе нема гладни, понижени и презрени, а зад себе остави скромно купче безвредни ордени што му се доделени за преданата работа за изградба на социјалистичка Југославија. Се заљубил во мојата мајка, туѓинка, во тоа опасно и за среќа, краткотрајно време кога врските со странци се сметале за државно предавство. Инстинктивниот отпор кон теророт на средината којашто полна со правоверна самосвесност вопоставувала морални, етички и други норми, љубовта кон родителите коишто сакале или не, и мене ме обележиле со инаквост, и мојата рана страст кон книжевноста, беа мој патоказ.

Грчки митови, партизански легенди, холивудски митови и бајки, особено бајката за храбриот младич Данко, варијанта на комунистичкиот Исус Христос. Тој го извадил од градите сопственото срце за да го осветли со него патот и на сончевата светлост да изведе некои сиромашни луѓе од мрачната шума. Тој скромен културен пакет во мене ги зацврстуваше првите координати на доброто и злото. Денес ми се чини дека растев и живеев во едно време и наеднаш се најдов во друго. Во секој случај, денес бајката за храбриот младич Данко би предизвикала потсмев, кој патем речено и самиот автор Максим Горки го антиципирал. Имено, штом излегол на сончевата чистина, некој подмолен злосторник го прегазил Данковото пулсирачко срце како жаба.

Културата на срцето одамна е истисната од културата на парите. Вистините што ги познававме се срушени и заменети со нови. Само во малата Хрватска каде што сум родена, срушени се

и девастирани три илјади споменици подигнати во знак на сеќавање на југословенското движење на отпорот, на партизаните. Денес војска неквалификувани историчари работи на бришење на антифашистичката историја и озаконување на поинакви историски верзии. Полскиот институт за национална меморија, на пример, со бројните грижливи вработени работи на тоа да отстрани секаква вина од колективната свест на полските граѓани, од националната историја и од историските учебници. Полското судство е ставено под целосна контрола на владата, а полскиот сенат одобри такананаречен *Закон за холокаустот*. Тие што ја користат синтагмата „Полски логори на смртта“ можат да бидат судски гонети, велат, бидејќи на окупираното полско тло биле подигнати нацистички логори на смртта, со кои невините Полјаци немале никаква врска.

И во Хрватска, како и во Србија, многумина грижливо работат на тоа злосторниците од Втората светска војна, како и оние новите, од минатата војна да се беатифицираат, крадците и пљачкашите да се ослободат од обвинувањата, Јасеновац, концентрациониот логор каде што локалните нацисти, усташи, ги убивале домашните Евреи, Срби и Роми да се прогласи за работен логор во кој, по завршувањето на Втората светска војна, злите комунисти ги погубиле затворениците, за вината да се префрли на невините Хрвати. Денес, во срцето на Европа, во Босна и Херцеговина, децата одат во етнички поделени одделенија: во хрватски, српски и во бошњачки. Учат иста историја и ист јазик од сосема различни учебници. Вести за многу слични практики протекуваат од Унгарија, Бугарија, Грција, Литванија, Чешка, Словачка, Македонија, од европскиот север и југ, од европскиот исток и запад и се слеваат во понорот што полека, но сигурно ги подрива идеолошките и етичките темели на коишто почива Европа, таа којашто никна на рушевините на Втората светска војна.

Мојата покојна мајка цел живот ја прогонуваа сликите што ги видела 1946 година патувајќи со воз од Софија, преку југот на Србија и Белград кон Загреб. „Сè беше срушено“, говореше, секогаш со истото неверување и секогаш со истите воздишки. Со таа реченица не беа приложени фотографии и јас не бев во можност да ја замислам реалноста што ја опишуваше таа реченица. Денес, дваесет години по минатата војна, и називот во меѓувреме успеа да се вкорени во јазикот – дека минатата војна 1991 – 1995, денес значи веќе дваесет години живеам во рушевини, но сепак пописот на штети сè уште никој не го воспоставил. Не се знае колку луѓе се убиени, колку се исчезнати, колку раселени, колку се економски уништени, колку железнички пруги, патишта, болници, цркви, училишта и споменици се разрушени, колку книги се запалени. Никој не испорача сметка. Властите во повеќето поранешни југословенски државички не ги интересира ниту едното, ниту другото, ниту испорака на сметката, ниту обнова. Нив ги интересира одржување status quo, хибернација на состојбата помеѓу војна и мир, помеѓу девастација и обнова. Нив всушност ги интересира просецот на разурнување slow motion. Затоа, меѓу другото, судските процеси траат со години. Затоа куќите додуша се обновуваат, но нивното вселување се одложу-

ва со години и секогаш нешто клучно недостасува: покрив, врати, прозорци. Затоа реформите се највуваат, но не се спроведуваат. Затоа воените злосторници, убијците и крадците не се осудуваат. И ако добијат казна, тие не завршуваат во затвор. Затоа животот во рушевините е процес, состојба што трае, затоа што само така тие коишто го предизвикаа рушењето, тие коишто го поддржаа, тие коишто баш ништо не направија за да го спречат, можат да опстанат. Тие луѓе како да не се луѓе. Тие се составни делови на машините за уништување, машините за самоуништување.

Во што е привлечноста на фашизмот и неговите бројни облици, коишто денес ја натопуваат Европа како мастилото на сувите записници. Привлечноста лежи во тоа што за фашизам не треба квалификација, ни гаранција, ниту потврда за некакво специфично образование и знаење. Привлечноста на фашизмот лежи во група исти такви какви што сме самите. Во прифаќањето, во насилството што една група го врши над друга. Во лесно индуцираното чувство дека сме подобри од другите, дека конечно сме подобри, дека да се биде подобар, види, не бара многу, само иста крвна група и подготвеност на насилство над оние коишто немаат. Во Водице, туристичко место на Јадранското Море, при крајот на април оваа година, хрватските доброволци или учесници во претходната војна, брутално го уништија цветниот насад во локалниот парк. На храбрите хрватски бранители им се причинило дека цветниот насад има провокативен облик на агресорската петокрака. Црвената петокрака како комунистички симбол, на хрватското население делува како мулета на бикови. Како што тврди градоначалничката, цветниот аранжман претставувал цвет со пет ливчиња, а не петокрака ѕвезда.

Кон крајот на октомври оваа година, загрепскиот фотограф Роберт Гојевиќ во загрепскиот парк *Максимир* постави изложба на 12 зголемени фотографии. Изложбата беше омаж на Иван Стандал, загрепскиот фотограф кој прв го овековечи *Максимир*. Изложбата требаше да патува по другите хрватски паркови. Фотографиите се искасапени само неколку часа по поставувањето. Неколку дена подоцна, на почетокот на ноември годинава, сплитски пијаница се настрвил на редок преостанат споменик на иконата на партизанското движење, Раде Кончар. Спомениkот неочекувано лесно се срушил и паднал врз пијаниот вандал, скршувајќи му ја, наводно, ногата. Вандалот заврши во болница, што беше прилика на новинарите да им раскаже дека немал ништо против човекот (мислејќи на Раде Кончар, стрелан 1942 година). Тој рекол дури и дека не го познава, но начелно не поднесувал Срби, партизани и комунисти. И така од ден во ден и еве, помина четврт век.

Избрав три случајни неодамнешни детали. Можев да изберам кои било три други. Секој е обележен со некој облик на насилство. Насилството стана мерка на нормалноста. Политичкото оправдување за убиства, кражби и брутални насилства, како пијаниот јадник којшто мрази Срби, комунисти и партизани, или бедниците на кои цветните насади им се привидуваат како петокрака ѕвезда, во меѓувреме стана сосема неважно. Во некој миг сè може да стане облик на насилство: тетатарската претстава и

нејзиниот режисер, книжевното дело и неговата авторка, фотографот и неговите политички невини фотографии. Фашизмот ја сака празнината. Фашизмот ја сака смртта. Можеби затоа на испразнетите, изгорени, оголени, девастирани места никнуваат сè побројни, сè погрди и помонументални споменици на таткото на хрватската нација, Фрањо Туѓман, првиот хрватски претседател. Најновиот, наводно е висок четири и пол метри, а кога ќе се додаде постаментот ќе биде висок седум метри. Тука се и називите на улици, паркови, институции, аеродроми, плоштади...повеќето го носат името на Фрањо Туѓман, што само го потврдува катастрофалниот дефицит на други содржини. Изборот на симболичната содржина, а тоа е Туѓман и само Туѓман, ги укинува сите дилеми околу изборот. Изборот на едниот е Свето писмо. Една црква, една религија, една идеологија, една раса, една класа, сè тоа едно е прибежиште на неписмените.

Софофобија е, велат, страв од знаење и учење. Кај многу мои сонародници забележувам апатија, летаргија, нападен недостаток на љубопитство, употреба на стереотипи, одбивање да се слушне што било што излегува од ним познатите рамки. Одамна усвоеното знаење дека Земјата е кружна денес полека се враќа на уште поодамнешното, дека Земјата е рамна плоча. Оваа ригидност први ја забележале стручњаците коишто на аматерите, уредниците на Википедија, се обиделе да им го скренат вниманието на неточноста и грешката. Нивните приговори обично не биле прифаќани. Анонимните незнајковци коишто се дограбиле за моќната интернет територија, обично останувале упорни во своето незнаење и контролата на тоа незнаење, иако во почетокот го тврделе спротивното. Катастрофалниот пад на образовните стандарди започна со распаѓањето на Југославија, со национализмот, со масовното отпуштање новинари, лекари, судии, сите кои се (барем така беше во Хрватска) по националност Срби, коишто не се Хрвати, бивши комунисти или просто луѓе критични кон мафијашко – коруптивните структури на новите држави.

Падот на сите стандарди започна со непотизмот, со огромната моќ на црквите, со законот според кој, предност при вработувањето имаа Хрватите, доброволците, децата на доброволците и родољубите, коишто не значи дека се стручњаци. Таа страшна класа неписмени најкратко и најпрецизно ја опишува Михаил Зошченко во неговата сатирична приказна „Аристократка“ од дамнешната 1923 година. Григориј Иваниќ е домар, водоинсталатер и ја опишува својата кратка и неуспешна врска со една аристократка, којашто ја носи на театарска претстава. Зошченко ја исмева таа бројна класа луѓе која со револуцијата донесе и револуционерен популизам, свои идеи за културата, убавината, образованието, животните и другите вредности. Секојпат кога ќе ја видам таа нова, постјугословенска фашистичка класа, којашто е облечена во брендирана облека, одбрано разубавена со козметички интервенции, со пудлици коишто редовно ги носат на театарски премиери, присутни на сите модни ревии, отворања изложби, во медиумите, во рубриките за славните....кога ќе ги видам претставниците на таа класа како суверено ја оценуваат театарската прет-

става, книгите, изложбите, се сеќавам на Григориј Ивановиќ и неговата реплика: „Ако жената носи шешир на главата, ако на нозете има хулахопки, или ако носи муф или има златен заб, таква аристоратка и не е жена. Таа е ништо."

Во Загреб, во октомври 2018 е отворена изложбата „Археологија на отпорот – откривање збирки на културната опозиција во социјалистичка Хрватска". Изложбата е остварена во соработка со Хрватскиот институт за историја и Хрватскиот државен архив, а во состав со европскиот проект COURAGE, што би требало, велат, да биде кратенка за Културната опозиција - разбирање на културното наследство на несогласување во поранешните социјалистички држави. Прва на листата на учесници во проектот COURAGE е Будимпешта, со најголем број свои научни институции, дури три, што некако навестува дека, ако дојде до општа поплава, само унгарската верзија на историјата ќе остане вистинската, затоа што Унгарија ќе биде во статистичка предност над другите. Тука се: Вилнус, Прага, Букурешт, Загреб, Братислава, потоа факултетските институции од Оксфорд, Даблин и Регенсбург. Проектот обилно го финансираше Европската Унија. Кустосите на изложбата беа водени од големата идеја дека секој отпор е едноставно отпор и дека опозицијата е просто опозиција, дека сите тоталитаризми треба да се изденачат, што е, патем речено, најагресивна, најглупава и најлажлива идеолошка флоскула во постјугословенската идеолошка зона и пошироко.

Ваквиот пристап ја промовира идејата дека човечката историја е куп ѓубре на кое и онака сите ќе се најдат, цитирам: „емигранти, верници, дисиденти, праксисовци, младинци, уметници, феминистки, цензори, идеолози и удбаши", затоа што на крајот сите сме исти, и добри и лоши, и прави и криви, и Исус Христос и Хитлер. Според тоа, секој отпор е бесмислен, затоа што сите ќе завршиме како куп коски што некоја од идните идеологии ќе настојува да ги помири. Занимливо е што католичката црква, најсилната институција на Хрватите, не приложи протестна нота во врска со фактот што нејзината икона, бискупот Алојзије Степинац, кој го поддржа усташкиот режим, денес е на истиот куп историски отпад со Тома Готовац, хрватски концептуален уметник кој во своите перформанси сакаше да се соблекува гол и да се бакнува во загрепскиот асфалт.

Овој најсвеж пример на хрватскиот историски ревизионизам, чијашто стратегија е упорната дестигматизација на усташкото движење, усташката независна држава Хрватска и нејзиниот злогласен лидер Анте Павелиќ, негирањето на постоењето нацистички логори во Хрватска, како и негирањето на злосторствата што Хрватите ги правеле во текот на претходната војна, нѐ враќаат назад во друго време и на друг географски простор. Акцијата за напад на мастердамскиот регистар на население во 1943 година, којашто имала за цел уништување на пописите на населението, според кои нацистите би можеле да ги идентификуваат Евреите, остана врежана во колективната свест на Холанѓаните како светол пример на отпор кон нацистичкиот терор. Група уметници ги заложиле сопствените глави за да ги спаси животите на своите сограѓани. Секако, постои и онаа втора, темна историја, историја на

колаборација. Случајот Ана Франк ги обединува двете истории - светлата и темната. Ана Франк е приказна за отпорот, но и приказна за предавството. На сајтот на Музејот на отпорот, Верзетс музеј во Амстердам, посетителите ги пречекува недвосмислено прашање на повеќе јазици: „Нацистичка Германија ја окупираше Холандија. Што ќе направите вие?“ Има три можности, три одговори, три копчиња на кои посетителите можат да притиснат: Adapt, Collaborate или Resist, односно да се приспособиш, да соработуваш или да пружиш отпор.

Кога во 1991 започна војната во расклатената Југославија, јас притиснав на невидливото копче – Resist (да пружиш отпор). Тоа беше личен, можеби непромислен, но секако автентичен отпор на глупостите и лагите, протест против оние многубројни срамни стратегии со кои идните крадци и убијци настојуваа да ги уверат граѓаните на Југославија дека војната е нужност и дека не постои друга опција освен братоубиството. Неколку години подоцна, кога напуштајќи ја својата земја се најдов во Холандија, некој (овде читателите нека ми простат на непростливото што ќе се слизнам во самосожалувачко себефалење) го препознал мојот гест на отпорот и ме наградил со наградата *Версисӣрајс* во 1997 година. Тогаш наградата сè уште постоеше, а беше во знак на сеќавање на холандските уметници коишто, во времето на нацизмот, ги дале нивните животи за одбрана на своето човечко достоинство, но и на достоинството на своите сограѓани. Ова неочекувано холандско добредојде, ме натера да ги распакувам куферите и во Холандија да го основам мојот втор дом. Наградата, за жал, веќе не постои. Јас сум нејзината последна добитничка. Сега знам дека тие замислени копчиња се притискаат импулсивно, како што знам и дека повеќето луѓе во нивните историски сознездија најчесто го избираат копчето *Присӣособување*. Победува инстинктот за преживување, а преживувањето, велат, гарантира приспособување. Занемарливото малцинство ќе притисне *Оӣпор*.

Уверена сум дека интелигенцијата, едукаторите, професорите, уметниците, книжевниците, научниците, новинарите и многу други избираат дали ќе се приспособат, дали ќе соработуваат или на отворениот, камуфлиран и секаков друг терор, ќе дадат отпор. Копчињата за приспособување, соработка или отпор ја одредуваат културата во којашто живееме (политичка, книжевна, уметничка, образовна, медиумска култура на секојдневниот живот), но и каква ќе биде културата буквално утре. Таа култура, со којашто сме соочени како со сопствениот одраз во огледалото, бившите Југословени ја живеат веќе цел четврт век, но сè уште не успеаја да ѝ смислат име. Во помалку чувствителни политички времиња оваа култура можеби би се викала постфашистичка, или неофашистичка. Денес, со целосна свест и одговорност на интелигентното демократско мнозинство, таа култура најчесто се означува како популистичка.

Зборот **популизам** е избран за збор на 2017 година. Популизмот може да се преведе како владеење на неписмените. Некаде, на некои новинарски страници каде што известуваа за изложбата „Археологија на отпорот, откривање на збирката на културната опозиција во социјалистичка Хрватска“, блесна и лице-

то на куратoрот на изложбата, момче со невино тркалезно лице и син поглед што не изразува ништо, како и млада жена на чиешто лице камерата улови незгодно лукав израз. Додека ги набљудував тие правоверни, мазни лица, ме погоди мислата дека тоа се тие, ангели на смртта, дека тие се и моите идни егзекутори, оти токму така и изгледаат. Тие се инфилтрирани во значајните државни институции, во државните архиви, во меѓународните мрежи, завидно финансирани од бројните комисии во коишто работат исти такви ангели, и со нивните невидливи крилја ќе расчистат и ќе исфрлаат во ѓубрето сè што е за фрлање, сè што не служи никому, за да можат сè заедно, сите човечки напори да ги исфрлат на еден куп. Пред студените неба нема ни прави, ни криви и сите наши напори се залудни. Ги набљудував фотографиите на двата млади ангели со рамнодушни лица и се прашував уште колку ги има... десетина, стотина, стотина илјади?

Се запрашав зарем не ми е веќе страв и...пред да го најдам одговорот, во мене тивко заѕвони рефренот од Храбаловото ремек-дело „Бучна самотија“, за небесата што не се хумани. Храбалов Хант, начитан осаменик, отпадник на јуродивите, веќе 35 години работи во собиралиште за стара хартија. Од хидраулични преси ги пресува отфрлените книги, а потоа од нив создава уметнички дела, пакети за пример, настојувајќи секому да му даде свој потпис, во секого да вгради срце и не му паѓа на памет, во пресуваната хартија заедно да ги стави Кафка и Хитлер. Кант во неговата 35-годишна работа бил опкружен со книгите, живеел во бучна тишина, бил нежен месар, како што вели и самиот. Вистината е дека небесата не се хумани и затоа утеха треба да се бара во сочувството и љубовта. Со други зборови, ракописите не горат. Фрлени на кладата, книгите, кога веќе луѓето не се во состојба, се смеат со тивката смеа на отпорот.

Превод од хрватски јазик:

Сузана Мицева

Јануш ПАСТЕРСКИ

(Полска)

СВЕТОТ КАКО ПРЕДИЗВИК

Глоса кон есејот на Часлав Милош

Занимавањето со есеистиката е ризична работа. За обичниот читател тоа се екскурси, комплицирани, сомнителни, химерични што го напуштаат традиционалниот модел на читање. Тие се афикционални, афабуларни, а истовремено не создаваат содржина, каква што имаат романот или расказот. За истражувачите и љубителите на научните трактати пак, ваквите дела се во голема мера ослободени од ограничувања и прецизности, како и од скици. Во тој контекст тие се сметаат за еден вид записници што не би требало да ја напуштат фиоката на писателот. Или поинаку – тоа може да биде реторта во книжевната лабораторија во која, тукушто се кристализира самиот карактер на новата материја.

Вака или онака, пишувањето есеи се поврзува со состојбата на евентуалното свесно разбирање со мал број читатели. Помислуваме, кој е читателот на есеи и што тој бара во нив? Земајќи ја оваа квестија во крајна линија, може , на пример, да се прифати, свесниот механизам на јазикот, значењето на формите, ограничувањата поставени преку неопходните видови и жанрови. Неговиот интерес за есејот може да биде и последица на исцрпеноста од прописи и конвенции, исто така отвореност кон реализација на транс-жанрови – оживотворени, небанални и свежи. Но, се замислувам, себеси – читател кому не му е доволна фабулата на делото и неговиот фикциски костим. Во најголема мера го инспирира духовниот живот на писателот, размислувањата и рефлексиите, борбата со јазикот, традицијата, колективната свест, како и личните ограничувања. Исправен пред „текстот“ за читање, самиот писател станува сведок на своето време, опсерватор и креатор. Во неговите запишани мисли пронаоѓаме затворена стварност, како и кристални трошки, изобличени, прочистени од неважни работи, истовремено едноставни и синтетични. Таа друга перспектива, ми се чини е поблиска до моделот на читање на современите есеи. Пишувањето есеи е секако плод на зрелите години, ефектот на покренување на впечатоците, отстапува место за длабо-

ки размислувања, а книжевните конвенции не се доволни за да се дофатат и истражат рефлексиите што се раѓаат. Не случајно во својата форма, есејот оди до затворање на значајни животни етапи, истакнување на искуствата или дефинирање на уметничката свест. Есејот го отвора пред писателот целото свое интелектуално пространство, дозволува да се носи незаменлива градба во којашто се крие сржта на авторовите мисли, како и деликатна конструкција. Истражувачите на есејот забележуваат дека и покрај сè, популарноста на овој жанр расте во време на раскол или културна криза, што само го потврдува заклучокот дека неговата посебност е во неговиот рефлексивен и нагласувачки карактер.

Во едно такво историско опкружување, како животно искуство, се развива творештвото на Часлав Милош, чиешто огромно дело не може да се замисли без збирките: *„Заробениот ум“, „Семејна Европа“* или *„Поглед преку заливот Сан Франциско“*. Овие книги не служат само за одбележување на вековната полска книжевност, тие се сраснати длабоко во нашата свест, ни помогнаа да откриеме многу за минатото и да се носиме со предизвиците на денешницата. Своите први есеи, Часлав Милош започнува да ги пишува за време на војната. Ги нарекува „окупациски“ и подоцна ги објавува под наслов *„Приватни обврски“*, а по неколку години ги објавува во книгата *„Современи легенди“*. Го фаворизира времето на војната и окупацијата во еден таков обид за мерење со илузиите на светот, цивилизациите и природата на човекот. Триесетгодишниот Милош тогаш има јасна свест за крајот на дотогашниот модел на европска култура и цивилизација. Во писмото од 22 август 1942 година упатено до Јежем Анжејевски (Jeżem Andżejevskom) пишува:

Злото против коешто можев да се бунтувам, се манифестираше само во својата слава и ги надмина сите анализи и очекувања. Повеќе не мора да се следи и да му се покажува маската на човечките очи. Тое е опипливо, блиско и без зборови, има предност. Според тоа, сите мои напори се насочени кон градењето на непознатото утре барем да биде основа кон новиот системски сомнеж што би можел да донесе неколку вредности коишто вреди да се штедат и развиваат.[1]

Во наведените зборови се крие сржта на делата на поетите од тоа време – гестот на раскинување со утопијата на современието со поддржувачка митологизација што на крајот го откри „тешкиот мрак“. Стварноста на военото време го утврди Милош во основата, во средиштето на неверувањето, на дистанца од идеологијата и сите принципиелни страсти кои повеќе требаше да бидат немир и сомнеж, отколку ентузијазам или акцептација. Говорејќи за окупациските есеи со илузија на европскиот дух, поетот покажува каде, според него, се појавуваат карактеристиките и пукнатините во најблагородните идеи и налети, во прагматичното и религиското поимање на светот. Сигурно, во тоа време се кристализирани методолошките темели на неговата критика на културата, сопствениот канон на прашањата

1 Cz. Miłosz, *Legendy nowoczesności. Eseje okupacyjne. Listy-eseje Jerzego Andrzejewskiego i Czesława Miłosza*, Kraków 1996, s. 162-163.

на коишто подеднакво ќе се навраќа во идните есеи, но и во песните. Доволно е да се присетиме на текстот *„Спасение“* објавен 1945 година во кој, поетот одлучно се пресметал со книжевноста на епохата, нејзиното ангажирање и тенденцијата за митологизација. „ Ако сè во тебе е трепет, омраза и очај – објаснува во уводот на “варшавските есеи“ (или окупациските есеи) во томот *“Приватни обврски“* – пишува со избалансирани реченици, совршено мирни: *промени се во бестелесно битие, гледајќи ги телесните и сегашните случувања со огромна дистанца“*[2]

На тој начин настанаа двата најдобри поетски циклуси од тој том: *Гласот на бедните луѓе* и *Свет* (наивна поема). Настанува некакво пополнување на таквото критичко решение, но дури во 1999 година авторскиот избор на меѓувоената публицистика *„Авантура на дваесеттите години“*, во која писателот го демитологизира меѓувоениот мит и се потсетува на сета сложеност на тековните искуства.

Како што забележува Анжеј С. Ковалчик (Andžej S. Kovalčik), есеите на Часлав Милош имаат изразена автобиографска дименизја и претставуваат сведоштво за развојот на писателовата личност.[3] Следните томови есеи во одреден степен одговараат на најважните периоди од неговиот живот и го претставуваат исклучително широкиот развој на покренати прашања. Милош – поетот се преобразува во Милош – мислител, грижлив набљудувач на сегашноста којшто како надарен со одредена историска совест – се обидува да се мери со проблемите на светот во секој аспект, дали епистемолошки, аксиолошки и метафизички, или историски и општествен. Патот дотаму се обидува да го води и преку личните искуства – потеклото, јазикот, даденото време, местото на случувањето, контактот со другите. Субјективизмот во овој пасус има одлучувачко значење, бидејќи како ефект го дава вистинското сведоштво, макар поединечно, но сепак единствено можно. Според Милош, пишувањето есеи не е краток или случаен преглед, туку посебна форма на водење дискурс во допир со деталите. Неговите томови есеи не се крути книги за покренување на која било тема, туку во секоја смисла доследна целина чијашто конструкција останува подредена на сеопфатните проблеми. Писателот не ги опишува само нештата кои го интересираат, туку размислува, ги расветлува од многу аспекти, честопати соочувајќи се повеќе со сомнежи, отколку со сатисфакција и сигурност. Оттука, субјективниот тон на овие текстови е единствена перспектива од ваков вид, бидејќи е со поддржана стратегија на учесник и сведок на сите значајни случувања на дваесеттиот век. Гласот на Милош е моќно вкоренет во сегашноста, слично како и неговото бегство од посебното кон индивидуалното искуство, неспоредливо и немерливо со искуствата на другите, трагични и неповторливи. Тоа обележување на епицентарот и изненадувачки широката дијагноза ја основа полската интелигенција во релација на политички промени во повоена Полска. *„Заробениот ум“* што ја донесе проширената алегориска слика на

2 Cz. Miłosz, *Legendy nowoczesności. Eseje okupacyjne. Listy-eseje Jerzego Andrzejewskiego i Czesława Miłosza*, Kraków 1996, s. 162-163.

3 A. S. Kowalczyk, *Kryzys świadomości europejskiej w eseistyce polskiej lat 1945-1977 (Vincenz – Stempowski – Miłosz)*, Warszawa 1990, s. 125.

идејните конверсии на писателот, беше во тој контекст возможен и означен со стигмата на актуелноста (подоцна дојде до промени на некои, овде опишани основи). Авторот не се служи со конкретни презимиња, туку со криптоними што имаат цитирани животописи што ја прават целината сложена и веродостојна. Дури и ако над делото на Милош стои приговорот за неговата непосредност и своевидно ограничување на перспективата, тоа по неколу години станува нешто повеќе од механички опис на сталинистичкото во општеството и во личниот живот на елитата. Денес *„Заробениот ум“* не го читаме ниту со политички емоции, ниту со употреба на биографскиот клуч (тропата „сензација“ општествена и на другите). Таа книга веднаш добива димензии на парабола што е предупредување пред идеологизација на книжевноста, подлегнување на емоции и илузии за коишто треба да се плати со уметничка и животна димензија. По издавањето на *„Заробениот ум“*, Часлав Милош брзо сфаќа дека треба да се пронајде противтежа на преголемата заплетаност на дискурсот во политичка конотација. Треба, исто така, да запаметиме дека цело десетлетие на педесеттите години за писателите беше исклучително тешко, како на приватен, така и на уметнички план.

Сведоштво за тоа се томовите есеи: *„Семејството Европа“* (1958), *„Континенти“* (1958) и *„Човек меѓу скорпиите“* (1962). Во нив ги пронаоѓаме најдобрите особини на есеистиката на Милош, почнувајќи од поврзувањето на деталите до индивидуалното биографско и потенцирање на широкиот контекст на случувања, а завршувајќи со ерудиција, леснотија и длабочина. Милош им ја открива на читателите сопствената духовна биографија што се доживува не само како приказна за епохата на која ѝ беше предвиден крај, туку и како форма што е должност на писателот. Да го разбереш сопственото време, значи, во тој случај да се разбереш себе, да го откриеш сопствениот корен, да погледнеш кон себе како кон некој друг, како концеквенца – низ самиот себе да покажеш дел од историјата на одредена заедница. Погледот кон внатрешноста е за возврат средбата со Северна Америка, со нејзините минато и сегашност, со монументалната природа, но и со искуството на припадниците на современата цивилизација. Во триесет и трите есеи што го сочинуваат томот *„Поглед преку заливот Сан Франциско“* (1969), Милош – Европеецот, интелектуалец гледа на Америка од максимално задржана дистанца, со висока свест за сопствените различности што му говори дека ништожноста е првото, наједноставно и најголемо основно чувство. Ги поставува и прашањата за нештата коишто се во контекст на идејата за насоката во којашто се движи напредокот на цивилизацијата, за состојбите во културата или состојбата на поединецот. Оценката на поетот не е позитивна, бидејќи опсервацијата на стварноста го носи спознанието за соодносот на десакрализацијата на светот и изолацијата на човекот. Кризата, односно, религиската наобразба му ја одзеде на човекот една од важните точки на гледање, без којашто културните основи стануваат опасно кревки. Вековите на револуции, војни, откритија и реформи, според неговото мислење, доведоа до ситуација во којашто сигурноста или надежта стануваат замолчени од сомнежот и колебањето.

Најширока основа на гледиштата на Милош даде книгата *„Земјата Улро“*

(1077), ремек-дело на дваесетгодишната есеистика, книга без која тешко може да се замисли сликата на современиот свет во неговата духовна криза. Во предговорот на збирката, Јузеф Сађик (Juzef Sađik) прецизно забележува дека нејзината основна конструкција (...) прашањето: што се случи со европската култура во нејзината „романтична криза", кога се раскрстуваат патиштата на заедничкото наследство – живеат човечки вистини и студените објективни права на науката"[4] Во препознавањето на рационализмот на европската култура и губењето на метафизичките корени, духовната криза се изразува со силата на чувството за лишување од наследството, губење на смислата и надежта во осветувањето – очајот. Немаше ништо во таа потрага по алтернативна формула, што е извор на социјално исчезнување на верските санкции, а обновата на традиционалниот модел на фантазија, едноставно повеќе не е возможна. Во орбитата на есеитиката на Милош, покрај веќе познатите прашања, поместени се исто така историско-книжевни, јазични и историски сеќавања до коишто авторот се враќа, особено во последните години. Вреди да се споменат збирките: *„Приватни обврски" (1972), „Градина на науката" (1979), „Почнувајќи од мојата улица" (1985), „Сведоштво на улицата" (1987), „Метафизичка пауза" (1989), „Кученце на патот" (1998) или „За патувањата низ времето"* (2004). Милош го задржува својот карактеристичен индивидуален аспект и поради различни причини е вклучен во суштинските дела на познатите писатели, аргументира, суди, но и се сомнева. Ја чува интензивната љубопитност на светот. Без разлика дали е тоа проблемот на полскиот јазик, преку медитацијата карактеристична за теолошкото, манихејско или идејно-општествено, авторот на *„Метафизичка пауза"* бара непроменлив одговор на постојаните прашања за формата и редот на современието, смислата на индивидуалното дејствување и неговото значење за иднината. Гледана од таа перспектива, на есеистиката ѝ е неопходно дополнување со Милошевата поезија, таа е еден вид развој директно во јазикот, што јасно блеска во епитетите и метафорите во неговите песни. Би можело да се каже дека се раѓа од истиот оној екстатичен однос кон светот што го пронаоѓаме во делата на поетот. Во нив се крие ненаситност, воодушевување и страв, но над сè, љубовта кон светот којашто во неговите чувства е: „Светот е премногу убав за да не почувствувам потреба да го осознаам директно, без бегање, до писателовите измами – пишуваше еднаш во еден сесј, потенцирајќи ја постојаната подготвеност за борба со жанровските ограничувања и истовремено изразувајќи го својот однос кон стварноста која нè опкружува.[5] Всушност, за поетот и есеистот, светот е најважниот предизвик со кој отсекогаш посакувал да излезе на крај, бидејќи само при средбата на човекот со сиот универзум на постоењето се раѓа смислата што може да им се спротивтави на хаосот и ништожноста.

Превод од полски на хрватски јазик: Олга Лалиќ-Кровицка

Превод од хрватски на македонски јазик: Ана Витанова - Рингачева

4 J. Sadzik, *Inneniebo, innaziemia* [w:] Cz. Miłosz, *ZiemiaUlro*, Paryż 1985, s. 10.

5 Cz. Miłosz, Życie na wyspach, Kraków 1997, s. 7.

Здравка ЕФТИМОВА

(Бугарија)

КРВ ОД КРТ

Во мојата продавница доаѓаат малку клиенти. Ги разгледуваат кафезите на животните и обично ништо не купуваат. Просторот е тесен, покрупен човек нема каде да се заврти, насекаде се протегаат жаби, гуштери, црви. Доаѓаат учители коишто добиваат комплет експериментални животни за часовите по биологија, се појавуваат и рибари за да буричкаат во кутиите со мамци. Ќе ја затворам продавницата, не можам да ги покривам загубите. Но, така се приврзав со таа глупава собичка, со мракот и мирисот на формалин. Најмногу ќе жалам за гуштерчињата коишто имаат очиња колку зрна леќа. Не знам што прават со тие плашливи суштества, се надевам дека не ги убиваат после презентациите.

Еден ден во продавницата влезе една жена. Беше мала, свиткана како купче снег на пролет. Се доближи до мене. Во мојата темница белите раце ѝ наликуваа на мртви риби. Не ме погледна, ништо не кажа, само ги потпре рацете на пултот. Сигурно не беше дошла да купи нешто, едноставно ѝ се слошило на улицата. Се залула малку, како што беше слаба можеше да падне ако не ја фатев за раката. Таа молчеше. Воопшто не личеше на моите купувачи.

- Имате ли кртови? – наеднаш праша непознатата. Очите ѝ светнаа како стара искината пајажина со мало пајаче на средината – зеницата.

- Кртови ли? – подзастанав. Требаше да ѝ кажам дека никогаш не сум продавала ниту сум видела кртови. Жената сакаше друго да слушне – погледот ѝ гореше, рацете ѝ се протегаа кон мене. Знаев, не можам да помогнам.

- Немам! – кажав. Таа воздивна, потоа наеднаш се заврте настрана без да каже збор. Беше свиткана, очајно се обидуваше да го задуши разочарувањето во бесшумните чекори.

- Еј, чекајте! – викнав. Можеби имам кртови.

Не знам зошто го реков тоа. Таа застана и ме погледна.

- Крвта од кртот лекувала – прошепна жената. Треба да испиеш три капки.

Ме фати страв. Мака ѝ ги длабеше очите.

- Барем болката малку попуштала - шепна таа, а потоа гласот сосем ѝ згасна.
- Вие ли сте болна? – прашав, без да помислам со каква дополнителна тежина ја мачам.
- Синот.

Брчките околу прозрачните капаци затреперија. Рацете тенки како суви гранки се одбија од пултот. Сакав да ја успокојам, да ѝ дадам нешто, барем чаша вода. Таа се џареше во подот, рамењата ѝ беа тесни и уште повеќе се свиткуваа во темносивото палто.

- Сакате ли вода? – Ништо не кажа. Кога ја зеде чашата и отпи, мрежата брчки околу очите посилно ѝ затрепери. Ништо, ништо, се разбрборев. Не знаев како да продолжам. Таа се заврте и подгрбавена се упати кон вратата.
- Ќе ви дадам крв од крт! – вреснав.

Жената застана. Ја крена раката кон челото и не ја тргна.

Побегнав во задната соба. Не мислев што правам, не ми беше важно што ќе ја излажам. Внатре во мракот ме гледаа гуштерите. Немаше од каде да земам крв. Немав кртови. Жената напред чекаше. Можеби сè уште не ја беше тргнала раката од очите. Ја треснав вратата за да не гледа. Си ја пресеков дланката со ножот што секогаш го чував во фиоката со моливи и хартија за пишување писма. Од раната полека почна да потекува крв. Не болеше, но се плашев да гледам како се исцедува во шишенцето. Се надобра малку, како да блескааа јаглени. Излегов од малата задна соба, побрзав кон жената.

- Ете ви! - реков. Ова е крв од крт.

Таа не проговори, се загледа во мојата рака од којашто сè уште се тркалаа крвави капки. Го ставив лактот зад грбот. Жената ме гледаше и молчеше. Воопшто не посегна по шишенцето. Се заврте кон вратата. Ја престигнав, па ѝ го ставив шишенцето во рацете.

- Од крт е! Од крт е!

Полека го зеде шишето. Внатре како догорувачки оган блескаше крвта. По малку извади пари од искинатата чанта што одамна ја беше изгубила бојата.

- Не, нека е! – реков.

Жената не ме погледна. Ги фрли банкнотите на масата и тргна кон вратата. Сакав да ја испратам, или барем пак да ѝ дадам вода пред да си отиде. Чувствував дека не ѝ требам, никој не ѝ требаше. Останав сама во продавничката. Од кафезите ме гледаа животните. Како и секогаш.

Есента продолжуваше да го полни градот со магливи денови исти како близнаци, со непотребните пожолтени лисја на дрвјата. Наскоро требаше да ја затворам продавницата. Таа жена можеше да се врати. Знаев дека само ќе молчи. Тешко дека синот ѝ ќе се спасеше со крв од крт, а јас сепак ја излажав. Беше мразно надвор. Луѓето брзаа покрај излогот на мојата продавничка, и само малите деца застануваа да ги погледнат препарираните животни. Немав купувачи по тој студ.

Едно утро вратата нагло се отвори. Таа, малата женичка, влезе внатре. Се затрча кон мене. Сакав да се скријам во блискиот темен агол, но ме фати. Ме прегрна. Беше многу слаба и лесна. Плачеше. Ја здржав да не падне, толку кревко изгледаше. Одненадеш ми ја подигна левата рака. Белегот од раната беше исчезнат, но таа го откри местото. Ги залепи усните на дланката, солзите ѝ ми ја влажнеа кожата на раката и ракавот на сината работна облека.

- Тој оди! - извика жената и ја скри со дланката несигурната насмевка.

Сакаше да ми даде пари. Носеше нешто во голема кафеава троба. Ме држеше за раката, не сакаше да си оди. Чувствував дека е напната, малите прсти ѝ беа поцврсти и не трепереа. Ја испратив, но таа долго стоеше на аголот, мала и насмевната на студот. Потоа улицата опусте. Ми беше убаво во продавничката. Толку сладок ми се пристори стариот, прост мирис на формалин. Животните беа прекрасни и ги сакав како деца.

Уште истото попладне пред пултот во темната собичка дојде човек. Висок, свиткан, исплашен.

- Имате ли крв од крт? – праша, очите ги впери во моето лице и не трепнуваше. Неговиот поглед ме исплаши.

- Немам, никогаш овде не сум продавала кртови.

- Имаш, имаш! Мојата сопруга ќе умре. Само три капки. Ми ја фати левата рака, присилно ми ја крена дланката и ја свитка.

- Три капки! Инаку ќе ја изгубам!

Крвата ми течеше од раничката. Мажот го држеше шишето, капките бавно се спуштаа на дното. Тогаш човекот си замина и остави пари на масата.

Следното утро толпа народ чекаше пред вратата на продавницата. Во рацете држеа мали ножиња и малечки шишенца.

- Крв од крт! Крв од крт! – извикуваа, викаа, се туркаа.

Секој имаше тага дома и нож во раката.

Расказот е влезен во учебниците за средните училишта во САД.

Бојан БАБИЌ

(Србија)

ПИСМО 14

За ѓлетките, состојбите и врелата Нела

Најдраг мој Ле Корбизје,

Помина целиот вчерашен ден, а не ти напишав ниту една реченица. Мојата приказна за Бордел и друштвото на мртвите уметници коишто ги погребав забетонирани во вечноста, ме остави во дилема. Не знам дали ова пишување писма што ќе останат непрочитани може да ми помогне да сфатам зошто сево ова се случи, да создадам една барем малку целовита слика за својот животен потфат, за себе, да дадам на сè некаква смисла, макар таа била дополнителна конструкција, наказна рационализација, одбранбен механизам. Се сомневам дека од ова ќе се создаде нешто барем малку согледливо, особено затоа што следат настани кои уште повеќе ги замаглуваат нештата, наместо да ги прават појасни.

Сепак, ќе продолжам. Проектот *Парнас* заслужува да влезе во сеќавањето, макар бил апсурден, макар не водел никаде. По последната ноќ, поминатa пред бетонските уметници од околните села и гратчиња, доцна се разбудив. Уште тогаш ми се чинеше дека почнувам да го губам линеарното доживување на сопствениот животен тек. Нештата се случуваа на прескок, на препад. Ноќе живеев еден живот. Преку ден друг. Ноќе парнасував. Дење го градев *Парнас*. Ноќе ги набљудував уметниците, и обраќајќи им се ним, разговарав со самиот себе. Дење ги набљудував руините. Иако вредно работев, твоите куќи, твоите павилјони, твојата капела и твојот манастир полека се претвораа во урнатини.

Но, секое утро, кога се будев, како да не продолжував со работата таму каде што вчера сум застанал, туку како да почнував секогаш отпочеток. Она што вчера сум го направил, денес повеќе го немаше. Или ќе се појавеше нешто непосакувано, нешто што никогаш не сум го направил. Како некој да доаѓа, да урива и да гради по своја волја. Ме збунува. Не ми дава да напредувам. Не ми дава ни да се откажам. А секоја ноќ, мојата група парнасовци седеше во амфитеатарот на мојот прива-

тен манастир, собрана, како да дебатира молчејќи. Онака мртви, тие го правеа ова брдо живо. Наутро ги немаше. Сè што остануваше се мачките коишто ми се плектаат околу нозете и ми ја мочаат постелнината. Таа смрдеа повеќе не можеше да се испере. Не можам да ја подредам хронологијата. Единствено на што се сеќавам се глетките.

Лежам под силното септемвриско сонце на својот покрив од трева. Го пуштам младиот, неискусен гуштер да ми прије, да премине преку мојата врата. Го пуштам да ми ја грицне ушната ресичка. Станувам земјата на покривот на туретскиот манастир. Стојам под Триумфалната порта. Гледам кон Парнас. Не се помрднувам цел ден. Сонцето минува и ги поместува сенките на недовршените објекти по правливата земја. Сонцето ги турка сенките. Ги тера да побрзаат. Тие патуваат кон исток. Кон мене. Drang nach Osten! А потоа замираат во мене. Се претвораат во ноќ. Се тресам од студ под тенкиот покривач. Се обидувам да се натерам да заспијам. Не можам да заспијам. Никогаш не спијам. Само по час-два. Или ми е жешко, или ми е студено. Никогаш не е онака како што треба. Покривачот е прекраток. Ми студи или на стапалата, или на главата.

Покрај трите тополи зад Роншанската капела пронаоѓам неколку џиновски мравјалници. Ги спалувам. Црната војска се повлекува во пламен, во елемент. Ги слушам мачките како полудени се парат со весели, пеколни крикови, иако не е февруари. Ги бројам годовите вцртани во бетонските столбови на мојот манастир. Ја утврдувам староста на дрвото што е исечено за да се направат од него штици за градежни работи. Забележувам дека заноктиците ми се раскрвавени, а ноктите валкани. Плускавците пукаат. По којзнае кој пат го читам твоето *Патување на исток*.

„Да сум рибар или трговец долж брегот на оваа река, јас, по малку во кинески манир, побожно би изделкал од дрво бог кој би бил оваа река и на кого би му се клањал. Би го ставил на носот на бродот да се смее и зури неодредено пред себе, баш како што правеле во норманските времиња. Мојата религија, пак, не би била религија на теророт: би била ведра, но над сè полна со обожување.“ Ми чкрипат колената.

Од непцето исцицувам кисела мешавина од крв, гној и плунка. Да сум свој соговорник, не би се приближувал многу до себе. Би се гадел од сопствениот здив. Работам на дожд. Не ми пречи. Цапам по калта полн со ентузијазам и верба дека Парнас ќе биде завршен до крај. Не се осмелувам ни да заспијам. Клекнувам пред забетонираната биста на Бордел. Ја положувам својата глава на местото каде што претпоставувам дека би можело да биде неговото ледено рамо. Го прегрнувам. Конечно ги прифаќам неговите допири што повеќе ги нема. И како да поминале сите горки ставови за светот, сите внатрешни револуции коишто општеството не ги забележало. Се случи вакуум, се случи предвремен меѓупростор помеѓу тешките болести што беснееја во минатото и сите коишто во иднина ќе се манифестираат како ништо. По многуте посети на суштествата од сите мои светови, се претворам во шепот, во органска нематерија. Клекнувам и плачам пред колената на сите мои љубови. И немам што да кажам. Немам што. И сè

така. Сеќавање на глетките и на состојбите. На прескок. На измама.

Едно утро сепак нешто се промени. Нешто беше поинаку. Не знам кој ден беше тоа. Се чинеше дека веќе дошол крајот на октомври или почетокот на ноември. И покрај тоа, беше зачудувачки топло. Се чувствував силно и здраво. Станав одлучно, предавајќи ѝ се на необјаснивата желба да слезам во градот по повеќемесечната самоизолација и напорната работа што даваше непотполни и променливи резултати. Сепак, и такви кави што беа, резултатите значеа некаков напредок во изградбата на Парнас. Имав желба да ги објавам пред сите и, врз основа на нив, јавно да барам поддршка за продолжување на работите. Поверував дека можам да го кренам гласот и граѓаните ќе ја сфатат важноста на ова мое залагање и дека ќе извршат притисок врз властите и тие да се ангажираат на завршетокот, да ми помогнат само малку, да ме поттикнат... и јас ќе направам чудо. Се облеков, се измив со ледена вода од чешмата, со крупен чекор поминав покрај незаинтересираните граѓани коишто седејќи на мали столчиња и понатаму читаа весници, слегов од Парнас и брзо стигнав до надвозникот преку кој улицата води кон М. Преминувајќи преку пругата, се обидував да се сетам дали некогаш под мене поминал воз. Сеќавањето ме издаваше. Со рацете се фатив за жицата украсена со мртовечки глави. Го припив своето тело до оградата што убива. Кога бев мал, сите момчиња го правеа тоа, освен мене. Конечно и јас бев храбар без никаков повод и цел. Ништо лошо не се случи.

И покрај внатрешниот полет што и мене самиот ме изненади тоа утро, сепак чувствував мало треперење, страв од градот и луѓето коишто минуваат по неговите улици. Не сакав кој било да ме праша што правам и како сум. Сите тие веќе добро знаеја дека сум обичен лудак којшто престојува на Парнас и не може да се приспособи на светот каков што е. Со тоа нивно знаење беше загаден воздухот што го вдишував. Не можев да побегнам. Пред да се упатам кон Општината, некој чуден нагон ме натера да го посетам татко ми. Морав да проверам дали е сè уште жив. Вресок на усилена навреденост. Тропање по вратата. Забрзани, ситни чекори. Големи, нервозни гради, пети, потскокнуваат. Штикли, десетки, остри, заканувачки. Мали колена што молат за слобода, за висина. Црвена, кожена торбичка. Долга, црна коса. Бес и незадоволство.

Тоа беше врелата Нела. Иако сè уште млада, веќе беше јунакиња на градските легенди за пропаднатите златни младичи и разорените бракови. Додека демонстративно маршираше од куќата на моите родители, мрмореше нешто како: „Стар слепец! Што мисли тој?“ Одјури надвор, не обрнувајќи внимание на мене. Кога внимателно се пикнав во дневната соба, го видов татко ми, остариот Профа, како седи, само во стари гаќи, опуштен на фотељата, гледа во празно. Ми се обрати:

- *Нела! Нела душо, добро е што се врати. Имам пари. Имам. Остани! Ќе ти дадам. Ќе ти дадам сè. Ти си ми сè сега. Ајде. Ќе ти дадам. Нема ни да те пипнам. Пушти ме само да те гледам. Немој никогаш повеќе така да си одиш. Никогаш! Дали ти е јасно? Ќе се убијам ако си заминеш. Тоа ќе го направам. Ќе*

се убијам. А ти би се потресла баш многу. Ќе ме најдеш, ќе ги земеш парите од паричникот и ќе излезеш како никогаш да не сум ни постоел. Баш многу би се потресла. Знам јас.

Најдраг мој пријателе, мојот роден татко со ширум отворени очи зјапаше во мене, и не виде ништо. Би рекол дека само ги препознаваше движењата.

- *Ајде, соблечи се! Соблечи се, само за мене!*

И порано имаше проблеми со видот, поради високото ниво на шеќер во крвта, но таа појава во меѓувреме очигледно напредувала до сериозен дијабетес и вистинско слепило.

- *Ајде, што чекаш сега?*

Викна и од џебот извади банкнота од десет евра. Стоев сам пред него. Неговиот став и изразот на лицето беа став и израз на човек којшто моли за живот. Татко ми ме молеше за живот, како некој чувар во логор, обидувајќи се емотивно да ме подмити. Заплака. Знаеше дека набрзо ќе умре. Му беше жал за бедниот живот што го водеше, или за некој друг, помалку беден живот што никогаш нема да стигне да го проживее. Заплака и го притисна копчето play на музичкиот уред што му се наоѓаше на дофат на рацете.

- *Играј!*

За првпат го видов одлучен. Првпат го видов како наредува, особено мене. Се почувствував беспомошно, како да ми удрил шлаканица. Сфатив дека сета политичка филозофија, критичка историја, култура на сеќавањето можеби придонесува за разбирање на причините за насилството што се случило во минатото, и дека сета психологија, социологија, сиот општествен активизам, можеби придонесува за борбата против насилството коешто се заканува дека ќе се случи во иднината. Но, кога шлаканицата без никаква најава ми влета кон лицето, тогаш не помогна ништо. Се препуштив на ненадејниот агресивен авторитет на татко ми и почнав да ги движам колковите лево-десно во ритамот на музиката.

- *Тоааа, Неличке! Ајде, љубов моја, ајде, ајде! Ајде она нашето! Соблечи се, полека!*

Татко ми се тресе од трема и возбуда додека наредува. На усните му се собира скрама од дехидрација. Јас стојам пред него и се виткам. Се чудам што ми е непријатно како што би требало да ми биде.

- *Знам јас што сакаш ти. Знам што сакаш. Еве, еве ти!*

Од џебот на панталоните што висат преку дрвениот раб на фотељата татко ми ги вади однапред подготвените банкноти. Фрла една на подот.

- *Ааааајде, сегаааа!*

Татко ми ‹ржи низ забите. Ја откопчувам кошулата, од која повеќе ни перењето со најагресивни средства не може да ги отстрани дамките од цемент и фасадна боја. Ја фрлам на подот. Татко ми не гледа ништо. Татко ми го слуша секој шум. Татко ми фрла уште една банкнота.

- *Тоа! Тоа! Дај уште! Ајде понатаму!*

Се оближувам. Ја слекувам маицата и останувам гол до појас. Пред ова суштество не чувствувам никаква нелагода, никаков страв. Како да сум сам

пред огледало. Се смирувам за миг. Татко ми прошепотува:

- *Оди до крај!*

Без глас и приговор ги слекувам фармерките и гаќите. Останувам во чорапи, гол, ослободен од сè во оваа претопла просторија. Слепецот ме гледа само во облеката. Како што поминува животот, луѓето ја користат секоја можност да ја отфрлат облеката од себе, да отфрлат сè од себе. Смртта не прима несоодветно облечени луѓе.

- *Играј, играј за мене!*

Татко ми напамет прави движење со раката кон комодата, ја засилува музиката. Стара народна мелодија. Хармоника, добош, женски трилери. Татко ми невешто плеска со дланките. Се придвижувам во складен и примитивен ритам. Играјќи вака гол како излегувам од животот во нешто друго. Како повторно да се ослободувам од светот, од себеси. Правам ситни чекори, па покрупни скокови, колку што ми дозволува оваа просторија. Со силните раце ја исцртувам музиката по загреаниот воздух.

- *Ух, никогаш не си била подобра! Колку те сакам, Нела. Да не си ми ти, веднаш би умрел овде. Биди тука, блиску до мене! Легни малку! Сакам само да бидеш малку тука, покрај мене.*

Легнувам на каучот спроти фотељата. Ја чувствувам застоеноста на овој, со децении непроменет мебел. Ја препознавам маснотијата на перницата, маснотија од главата на татко ми. Сепак, пријатно е. Се губи секоја човечност во мене, а со неа и свеста за времето.

- *Ох, Нела! Да имав во животот жена каква што си ти, не би жалел да умрам сега. Не жалам да умрам сега. Нела, ти си ангел божји.*

Го набљудувам своето тело. Заклучувам дека сè уште е солидно формирано. Рамењата се доволно силни, пошироки од колкот, а количината сало на стомакот не ја надминува имагинарната црвена линија на наказност. Сепак, тежнеењето кон аморфност лесно се воочува. За некоја година, ова тело ќе биде стандардна грдотија на светот, мислев тогаш. Бев во право.

- *Нела, ти си ангел божји! Ма, ти си мојот бог!*

Од својата машка уста испуштам заводлив, врел женски глас, гласот на Нела:

- *Нема бог!*

Татко ми не го интересира космичката вистина. Единствената негова вистина е присуството на женска кожа во негова близина, само мирисот на младоста, само уште минута живот.

- *Ух! Ух! Ух! Ти си мојот бог! Ух!*

Додека татко ми воздивнува, ја набљудувам белината на неговите шашливи очи. Syрењето на слепите луѓе во висина, надежта во небески пресврт, што ли, насмевка со којашто се искажуваат и стравот и сите останати емоции, тоа нешто помеѓу овој и замисленият, оној свет, тоа е она поради коешто му ја допуштив оваа невидлива претстава, оваа измама без поента. Впрочем, татко ми е задоволен, така што ова и не беше некоја измама. Станувам од каучот. Со раката мавтам веднаш пред носот на

татко ми. Тој не реагира. Човекот е потполно слеп. Овие ненаспани белки не можат да ги видат, но можат да ги предупредат другите на своето присуство. Екстазата на татко ми и стенкањето предизвикано од близината на отсутната топлина на Нела и голотијата, претходат на наглото паѓање во сон. Некое време не дише. Тоа не ме загрижува. Потоа внимателниот слушател можеше да го чуе шиштењето низ носот и полуотворените усни.

И во сон, слепецот не ги затвора очите до крај.

Превод од српски јазик: Иван Шопов

Данило КИШ

(Србија)

СОВЕТИ ЗА МЛАДИОТ ПИСАТЕЛ

- Негувај го сомнежот кон владејачките идеологии и принцови!
- Држи се подалеку од принцовите!
- Внимавај говорот да не си го загадиш со јазикот на идеологиите!
- Верувај дека си помоќен од генералите, но не срамнувај се со нив!
- Не верувај дека си понемоќен од генералите, но не срамнувај се со нив!
- Не верувај во утописките проекти, освен во оние што сам ги создаваш!
- Биди подеднакво горд кон принцовите и кон толпата!
- Имај чиста совест во однос на привилегиите што твојот писателски занает ти ги носи!
- Проклетството на твојот избор не смешувај го со класната опсесија!
- Не биди обземен со историското итање и не верувај во метафората за возовите на историјата!
- Не качувај се во "возовите на историјата", оти тоа е само глупава метафора!
- Секогаш имај ја на ум мислава: "Кој ќе ја погоди целта, сè промашува"!
- Не пишувај репортажи од земјите во коишто си престојувал како турист! Воопшто не пишувај репортажи, оти ти не си новинар!

- Не верувај во статистики, во цифри, во јавни изјави! Стварноста е она што не може да се види со голо око.
- Не посетувај ги фабриките, колхозите, работилиштата! Напредокот е она што не се гледа со голо око.
- Не се занимавај со економија, социологија и психоанализа!
- Не биди следбеник на источните филозофии, зен-будизмот и др.! Ти имаш попаметна работа.
- Биди свесен за фактот дека фантазијата е сестра на лагата, и според тоа, опасна!
- Не здружувај се со никого! Писателот е сам.
- Не им верувај на оние коишто велат дека ова е најпоганиот од сите светови!
- Не им верувај на пророците, оти ти си пророк!
- Не биди пророк, оти сомнежот е твое оружје!
- Имај мирна совест! Принцовите не те засегаат, оти ти си принц.
- Имај мирна совест! Рударите не те засегаат, оти ти си рудар.
- Знај дека она што не си го кажал во весниците, не пропаднало засекогаш! Тоа е тресет.
- Не пишувај според нарачката на денот!
- Не обложувај се на мигот, оти ќе се каеш!
- Не обложувај се ни на вечноста, оти ќе се каеш!
- Биди незадоволен од својата судбина, оти само будалите се задоволни!
- Не биди незадоволен од својата судбина, оти ти си избраникот!
- Не барај морално оправдување за оние коишто издале!
- Чувај се од “ужаснувачката доследност”!

- Чувај се од лажните аналогии!
- Поверувај им на оние коишто скапо ја плаќаат својата недоследност!
- Не им верувај на оние коишто својата недоследност скапо ја наплаќаат!
- Не застапувај го релативизмот на сите вредности! Постои хиерархија на вредностите.
- Наградите што ти ги доделуваат принцовите примај ги со рамнодушност, но не прави ништо за да ги заслужиш!
- Верувај дека јазикот на којшто пишуваш е најдобар од сите јазици, оти ти друг не поседуваш!
- Верувај дека јазикот на којшто пишуваш е најлош од сите, макар што не би го заменил за ниеден друг!
- "Така, бидејќи си млак и не жежок, ниту студен, ќе те изблујам од устата Своја" (Откровение Јов., 3, 16)
- Не биди сервилен, оти принцовите ќе те земат за вратар!
- Не биди суетен, оти ќе наликуваш на принцовите вратари!
- Не дозволувај да те уверат дека твоето пишување е општествено неполезно!
- Не мисли дека твоето пишување е "општествено полезна работа"!
- Не мисли дека и ти самиот си полезен член на општеството!
- Не дозволувај да те уверат дека поради тоа ти си општествен паразит!
- Верувај дека твојот сонет е повреден од говорите на политичарите и принцовите!
- Знај дека твојот сонет не значи ништо наспроти реториката на политичарите и принцовите!
- Имај за сè свое мислење!
- Не искажувај го своето мислење за сè!

- Тебе зборовите најмалку те чинат.
- Твоите зборови се најдрагоцени.
- Не настапувај во име на својата нација, оти кој си ти за да бидеш нечиј претставник, ако не свој!
- Не биди во опозиција, оти ти не си наспроти, ти си долу!
- Не биди со власта или принцовите, оти ти си над нив!
- Бори се против општествените неправди, не правејќи од тоа програма!
- Не дозволувај борбата против општествените неправди да те одврати од твојот пат!
- Запознај ја мислата на другите, а потем отфрли ја!
- Не создавај политичка програма, не создавај никаква програма! Ти создаваш од магмата и хаосот на светот.
- Чувај се од оние што ти нудат конечно решение!
- Не биди писател на малцинствата!
- Штом некоја заедница почне да те присвојува, преиспитај се!
- Не пишувај за "просечниот читател"! Сите читатели се просечни.
- Не пишувај за елитата! Елита не постои, елитата си ти.
- Не мисли за смртта и не заборавај дека си смртен!
- Не верувај во бесмртноста на писателот! Тоа се професорски глупости.
- Не биди трагично сериозен, оти тоа е комично!
- Не биди комедијант, оти болјарите се свикнати да бидат забавувани!
- Не биди дворски шут!
- Не мисли дека писателите се "совеста на човештвото"! Ти веќе имаш видено многу гадови.

- Не дозволувај да те уверат дека си никој и ништо! Ти веќе имаш видено дека болјарите се плашат од поетите.
- Не чекори кон смртта за каква било идеја и не поттикнувај никого на гибел!
- Не биди кукавица и презирај ги кукавиците!
- Не заборавај дека херојството бара голема цена!
- Не пишувај за празници и јубилеи!
- Не пишувај пофалници, оти ќе се каеш!
- Не пишувај посмртна реч за народните великани, оти ќе се каеш!
- Ако не можеш да ја кажеш вистината, молчи!
- Чувај се од полувистините!
- При општо славје, нема причина и ти да земеш учество.
- Не врши им услуги на принцовите и болјарите!
- Не барај услуги од принцовите и болјарите!
- Не биди талентиран од учтивост!
- Не истерувај ја правдата низ иглени уши и "не се расправај со будалиот"!
- Не дозволувај да те уверат дека сите сме подеднакво прави и дека за вкусовите не треба да се расправа!
- "Кога двајцата соговорници грешат, тоа сè уште не значи дека се во право." (Попер)
- "Да се дозволи другите да бидат во право не нè заштитува од една друга опасност: да поверуваме дека можеби сите се во право." (Idem)
- Не расправај се со игнорантите за нештата што првпат ќе ги чујат од тебе!
- Немај мисија!

- Чувај се од оние коишто имаат мисија!
- Не верувај во “научно мислење”!
- Не верувај во интуиција!
- Чувај се од цинизмот, па и од сопствениот!
- Избегнувај ги идеолошките општи места и цитати!
- Имај храброст песната на Арагон “Во слава на Гепеу” да ја наречеш бесчестие!
- Не барај олеснителни околности за тоа!
- Не дозволувај да те уверат дека во полемиката Сартр-Ками обајцата биле во право!
- Не верувај во автоматското пишување и “свесната нејасност” ! Ти тежиш кон јасноста.
- Отфрлувај ги книжевните школи што ти ги наметнуваат!
- При спомнувањето на “социјалистичкиот реализам” го напушташ секој понатамошен разговор.
- На тема “ангажирана книжевност” молчиш како риба и ги препушташ нештата на професорите.
- Оној што ги споредува концентрационите логори со Сантé, го пушташ да се прошета.
- Оној што тврди дека Колима е поинаква од Аушвиц, го праќаш по ѓаволите.
- Оној што тврди дека во Аушвиц истребувале само вошки, а не луѓе - истата постапка како горенаведената.
- Segul il carro e lascia dir le genti. (Данте)

Превод

Никола Маџиров



Георги Кончалиев, Дојран

ГУНА

ГУНА

Виолета ТАНЧЕВА-ЗЛАТЕВА

ТРУД

Поетот работи
најмногу кога спие
Или единствено тогаш
Во светлината на денот
го зграпчуваат канџите
на додевните дребности
што мора да се завршат
и што се сведуваат на насушниот леб
на кој секако имаме право со раѓањето
по ѓаволите
и не знам што толку има да трошиме на него
време кое секако го немаме отповеќе!
Оставете го поетот да спие
Најдобрите песни врнат во неговиот ум
заедно со светлинките мрак

ДИМНИ ПРАМНИ

Се веат
се реат
наоколу
како танчари призраци
Додаваат малку светлина
во црнилото на душите
и потоа заминуваат
угоре
потемнети прамни
густи прстени чад
од прегорената љубо

МОЛИТВА НА РАЦЕТЕ

Колку работи поминуваат секој ден
низ овие мали раце!
Раце цврсти готвачки и мијачки
раце вешти принесувачки и раскревачки
раце чистотници за крпи обични и магични
и за влакна паднати на погрешни места
раце тресачки на килими черги и чаршафи
раце другарки на чинии чаши вазни и дреболии
за разубавување на секојдневното сивило
раце цел на злокобен нож кој подмолно засекува
за да предупреди на потребното трпение
раце друшки за компјутери книги пенкала и хартии
раце пазарувачки од леб до хартија со мирис на камилица
раце галовни мајчински
раце ќеркински
покајнички
љубовнички
копнежливи
прељубнички
раце коритца за капките милост
со кои штедро ме оросуваш Господи
Прости ми
што навечер немам сили
да ги склопам за молитва

*Од стихозбирката **„Патот“** ,*
*добитник на наградата **„Дцо Шопов“ 2018***

Митко ГОГОВ

СКРИЕН БОЖИЛАК

се прекршуваат светлините
внатре во нас, калеидоскопи на
вечноста создаваат портали.
како капки во
небото ги сечеме зраците.
испраќаме порака,
битисуваме откриени простори.
зачекоруваме. кога сонцето плаче
виножито се раѓа.

ТЕПСИЈА

заврти го времето
-дворот е бакарна плоча
под сонцето.

ГОБЛЕН

девојка милно
заспива. во везот
тонат соништата

ЛУЛАШКА

заспиј со мирот
на вистината. скини
ја „историјата“.

СКРИЕН АРХИТЕКТ

не копај внатре во себе,
тоа можеш,
тоа го правиш постојано,

почни да градиш внатре во себе.

ти си архитект на твојата душа,
богатството секогаш ќе остане внатре.

Од книгата ***„Скриено писмо“***

Книгата **„Скриено писмо“** е проекција на неговата мултимедијална профилираност во творештвото, на тој основен принцип на неговото уметничко творештво. Концептуалноста е негов знак за распознавање, одлика на неговиот креативен идентитет. Таа, за разликаод првата негова книга Ледена вода, каде штоне е видливо присутна, во оваа втора книга е видлива. Концептуалното начело е творечки двигател на поетската книга **„Скриено писмо“,** составена од циклусите „Писмо прво“, „Подрум“ и „Писмо второ“.

Катица Ќулафкова

Можеби ќе звучи парадоксално, но токму книга со наслов „Скриено писмо“ покажува дека поезијата е едно од последните прибежишта за приватноста, тајновитоста, сакралноста. Веројатно една од најубавите метафори за поезијата на која налетав читајќи ги песните на МиткоГогов е синтагмата „скриен патоказ“. Во песните на Гогов има доволно скриени патокази. Ни премалку, ни премногу.

Владимир Мартиновски

Авторот, нагласувајќи го моментот на пишувањето, впишувањето, запишувањето и, воопшто, писмото, акцентот го става на проблематиката на времето и темпоралноста, односно на субјектот распнат помеѓу конечното и вечното. Лирскиот субјект во поезијата на Гогов е постојано помеѓу сознанието за сопствената конечност и смртност и сознанието за вечноста што ја носи во себе, или, како што вели авторот, земните мандали, односно сликата на (конечниот) свет и ангелските фрактали, односно Божјото во човекот.

Славица Гаџова - Свидерска

Марина МИЈАКОВСКА

ДВЕ ТИШИНИ

Денот со својот свилен шепот
го најавува изгрејсонцето
со стаклени тишини.

Само вистинските љубовници
кога заемно се слободни
учат најдобро да молчат во двојка!

ЛАЗАРОПОЛЕ

Од Главино Село
сиот народ се збрал
бос и гол.
Големата глава
секој ја скрил
во длабочините на
Калина Дупка.
Во пламени јазици
Калина мома
на јунаците
здивот им го згасна!
Само Лазар личен
на другата страна
од името свое,
создаде свој
лазор!

КАМЕНИ КОСКИ

Слово по слово ко коска по коска
издлабивме стебло од камена приказна.
Нека се арчат хартиите со сено,
нека се разлеваат реките на заматеното мастило.

Само јазикот да не пресуши!
Само нас нека нѐ има!
Само нас да нѐ има!

Да течеме по сите четири страни!
Да го зачуваме зборот зачнувајќи ја зборoиграта и
да го сочуваме стамено словото наше македонско.

Коскена зборoигра и камено оро!
Јазикот наш коски нема, а камени коски крши!
Јазик дамнешен и исконски!

Долорес АТАНАСОВА - ЛОРИ

НИЕ

Ние, еве години веќе, живееме на улица,
го шетаме животното во себе по улица,
дремеме во колона од автомобили,
дремеме на пешачки премини,
стоиме пред општински згради,
стоиме пред амбасади,
стоиме на ветрот пред влада,
ни се разгорува омраза ко на клада.
Ние се влечкаме во колона,
ни викаат: “На улица! На улица!”
Ние, боси и голи, стоиме среде виулица
(нечиј политички задник се грее
на кожното седиште со парно,
гледа некое мрсно порно
и ни мавта од подотворениот автомобилски прозорец).
Ние сме облечени во знамиња, флаери и ветувања,
живееме качени на крстови, месечини и закопани под мостови,
девет по безброј јазици зборуваме,
сепак, звучиме како да мумламе.
Ние живееме на улица,
во куќарки од транспаренти,
навечер палиме национални знамиња за да се згрееме,
наутро пепел и прашина сееме.

Ние-сите лица еднина и множина,
и ете нè, ќе се искинеме во двоина.

ЕДЕН ЖИВОТ, ЕДНА СМРТ .....

Се среќаваме, двајца туѓинци
на мост затегнат меѓу две планини,
тука, во најтешката точка,
ни се среќаваат времето
пред да се сретнеме
и сè што ќе биде понатаму.

Ние сме две од четирите од илјада
јајца на пацифичкиот лосос
кои не биле стегнати под камен,
не биле забодени од клунот на птица.
Колку само посебни нè прави тоа?!

Еве нè двајцата, со по еден живот
и долг пат до морето, каде ќе живееме,
и долг пат назад по реката, каде ќе умираме.
Еден живот, една смрт,
и сите љубови, сите крпеници
на духот и телото,
сето време што ни е дадено
и ние двајцата во него.

Јосип КОЦЕВ

КОГА ТИ ПИШУВАМ

Кога ти пишувам,
желбите мои се евнуси
што трепетно чекорат кон заклучени соби.
Кон собата зад чијашто врата грми љубомора.
Кон собата зад чијашто врата тече нежност.
Кон собата зад чијашто врата клокоти болка.
Кога ти пишувам,
душата моја е приврзок
што се ослободува од клучевите на телото.
Кога ти пишувам,
сите соби се отклучени,
сите врати – ширум отворени.
Кога ти пишувам,
немам страв дека
сѐ одеднаш ќе се излее врз мене.

КОГА ТИ ГО РАСТУРАМ ДОМОТ

Звучиш како време
што тропнало после животот,
како врата што му се отворила
на ветровито отсуство,

како пламнато тело
што ѝ се разголило на стара немоќ.
Звучиш како случаен разговор
потслушнат од телефонскиот двојник
во време што ѕвони после животот,
како мачно двоумење,
како гласно задоцнување,
како горко разминување.
Од пукнатините на сѐ што живее
се јавува твојата мала смрт.
Сјаеш за миг, сѐ ѕвони
и те повикува да дојдеш и да расцветаш.
Од старите говорници висат слушалки
со пропуштени повици.
На друг свет сѐ погласно одекнуваат
чекорите од твоето пристигнување.
Сакам тишина кога ти го растурам
домот со своето доаѓање.
Секогаш така ќе биде,
носам своја куќа во него.
Мојот часовник е скаменет во едно време,
и мојот пат чука на сеќавањето за него.
Неуморно ќе нѐ стават
еден до друг и еден во друг,
без престан ќе нѐ делат
еден од друг и еден со друг,
без да сетат:
Часовникот не се познава со мигот,
патот никогаш не сретнал далечина.

Даниела АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА

ТВОИТЕ ЗБОРОВИ

Прв збор

Твоите зборови
се толку вешти што можат
да одвртат сијалица
само со еден здив
да се нурнат без опрема за нуркање
во црвената река
за да ја насочат кон океанот на болката
да му ги покажат песјаците
на синџирот од челик
за сам да си ги искрши колковите
да се истопорат сред бел ден
на Широк Сокак
додека сите го пијат
кафето на поразот
да се речат без атрибуција
за да го сецираат окото на бувот
долго и полека во собата без сијалица

Втор збор

Твоите зборови
се толку тешки што можат
со еден поглед да ја земат на себе

љубомората на железото
да отспијат во шините
по кои поминува возот
на нашите скаменети мисли
да се вгнездат
во стапалката на метеорот
кој во нашиот двор лежи
за да ја врти во круг
застојаната вода од спомени
да се замолчат во лавата
пред таа да го плукне грлото на змејот
да ја љубат страсно гравитациската сила
за да таа да ги истисне очите
во заборав од 0 Њутни
Твоите очи
се толку тешки
што можат во една точка
да ги соберат
сите честички на светлината
кои пред тоа биле распрснати
во окото на пчелата

Трет збор

Твоите зборови
се толку мотивирани
што можат да продрат
во стаклената завеса на сонот
да ја напукнат
свилената кожа на дијамантот
за да го испијат кварцот на тишината

да создадат деструктивна интерференција
од непарни броеви помножени со π
само за да докажат дека се во право
додека трчаат
по вертикалата на издржливоста

ТРИ

Три
Се одреков три пати од името твое
и три дена по три
зборот твој го раѓав

По три
Три пати точката
на средина од реченицата ја ставав
Три пати јазикот
без клучка го врзував сама
Три пати конецот го кинев
до болка

По три
По три дена точно
насмевката твоја го поздрави денот
По три дена точно
моето Јас се претвори во жена

Гордана СТОЈАНОСКА

ЧУВАРИ НА ВЕЧНОСТА

Ги сонуваш ли некогаш сртовите
што со остра и сина свежина го параат небото?
Си се прашал ли како ги мамат вековите
да поминат преку нив
и да не им ја украдат силата
и да не им ја изронат височината.

Ги сонуваш ли гигантите што со камена тупаница
згрчен гнев испраќаат кон времето
и ги окаменуваат годините во минути?
Ти побегнал ли погледот кон стаменото,
кон вечното и непроменливото?

Ги сонуваш ли хоризонтите
што со недостижност и тајна повикуваат,
што кријат линија зад линијата, зора зад зората?
Ти летнала ли мислата во невиденото, си замислил ли
какво е непомисленото и тежок ли е непречекорениот чекор?

Научи ја љубовта како срт што не се руши
и како висина што никогаш не паѓа!
Научи ја како хоризонт што во нежната измаглинка
го крие немерливиот бескрај што е нејзин брат!

ПУСТИНСКОТО ЦВЕЌЕ

Знаеш ли зошто го сакам пустинското цвеќе?
Затоа што без корен, но со најпламени бои
и само со капка небеска солза,
најпразното место на светот го исполнува!

И голиот безбоен лишај што со неразбирлива храброст,
сред мразната пустина, на најсеверната точка,
на трошка полусмрзната земја пушта жила
и се пои од најледените води на светот!

И ако некој треба да зборува за создавањето,
пушти ги тие ситни суштества да го прават тоа!
Тие почнуваат на тоа место, таму,
каде што сите мислат дека завршува сè и вртат грб.

Сузана МИЦЕВА

ПИТАЧИ

Само очите на семафорите ги распознаваат лицата на питачите и секогаш намигнуваат црвено кога некое ноже ќе се спушти на асфалтот. Во летната жештина нивните животи оставаат отпечатоци и не испаруваат. Духот на питачот не влегува во автомобилите што минуваат, оти затворени им се прозорците и климата е пуштена на најсилно.Под семафорите, асфалтот има записник и знае колку слоеви кожа се излупиле и за колку броеви им пораснале стапалата од лани досега.

Таму на крстосниците се идентификуваат сите лица на неправдата и понижувањето, облечени во насмевка.

НЕСОНИЦА

Прво пиеше четвртина од таблетата за смирување, па се помолуваше пред иконата на света Петка и потем го местеше сорот под перницата. Секоја вечер го правеше истиот ритуал пред спиење. Тројни обиди да го повика сонот: со лекови, преку Бог и со оружје под главата. Јас тогаш, ќе се брцнев под јорганот, ќе ги мушнев стапалата кај нејзините нозе и треперев од страв.

Кошмарите лебдеа над нашите глави, со крилца на пеперуги фрлаа прав врз нашите трепки дури ги стискавме очите во мракот.

РУБА

Кога се мажеше дада Ратка, цела седмица порано, во куќата ни беше врвулица. Сите тетки и вујни дојдоа, најблиските сосетки притрчаа и се вдадоа во средување на невестинската руба. Се пеглаа чаршафите и завесите, се штиркаа милјеата, во прозирен целофан се завиваше секое парче и потем се местеше за изложба. Во три соби не ги собираше килимите и ќебињата што мама ѝ ги подготви за мажачката. Имаше таму неколку блескави примероци - еден шарен килим со цветови и зелено „родопско“ ќебе. Замислував тогаш колку ќе биде убав домот на дада со тие ткаенини. И таа мислеше дека се посебни. Можеби затоа никогаш не ги видов послани на троседот во дневната, ниту со нив ја покри својата спална.

Само на празникот Свети Четириесет севастиски маченици ќе ги извадеше пред изгрејсонце, ќе ги оставеше да се проветруваат на отворено, цел ден обесени на оградата и пред зајдисонце пак ќе ги замоташе во најлонско ќесе за да ги смести во плакарот. Ќе ги туркаше, ќе се бореше со бројната руба, па ги буткаше вратите да се затворат. На крајот, кога лани ја погребавме, видовме дека животот го поминала со еден килим и едно ќебе. Но, не тие најубавите. Сакав барем да ја испратиме во нежните невестински килими, но внуката ме спречи.

- Не тие, тето, преубави се за да гнијат во земјата! Нека се за мојата Ратче. Ќе ѝ ги ставам во рубата, како спомен од баба ѝ.

ОТУЃУВАЊЕ

Не сакам гужви. Порано да, сега сè помалку. И нема причина за тоа. Едноставно, врвулиците ми ја одземаат силата, но затоа со радост гледам од балконот како под мене улиците се полни со насмеани лица. Секое лето така дружам со сограѓаните. Јас од терасата со кофата во раце, ги негувам цвеќињата, тие долу со пуканките и сладоледите. Заедно го дишеме неверојатниот морски воздух што нема причина да го имаме. Нема море, но мириса на море и тоа е најважно.Луѓето си одат од мојот град. Почесто слегувам со кофата надолу, до корзото ги вадам китките низ саксиите. И ги чекам. Подготвена сум кога ќе си дојдат да ги израдувам со шарени цветови и од високо да набљудувам како шетаат низ улиците.

Ацо ГОГОВ

* * * *

Пишував затоа што имав чувство како насон да сум прекинал некој многу важен разговор. Пишувајќи, додавав нова реплика во дијалогот. Го продолжував разговорот. Исто како Иван и Алјоша Карамазови, коишто, во неугледна гостилница, среде звуците од ударите на билјардските топчиња и отворањето на пивските шишиња, водат важни разговори за судбината на светот.

Пишував, затоа што во секојдневјето бев молчалив соговорник, загледан во прозорските стакла со капки дожд, во чашата вода во состојба на бура. Кога потоа таа молчаливост не би ја пренел преку знаците (букви) на хартија, би ги поткопал суштините во себе.

Чудно, една обична хартија стануваше куќа. Можеше да се живее тука како дете стуткано зад каучот, во очекување - со обични, сосема обични букви, додека да се вратат родителите.

СРЦЕ

Во огромната непрегледна, бесконечна и црна вселена, види чудо! Твоето мало срце без прекин чука тик-так, тик-так. Некој таму, далеку, во големото црнило, не пропушта ни звук од твоето чукање. Не можеш да го видиш, не може ни тој да те види.

СНЕГОВИ

И ние имаме наши снегови. Не оние надвор, туку оние коишто, кога навечер ќе си легнеме, во нас врнат ли, врнат...

Утрото, на будење, гледаш снегот во тебе дошол до гуша, а душата е мокра. Некој дури и лизганица прави таму, се лизга ли, лизга и се смее, таму, внатре...некоја душа мила.

МЕСЕЧИНИТЕ НА НАШИТЕ ЖИВОТИ

Книга оставена наземи, среде соба, отворена. Семејството во таа куќа, родителите, двете сестри и братот, ниту ја читаа, ниту ја изместуваа книгата од положбата во којашто се наоѓаше, Понекогаш и ја прескокнуваа чекорејќи, едноставно, ја сметаа за парче мебел, за неканет гостин којшто мора да го остават набрзина трчајќи по своите обврски.

Додека ветерничавото семејство задоволно со самото себе спиеше во мртва тишина, ноќе, ние, маалски безделници, доползувавме со страв до книгата. Страниците веќе не можеа да се свртуваат, но на онаа, единствената отворена страница можеа да се прочитаат месечините на нашите животи.

УЧЕЊЕ ЈАЗИК

Еден Јапонец и две Јапонки на триесетина години во редот за наплата во маркет. Весели се, црцорат на својот јазик како мали птички. Продавачката им ги полни ќесињата со продукти, а тие плаќаат околу три илјади денари. Останатите, коишто чекаат во истиот ред наредени зад косооките дојденци, се тмурни, личат на времето денес, главите им тежат, тапо гледаат во своите чевли, во подот. Јапонките ги подигаат наполнетите ќесиња, а момчето Јапонец, со насмевка што грее, се свртува назад и на продавачката, но и на сите во редот за чекање им кажува еден од неколкуте зборови што ги научил овде:

- Фала!

СИНЏИРЧЕ

Сонце. Ѓупско лето. Селска слава. Рождество на Пресвета Богородица. Млад маж стуткан во ќошот на комбито, со залепена глава на прашливиот прозорец. До него, неговата жена со кесиња од пазар.

- Ако не дадат пари до петок, ќе ми ги видат очите да излезам да гласам во недела - вели мажот. Тракторче ќе си купам, други работички за по дома.
- А мене златно синџирче – се уфрла жената.
- Колку пари е синџирчето?
- Четири илјади...
- Купено, готова работа! Што ќе ти дадам така три илјади, барем синџирче ќе имаш за спомен.

Се губат надвор, од брзината на движењето на комбито, дрвја и ораници. Сонцето, небаре око Богородично, свети, плиска радост, се преместува по небото.

СУРВА

Излегов оддома и отидов до поројот каде што години наназад на овој ден, ноќта, се палеа многу огнови. Тогаш блескаа детските лица спроти огнот, се виеја пламени јазици угоре, се зборуваше за сè и сешто и се пееше, се измислуваа разни нешта и се лажеше наголемо оти овој свет може да се замисли без Платоновиот свет на идеи, но не можеше без лагата, којашто беше леб и вода за секој маалски безделник.

Излегов еднаш, двапати, трипати, но коритото на поројот беше темно, немаше ниту оган, ниту луѓе, а ситните камења осветлени од далечното улично светло и болната месечина личеа на непознати животинки затекнати во спиење. Туку, одеднаш тука се појави непозната девојка, ми пристапи и ми прозборе, но ништо не разбрав од нејзините зборови. Девојката извади кибрит, потоа едно чкорче од кибритот, се обиде да запали оган, не успеа, па извади уште едно, па уште едно чкорче, но никако не успеваше да запали.

Двајцата вадевме чкорчиња и се обидувавме да го запалиме она што не се пали.

ВИСТИНСКОТО ЛИЦЕ

По слетувањето на аеродромот, долга колона патници со своите пасоши во едната и со големите патнички куфери на тркала во другата рака, се движи полека кон металната куќарка на аеродромот во којашто, полицаецот со мустаќи трпеливо ги прифаќа подадените пасоши и го проверува идентитетот на пристигнатите патници. Темно е, пред зазорување, патниците мрморат на различни јазици, небаре светот се собрал на едно место, секој со својата мака, секој со своето бегство од родниот дом. Жената пред мене, бегалка среде бегалците, почна да трепери штом се приближи нејзиниот ред до металната куќарка. Чудно, нејзиниот шепот, иако на туѓ јазик, ми е сосема разбирлив. Таа рече дека нејзиното лице не е исто со лицето од фотографијата на нејзиниот пасош и дека, иако не знае зошто е тоа така, сигурна е дека ќе биде вратена назад од полицаецот со погрдни зборови.

Ја потчукнувам по рамото одзади, ја повлекувам назад, ја поведувам на крајот од долгиот ред. Убедена е во мојата утеха на лош англиски јазик, во тоа дека е прашање само на време кога зората ќе зазори во бело и нештата и лицата ќе ги добијат своите вистински облици.

КИРИЛ, МЕТОДИЈ И СОН

Уморниот Кирил зеде да ги премести-тува трите божји знаци: крстот, кругот и триаголникот. Ги подредуваше знаците еден до друг, еден врз друг, понекогаш и еден во друг. Новите слова личеа на мали куќички во кои, човек уморен како него, би можел да заспие и дури утре да почне да ги изустува тие слова, да го озвучува новото утро што ќе засјаи. Тој и Методиј, двајцата собирачи на заборавени суштини, би го потфаќале меѓу своите раце секој глас обележан со слово, би го вртеле, би го потчукнувале исто како што коњушар потчукнува железна потковица за здрав коњ.

Требаше да се јава, требаше конечно некаде да се отпатува.

Саша СТАНИШИЌ

Избор кратки раскази од збирката „Скиселени тикви“

***

Во визбата на другар ми Петар, помеѓу теглите со вкусната зимница на мајка му и бочвите со вино, во ќошот покриена со стари весници имаше мистериозна тегла што дедо им ја донел кога работел како инженер во Либија во седумдесеттите години на 20 век. Другар ми еднаш ни ја покажа теглата, во неа беше една превртена долгнавеста тиква којашто лебдеше во некоја вода (веројатно, солило). Имаше две дупки што изгледаа како празни очи. „Тоа е вонземјанин, којшто го има уловено дедо ми во Либија” - гордо кажуваше Петар. Целата негова фамилија верува дека во визбата чуваат вистински либиски вонземјанин, и покрај фактот што дедо им едно време веруваше дека е Александар Македонски и тврдеше дека во Мавровo го има киднапирано ЦИА. Тоа е таа македонска реалност на скиселена тиква.

***

Ана живееше на неколку улици од мене. На тринаесет години веќе имаше огромни гради што беа влажен сон на секој маалски пубертетлија. Вистинска фелиниевска Лолита. Ја викавме Ана Цицката. Беше металка, па трансерка за на крајот да почне да слуша турбофолк. Музички пат што во тоа време беше доста вообичаен.

Татко ѝ беше многу снаодлив човек. Неговата гаража (читај подрум) беше една од првите приватни продавнички во Ге-Ге: Kolonijal Ка-Ан (иницијалите на двете негови ќерки Катерина и Ана). На почетокот му одеше многу добро. Имаше од пиле млеко. Сепак, фактот дека сите тинејџери и маалски швалери одеа по цел километар само да купуваат во Ка-Ан и да ја видат Ана којашто работеше како касиерка, беше пресуден за големите редици што се правеа. Но, продавничката ја затворија. Татко ѝ со семејството се пресели во Њу Џерси. Ана ја немав видено десет години. Пред некој ден се врати. Татко ѝ сакал свадбата на својата ќерка да ја прави во родниот крај. Едвај ја познав. Накачила 20-ина килограми. Нејзиниот маж, Јован/Џо, Македонец од Џерси, беше ситно човече со долга коса, по некоја патриотска тетоважа и порцелански заби на филмска ѕвезда. Сакаат да инвестираат во Македонија. Ќе отворат кладилница.

***

Секое градско маало што држи до себе, има еден свој манијак. Во Ге-Ге тоа е Бошко (45). Дете на богат татко, директор, а потоа и стечаен управник на пропадната државна градежна фирма и мајка, административец, вработена во Водовод и канализација. Неговите се разведоа уште кога Бошко беше дете. Тој тешко го прифати тоа и се повлече во себе, посебно во врска со девојките. Мајка му, пак, стана посесивна за него, се грижеше како да е мало дете, удоволувајќи му во сè. Но, сепак не забележа ништо чудно кога Бошко почна да носи долг црн мантил и во лето и во зима. Беше последна што дозна дека нејзиниот син, под мантилот не носи буквално ништо и дека така „гол“ секој ден попладне се шета по сокаците во Ге-Ге.

Омилено место за покажување му беше магацинот на “Силекс” со мермерни блокови покрај запуштената железничка станица (што подоцна беа искористени во проектот “Скопје 2014”). На ова апокалиптично место со многу простор за криење, помеѓу мермерните блокови се собираа тинејџерите за дување и за лапање. Тоа го користеше Бошко, којшто во манир на Бетмен скокаше од блоковите со раскопчаниот црн мантил пред заљубените (и надувани) тинејџери. Но, набргу Бошко го уапсија. Помина неколку месеци во Бардовци. Мајка му успеа некако да го извлече и да го вработи кај неа во Водовод и канализација, мислејќи дека така ќе може да внимава на него. Но, Бошко не се смени. При рутинска обиколка на водоводните шахти, си ја соблече униформата и излезе гол од една водоводна шахта, пред очите на едно семејство. Бошко веднаш доби отказ. После тоа, татко му реши да ги среди работите на старински начин - со договорен брак. Му најде жена од Америка, Сузи од Jersey City, ќерка на негов другар и бизнис партнер. Сузи има порцеланска насмевка и 100 килограми.

Сега Бошко живее мирен американски семеен живот што со голема гордост го споделува по Фејсбук, со идилични фотографии: од скара за празникот 4 Јули, посета на Дизниленд со децата и др. Пред некој ден се означи во Central Park. Направил селфи во паркот. Сам е. Го носи истиот мантил со кој скокаше по карпите. Има первезна Мона Лиза насмевка. Како коментар, напишал:

America, land of opportunity.

***

Баба Станка живееше во трошна куќарка помеѓу зградите, една од најстарите градби во населбата, уште од времето кога имаше само лозја. Мажот ѝ беше молер пијаница којшто почина паѓајќи од скеле. Постариот син замина за Австралија уште во почеток на деведесеттите, а помалиот умре од хероински overdose. Остана да живее сама, без пензија и никаква помош и се хранеше во народната кујна во населбата Ѓорче Петров. Немаше заби и никој не ја разбираше што зборува.

Сите ја избегнуваа нејзината куќарка. Беше морничаво место со „старски“ мирис на загорено млеко и урина. Секоја вечер од прозорецот се наѕираше силуетата на подгрбавената старица под свеќа (струјата ѝ беше

исклучена) како си ги крпи алиштата. Еден ден престана да се пали свеќата. Поминаа десетина дена додека соседите од околните згради не сфатија дека нешто не е како што треба. Баба Станка исчезна и никогаш не ја пронајдоа. Почнаа да кружат приказни за нејзиното мистериозно исчезнување. Наводно некој ја забележал нејзината силуета од прозорецот на куќарката. Но, внатре немаше никого. Единственото образложение што можеше да се најде е дека духот на бабата ја опседнал морничавата куќарка. После некое време куќата ја срушија. На нејзино место изградија паркинг и ставија кош. А на местото каде што баба Станка плетеше, ставија контејнер. Но, тоа не го спречи нејзиниот дух да го посетува истото место. Питачите коишто собираат пластични шишиња и картони од контенејнерот слушнале астматично кашлање проследено со неартикулирано зборење на беззаба баба. Опседнатиот контејнер на баба Станка почнаа сите го избегнуваат: и питачите и ѓубреџиите. Си стои така празен на паркингот на којшто се паркираат само тие коишто не се од населбата и не ја знаат целата негова историја. Кратка хорор приказна од предградието.

***

Куќата на број 33 е најгусто населениот дом во мојата улица. Во мала куќа од 50-ина квадратни метри живеат дури деветмина. Сите со неверојатни животни приказни. Роска (80), најстарата е продавачка во “Славија” и mater familias. На 50 години умре мажот ѝ од цироза. Сега е сенилна старица којашто (бидејќи тешко се движи) деновите ги поминува гледајќи од прозорецот што е на еден метар од главната улица и е секогаш со подигната ролетна. Тики (60) е постариот син. Неженет и невработен. Живее од пензијата на мајка му за којашто внимателно се грижи. Зависник од кладилници и порнографија. Мики (59), помалиот син. Физички речиси идентичен со Тики. Само што Мики има густи црни мустаќи а ла Сталин. Во сè друго е спротивност на брат му. Тој е среќно оженет и има две ќерки. Работи како таксист. Горде (53), жена му на Мики. Тивка ковчеста женичка којашто ги прави највкусните кифли во целата населба.Весна(28), постарата ќерка на Горде и Мики се омажи пред неколку години. Со нив уште живее Маја (23), помалата ќерка којашто го чека дечкото да се врати од работа на брод за да се пресели оддома. Пред неколку години, Кате (50), сестрата на Мики и Тики, влезе во огромни финансиски и семејни проблеми. Синот Влатче (28) западна во коцкарски долгови, па мораа со мажот ѝ Коце (55) да го продадат станот. Со дел од парите досидаа петквадратна лепенка, доволна за еден француски кревет. Но, тоа не беше доволно да го спасат Влатче. Тој заврши во затвор за некаква проневера на пари. Во април, во куќата се досели и Влатче, кого го пуштија од затвор. Се врати сосема променет. Го адаптираше покривот во мало поткровје за живеење и направи вистинска семејна драма кога пред некој ден им призна дека е геј и во поткровјето го донесе Али (30), неговиот дечко, кого го запознал во затвор. Али е Ром, најдобриот ограбувач на коли во Дуизбург и пошироко.

Кирил МИРАКОВСКИ

ПРЕТПОСЛЕДНАТА ЖЕЛБА

((Март, 2016)

К. Мираковски

What gives us the right to assume that in the work of art we must receive a direct communication with the historical attitudes of another period? ... moreover, what makes us assume that the situation of the man who wrote it accurately or faithfully reflects the situation of his time? ... What if the composer, as historian, is faulty?

Glenn Gould

Документот со имињата пристигнал. Двајца од тајните курири на Големата порта поминале доцна синоќа и го оставиле во гостилницата на Бохуслав. Му кажале дека е за мене, само за мене, лично и за никој друг, му платиле 20 кројцера и тој го зел без да прашува што и како. Знаеле дека кај Бохуслав секој ден ја јадам утринската супа рано наутро пред сите други и дека сигурно некој ќе ме извести уште пред изгрејсонце. Ерменецот, прислужникот кај Бохуслав, тропна на задната врата на куќата уште пред да се вратам од тоалетот. „Десет минути чукам, сите ги разбудив. Туку, ми ти знаеле тие дека јас знам турски, не се пратени тие од кого било, затоа и го оставија кај нас. Се погрижиле и за тоа некој да може да ти го прочита“ - разбрав уште пред да му ја отворам портата на Ерменецот. Мајка му била Турчинка, така да се каже, турскиот му е мајчин јазик, а тој го знал добро, но почнал веќе да го подзаборава - ми го раскажа пак по дваесетти пат детството, и пак како да го прави за првпат. „Да станеш ти писател на општината, ќе те бива за тоа“, му реков. „Што да пишувам на турски во општината?“ - збунето ми одговори Ерменецот. И двајцата не бевме сè уште разбудени.

Четирите имиња на документот биле јасно и гласно напишани, секое име на одделен ред. Ги кани „сам великиот везир на Големата порта, Амџазаде Ќопрјулју Хусеин паша“, потписот е поголем од цел пасус текст, а печатот е со светликава црвена боја.Ми рече дека веќе го провериле и тоа со Бохуслав, „црвената боја не е никаков лош знак, бојата на печатот нема никакво значење

за Портата. Како и да е, парите што ги оставиле со документот, според пресметките на Бохуслав, би можеле да покријат патни трошоци од Наполи до Лондон за среден камерен оркестар со најмалку литар вино на ден за секого и секој сам на кревет по патните гостилници.

- А што, инаку по двајца ли спијат на кревет кога спијат трупи кај вас?
- Од каде јас да знам?! Кога се во нашата гостилница, спијат по двајца, ставаме дури и по тројца на еден кревет, не се жалат. Само трупата на Хенриете платила за по еден човек на кревет кога спиеле кај Бохуслав и по пет литри вино за секој член, за по пат. Тогаш тато Франтишек бил господар на куќата.
- Синот и денес ја раскажува приказната како да се случило вчера. Јаделе, пиеле и спиеле за по триесет кројцера на човек. Златни времиња биле тоа - вели Бохуслав.
- Прашај за Хенриете во Константинопол, сигурно ќе ти кажат дека ја знаат! - додаде Ерменецот и си замина трчајќи.

Тукушто започна да врне ситен и свеж утрински летен дожд.

Мојот абер за коњи беше веќе подготвен и го пратив на Георг во Прага уште пред да си ја испијам супата, беше веќе седум и половина. Околу десет, дест и нешто Панко треба да стигне дотаму. Се надевам дека Георг нашол време да подготви сè. Ако сè оди по планот, утре најдоцна во 4 часот наутро ќе ме чека со коњите пред црквата. Се надевам дека постариот коњ му оздравел, затоа што со еден коњ нема да стигнеме ни до брнските села, двајца сме, а имаме и три торби.

Сум пресметал во Грац да влеземе за два дена. Два, два и половина некаде, ако постојано врне дожд. Обично стигнуваме за три часа, ама сопираме за секое мочање. Сега ќе мочаме поретко, сум го информирал Георг и за тоа. Се плашам, два дена да не се малку, а? Можеби требаше да се договориме да тргнеме уште истиот ден на пристигнување на писмото. Но, аберот веќе е пратен, доцна е да се мисли на тоа. Се надевам дека некој од другите тројца ќе задоцни, Јохан треба да тргне од Дрезден, тоа е уште подалеку, но тој сигурно уште сега е веќе на пат и пред полноќ ќе помине блиску до нас. Што е, тоа е! Ако доцнам, ќе ме почекаат. Како ќе свират без мене таму? А, ако некој не го добил писмото во исто време со мене? Ехее...

Кога сите ќе стигнеме во Грац, натаму треба да продолжиме со други коли, ќе нè чекаат двајца блиски на Хусеин паша и „ќе бидат облечени во селска облека“ - беше белегот што ни го дадоа за да ги препознаеме, потоа од таму па сè до Станбул би требало да биде лесно. „Стамбул, не Станбул“ - ми довикна Ерменецот, сигурно сум размислувал на глас додека ја јадев супата.Документот го здиплив и го сместив удобно во поставата на палтото. Кога се вратив дома, Мартина ми ја соши поставата со два слоја платно. Тоа не смее да се загуби, попрвин би ги жртвувал парите за пат и би гладувал цело време, отколку ова парче хартија.

Мартина не рече ништо, само ме погледна кога влегов во собата и си ги протри рацете со такво задоволство

како маж ѝ да станал капелмајстер на дворот на Хенриете во Минхен. Веќе четири недели го чекаме тоа писменце и мислам дека повеќе беше задоволна што малку ќе ја оставам на раат и нема веќе да ја будам секоја ноќ во три часот за да ѝ ги исповедам моите херојски сижеа за сè што може да се случи.

Со Мартина веќе имаме 5 деца и сите се на возраст што можат да ѝ помагаат на мајка им. Вечерта пред да тргнам пак водевме љубов. Всушност, вечер е претерано да се каже, беше околу 6 часот попладне, децата беа пред куќата, но требаше да си легнам порано и мораше некако да го одбележиме заминувањето. Не знам колку време ќе останам, а може и воопшто да не се вратам.

Таа квечерина си легнав во 6.30 и не заспав. Бев пеколно уморен. Сум спиел само половина час пред да тргнеме. Коњите на Георг затропаа пред куќата околу 4 часот наутро. Јас веќе бев измиен, супата ми беше исркана и заедно со децата се топлевме до печката. Тие помислија дека поминува некоја воена коњаница. Во тишината пред изгејсонце и само еден коњ е доволно да те убеди дека минува цела армија. Беше исклучително свежо летно утро, а и човек кога прерано ќе се разбуди ни сонце не го топли, а камоли мрак. Не ми се чекаше на тротоарот пред куќата да мрзнам, кочијата на Георг не беше од оние добро закрпените, ќе треба да мрзнам дури убаво не излезе сонцето подоцна. Жустакорот, брич панталоните и палтото, обувките, ракавиците и шалот, сè беше испрано и уредно здиплено во куферот уште пред четири недели. Ерменецот ме предупреди да не земам бастун на тоа патување, бидејќи јужно од Дунав тоа би било сметано повеќе за овчарски стап, отколку за висока мода. Сум чул и од други места дека таму било така.

Така и направив, уште неколку пати проверив дали парите и документот се во поставата. И кога се уверив, Мартина излезе да ме поздрави и ми го даде крстот што татко ѝ ѝ го оставил на смртна постела. Го зедов и него ставајќи го во поставата за да не се гледа. Од каде да знам како гледаат на крстот јужно од Дунав?!

Коњите тргнаа точно во 4.30. Сонцето се појави за првпат пред Бенешов. Таму застанавме накратко. Георг ги откри коњите, бидејќи штотуку изгреаното сонце најавуваше потопол ден. Конечно ќе ми се стоплат нозете. Минавме покрај местото каде што почнуваат да ја градат новата црква "Света Ана" и каде што за некоја година сигурно ќе им треба органист. Георг пак ме потсети да му напишам уште сега на епископот.

- Нека разбере од тебе лично дека ти си најдобриот избор за таа служба. Од Бенешов досега не излегол и нема да излезе музичар, тоа го знае секој овчар во околијата - додаде Георг.
- А тој од Миличин да не е кравар случајно, него каде ќе го сместат, плус, брат му е столар на настојателот на Миличинската катедрала - му одговорив јас.
- Да, но разбрав дека тој бара служба во Грац, епископот веќе го токмел за таму.
- Езуит значи.
- Не, си платил чесно колку што треба, а и со години ги поправа

инструментите на сите музичари во црквата таму и тоа без пари. Го знаат добро, му викаат по прекар и често го придружува маестрото кога е на посета во Виена.

- Како му беше прекарот?
- Го викат Влакното - ми одговори Георг.
- Тој и да не си плател, Георги мој, има учено кај Михна и цело детство го минал во Отрадовице. Сум го слушал неколку пати во Брно и кај нас. Многу е добар, како мајчината утроба да му била во форма на торба. Сега се сетив, му викаат Влакното, затоа што имал план да прави чембало со влакна од коњска опашка и епископот му дал пари за тоа.
- И, го направил ли? - со огромна љубопитност праша Георг.
- Од каде да знам? Тоа било уште кога учел кај Михна.
- Колку и да е добар, нема да остане овде. Пиши му барем на Јан, разбрав дека се вратил од Италија. Со него бевте блиски во Ихлава, ќе ти помогне. Ми рекоа дека собирал луѓе за свој оркестар во Манхајм. Сигурно ќе те земе ако го прашаш... ама пак, ќе треба да одиш во Манхајм.
- Поблиску е од Станбул, велат - додадов за крај.
- Стамбул - ме исправи Георг.

До Каплице ги научив историите на сите фамилии во Брно, родното место и вечниот сон на Георг. Кутриот мораше да живее во семејството на жена му во туѓ, „непријателски“ - како што тој го нарекуваше, регион зашто најстариот брат му го приграбил целиот семеен имот во Брновско уште кога тој имал пет години. Него го одгледале тетка му и баба му додека не го оженила со една од ретките прашки стари моми, Елена. Тогаш таа имала 23 години. Во тој период имало голем недостиг на стари моми и Георг немал и којзнае каков избор. Или Ленка на 23 или Ивета на 29 години. Но, без разлика на тоа, Георг си ја сакаше својата жена. Кога патуваше со коњите, често се случуваше да не се прибере дома и по неколку недели и тогаш ретко се гледаа, но кога беа заедно не излегуваа по неколку дена од куќата. Ги закрпуваше сите дупки по оградите на имотот, ги пушташе коњите надвор и им оставаше доволно храна за цела недела. Еднаш им се случило да не излезат од дома цели 6 дена. Ми раскажуваше еднаш Ерменецот, тој им носел секој ден по нешто за јадење, а тие не излегувале ни до вратата да ги земаат торбите, им ги закачувал на дрвото пред портата.

- И по цел тој труд и пот, ништо! Нема бамбини! - одговараше Георг. Тој никогаш не го изговараше зборот „деца“ на мајчин јазик, ниту на германски. Затоа пак, целото слободно време што го имаше, тој го трошеше на слушање туѓи приказни, велеше дека и самиот пишува од она што го слушал преку ден по разни крчми и гостилници. Но, досега сè уште ништо немам прочитано од него.

Првата ноќ преспавме во Каплице во хотелот на Густав и синовите, јас платив и за двајцата. 12 кројцера сосе појадок. Утрото кога нè испрати помла-

диот син на Густав, ни даде и едно големо парче сирење од овците на дедо му и ме праша дали на враќање од Виена пак ќе сум минел преку Каплице, сакал да ми нарача некој зачин од Индија што во последно време станал многу познат и со него се готвело царски.

- Не! - му реков. Ќе се враќаме од источната страна, имаме работа по други села. Зошто да знае дека одиме во Стамбул?!

Продолживме во 5 часот следното утро, имаме уште еден ден за да минеме повеќе, отколку што минавме досега, ни остануваше повеќе од половина пат. Георг тоа ми го рече дури утрото откако се наспавме и повторно почна да ме мачи мислата како нема да стигнеме навреме, како ќе ме чекаат и ќе тргнат без мене, ќе биде крај со моето патување и на крај ќе треба да им ги вратам сите пари, па сигурно и отштета ќе мора да платам. Сум слушал дека Турците биле сериозни кога се работело за пари“ - и што ли уште не му изнакажав на Георг додека не излеговме од Каплице и додека коњите не фатија побрзо темпо.

- Каде ќе одат без тебе, мил мој? - ме успокојуваше Георг.

Тој самиот никаде не брзаше веќе подолго време. Ленка одамна не беше на возраст да раѓа и сега воопшто не се брзаше да стигне дома и да ја отворат сезоната на осамотување. Тој беше научен да тргнува најпоследен и секогаш да стигнува после сите. Пак изрази жалење што со сегашниве стари коњи не може да нè однесе дури до Стамбул, а толку сака. Гласно размислуваше кога се убедуваше дека можеби и ќе успее, но сме биле тројца, вкупно четворица со него, па не знаел како ќе најде храна таму и на крајот реши да ми се извини и да ме потчукне по рамото за утеха.

- Моите коњи никогаш не задоцниле. Тие се најдобро хранетите коњи во целата Австриска Империја, а ништо чудно и во цела Руска! - ме убедуваше на секое мое филозофско толкување на времето и доцнењето.

Пред Линц коњите фатија поубаво темпо и имав чувство дека се движиме многу побргу. Георг ме убеди дека знае многу побрз пат преку Леобен што ќе нè одведе многу побрзо од двата познати пата што ги знаат сите. Не бев многу убеден во тоа, но му мавнав со главата како да ми е сеедно. Некаде околу пладне заспав и сум спиел цели пет часа без да мрднам. Рацете ми беа здрвени и отрпнати, ме болеше половината и ми беше студено. Врнеше силно, сигурно звукот на капките дожд на церадата ме разбудиле зашто не се чувствував доволно наспано. Георг ме покрил само со една тенка покривка со којашто ги покрива коњите да не накиснат кога се врзани. Бевме застанати покрај нешто што изгледаше на крајпатна крчма и Георг пиеше пиво со некакви други накиснати до коска патници коишто решиле да одмораат на истото место. Седеа неколкумина на долго паднато откорнато дрво што домаќините го претвориле во клупа за гости, а од дождот ги штитеа лисјата на останатата половина што издржала на силната бура. Ја наслушнав следната мудрост на еден од гостите: „патниците не се плашат од дождот. Ако еднаш почувствуваш дека ти се мокри рамењата, подобро не се мачи повеќе да се браниш од дождот, на тоа му велат мокар

од дожд не се плаши“ . Слегов и јас и им се придружив, јадевме сите заедно супа со пилешко месо со црн топол леб. Таков леб немав јадено кај нас. Изедов 3 полни чинии. По пладневната дремка стомакот го чувствував како една голема дупка полна со слама. На испраќање, останатите коишто ни соопштија како што е ред, дека патуваат кон Манхајм со слатко смеење ни посакаа добар пат до Константинопол. Георг со сет разум и духовна скромност им се пофалил дека ме вози таму.

- Ти реков никому ни збор за тоа каде одиме! - го потсетив по не знам кој пат.

- Од каде да знаат дека не лажам? И тие не одат до Манхајм, најдалеку да се од Будвајс. Со тие коњи нема да стасаат далеку.

Кочијашите од нашите краишта се најмудрите учители на империјата, но никој не може тоа да го разбере. Георг беше информиран повеќе од којбило царски пратеник којшто учел по десетина години во познатите школи во Виена и Прага. „Тој што патува знае повеќе од оној којшто седи дома и учи“ - велеше Георг кога го прашував од каде му е информацијата. Не знам дали беше до патувањето, ако е така, кога ќе се вратам од царскиот град, ако се вратам жив и здрав, ќе бидам еден од најинтелигентните во северна Прага, тоа е сигурно.

Веќе бевме длабоко навлезени во Штерланд кога зајде сонцето. Коњите пред околу час - два започнаа со лангзам. Според Георг, до Грац не ни остануваше уште многу пат, но уморните животинки мораше задолжително да одморат најмалку шест часа. Ми вети дека ќе тргне среде ноќ и ми вети дека во Грац ќе стигнеме пред изгрејсонце. Не можев да продолжам пеш, немаше некое којзнае какво движење по патот и некој со кого би можел да продолжам сам понатаму. Георг се заколна во своите деца, што уште повеќе ме исплаши, и извади вино и свинско солено печено месо што Ленка му го подготвила за по пат. Ставила повеќе за да има за двајцата. Мојата храна веќе ја снема, по програма требаше веќе да пиеме сајдер во Грац и да кроиме планови како понатаму со Јохан, Јанек и Адам, да го обмислуваме стамбулскиот концерт, а јас со селскиот кочијаш седев на мократа трева сред непознати планини, пиев неподносливо кисело вино и јадев пресолено свинско.

- Сигурно веќе ме чекаат сите тројца. Да не тргнат без мене, а?

Уште пред да споделам што ме мачи, Георг ми ја дополни сè уште полната чаша вино и така и таа ноќ не ја искажав, барем не гласно, мојата мака. Најверојатно сум заспал накаде пред полноќ. Ги сонував Ленка и Георг на нивниот имот како работат на плодната родопродолжувачка нива и ми стана сè многу смешно и тажно во исто време. По кратко или долго време, сега не можам да кажам, ме разбуди гласното и морничаво смеење на Јохан. Тоа музичко доживување не се заборава, уште од училишните денови ми беше слуховна рана, а така си остана и до денес. Во училиште Јохан го викавме трубата, имаше природно висок глас и се смееше како животно на колење. Кога реши понатаму да се занимава со музика сите мислеа дека или ќе пее или ќе свири труба ама не, Јохан стана вториот виолончелист на катедралата во Кобленц, сè

додека не го фатиле гол со проститутка во црковната сала за проби доцна пред концертот за отворањето на првиот ловен ден на градските првенци. Подоцна остана кај мене цели три месеци кога бараше пост во Прага и ми рече дека сè му залепиле, дека ништо не било точно, немало никаква проститутка. Како и да е, тој ми беше другарче од детство, тој факт внатрешно ми го олеснуваше целото ова патување кон матното. Кога го слушнав убавиот и милозвучен, но исклучително гласен смев, не знаев дали да се радувам затоа што сме стигнале или да плачам зашто се чувствував како да немам спиено ни две минути и ме болеше целото тело.

- Ти слободно си нанкај, ние ќе му свириме една приспивна песна на пашата и ќе си дојдеме дома богати и славни... со главите набодени на колци - ме поздрави Јохан со овие зборови и грмна во типичното смеење. Јанек и Адам не се смееја, само ме поздравија и кога слегов од колата, ме прегрнаа. Нив двајцата не ги познавав и никогаш ги немав слушнато како свират. Јохан ми беше напишал дека се најбрилијантните самоуки виолинисти во Кобленц, прва и втора виолина во патувачки оркестар во кој Јохан градеше голема кариера последните неколку години. Негови луѓе од доверба, се договориле со пратеникот на Големата порта и решиле да ги земат. Јохан одговара за нив, барем за тоа ќе сум спокоен.

Оттаму продолживме со две чисто нови кочии што беа донесени и платени од пратениците на пашата. Едната за багажот и инструментите, а другата за нас четворицата. Јас повеќе време минував во онаа за инструментите, зашто другата постојано ми мирисаше на влажни чорапи. Откако тргнавме од Грац на југ не престана да врне. Застанувавме само за да мочаме и за да ги провериме осовините на колите, оти патот беше многу нерамен. Кога излеговме од Грац, колите се упатија кон јужните граници на Стирија. Минавме покрај Лајбниц и оттаму фативме накај исток за да продолжиме блиску до коритото на Мура. Се влечевме бавно покрај реката неколку дена ту оддалечувајќи се, ту доближувајќи се до коритото. Теренот се чинеше лесен, но не им изгледаше така на коњите. Водата беше толку студена што не можевме дури ни нозете да си ги измиеме, а камоли цели да се искапиме. Можеби сум преблаг кога велам дека патничката кола мирисаше само на чорапи. Спиевме во колите неколку ноќи, на едно место пред да стигнеме до течението на Драва, нè фати и снег. Но, кратко паѓаше и не се натрупа. По снегот времето стана поблаго и во Драва конечно се измивме цели. Сè до Дунав по Унгарското Царство, кога нè застана царска патрола да провери да не носиме оружје, спиевме во колите. Јас и Јохан во багажнат, а другите двајца во патничката кола. Водачите не зборуваа нашински и ниту еднаш не ги прашавме уште колку ни останува. Имаа некакви шатори што ги распостилаа покрај колите и таму јадеа, пиеја и спиеја сами.

Откако го поминавме местото Стамбол Капија во Видин, почнавме да спиеме само по гостилници. Кога ќе видеа дека сме гости на Портата, веројатно по колите што нè водеа, никогаш не ни бараа пари. Јохан ми раскажа како не-

кој му рекол дека овде никој не плаќа по гостилниците, сите оставале кој колку милува. И ние остававме по некоја крајцер, за да нè сме без ништо. Веќе одамна бевме на ничија територија зашто стражите што нè пресретнуваа не беа ниту отомански, ниту унгарски. Разбиравме по нешто што зборуваа, зашто јазикот беше славјански, но сите беа облечени во полу турска, полу австриска облека. На секоја стража ги покажувавме документите со црвениот печат и никој не нè прашуваше ништо. На југ од Видин веќе го напуштивме Дунав и се упативме кон југ. Имаше многу планини, слично како кај нас, само што беа повисоки и поголеми и беше постудено. Во сите села имаше по некоја џамија со високи тенки кули, тоа го гледав за првпат, веројатно сите овде веќе се муслимани. Добро е што немаше снег и можевме брзо да патуваме. Водачите избираа сè поголеми патеки и се движеа по низините, но добивавме впечаток дека цело време правиме осумки и пак се враќаме на истото место. Ни рекоа дека по планините не било баш сигурно да се патува, имало христијани - коментар што најпрвин не го разбрав, но потоа Јохан сè ми објасни.

Од Филибе продолживме по течението на Марица цел еден ден, потоа се исклучивме кон Адрианолоп и за половина ден со краток одмор стигнавме пред портите на Силиврија.Беше влажен и полусончев ден. Имаше многу кал и вода насекаде. Водачите нè прашаа дали сакаме да одиме прво во топла бања да се искапиме пред средбата со Хусеин паша, што го прифативме со задоволство. Јас требаше и алиштата да си ги исперам. Од студот по патот воопшто не ни помислив да се исперам порано. Бањите беа полни со голи мажи мустаклии. Не видовме ниту една жена, но барем го видовме морето. Бањите беа на неколку чекори од водата и навистина водата беше исклучително топла.

Водачите нè оставија во палатата на пашата некаде пред зајдисонце. Почна да паѓа мек топол дожд и забележав дека кај нас таков во овој период од годината никогаш немам видено. Нè пречекаа други тројца слуги на дворот и ни рекоа на чист чешки јазик дека пашата бил многу среќен што сме стигнале здрави и живи и одвај чекал да нè види сите заедно. Ни пренесоа дека ни дал три дена за да видиме што треба да свириме. Јас им реков дека според договорот мојот инструмент би требало веќе да биде овде, не можам да носам клавичембало од Прага, на што и тројцата ни одговорија потврдно дека сè е на свое место.

Таа ноќ си легнавме доцна. Пашата ни организираше вечера како што савојските принцови сè уште не беа виделе на европско тло. Толку се прејадовме што чинам дека секој од нас четворица изеде по едно цело јагне, но по остатокот од коските, на крајот Јохан заклучи дека не сме изеле ниту едно, а камоли четири јагнињa. Адам додаде дека овде јагнињата се големи како свињи, затоа Османлиите не јаделе свинско, немале потреба.

- Добро е што сме поканети само како музичари, зашто ако нè покани како царски преговарачи, ќе ја продадовме цела Баварија за едно турско јагне - додаде некој од тројцата.
- Арканџело Корли, Црковна соната во Фа мажор, сите десет дела се

тука - ни објави свечено следното утро Адам, кој стана прв да отвори на слугите што ги донесоа партитурите. Тоа беа четири жени со црвени од студ образи, оти утрото беше студено. Хартијата беше многу пожолтена, особено деловите за клавичембало. Речиси цели редови беа невидливи, ништо не се гледаше. Ништо страшно, сум читал и од полоши копии во селската црква кај нас. Дома селаните не читаа ноти, а сепак ни ловеа грешки. Се надевам дека овде благородништвото нема да има толку истенчен вкус.

- Од каде желбата на османскиот големоглавец на смртниот одар да слуша црковна соната на еден од најголемите папски љубимци? - праша Јохан.
- Се вика Корели, а не Корли. Буквата е не се чита баш најдобро - додаде тој свртен кон Адам. Не може да не го знаете Корели, сме свиреле Корели во Минхен, беше тоа минатата година, или преклани, на отворањето на ловната сезона.
- Тоа беше Бах - одлучно додаде Јанек.
- Беше Бах, да, но и Корели. Последното парче беше на Корели - му одговори Јохан со повишен глас.
- Торели, не Корели! Тоа беше Џузепе Торели, капричи музикали за две виолини и виолончело - одново се појави Адам. Јохан беше уште поодлучен овој пат:
- Торели беше во Манхајм на имотот на Екатерина за првиот роденден на нејзиниот син.
- Што ќе смени ако се разберете кој кога и каде бил, јас добро ја знам сонатата, ќе ја средиме за три дена. Само треба да почнеме веднаш! - го прекинав магичниот круг на италијански имиња, композитори и композиции.
- Најверојатно, затоа мисијата е тајна, зашто не свириме турска музика и затоа патуваме по копно. Со овие пари можевме да стигнеме до овде по море како разгалени португалски благородници - нè просветли триумфално Јохан.

Салата што пашата ни ја резервираше за проби беше двапати поголема од катедралната црква во Каплице. Не беше многу акустична, бидејќи насекаде имаше послано килими, но како за прва проба на нов квартет и не беше така лошо. Подобро без, отколку со ехо. Со лошо ехо ќе се штимавме половина ден.

Адам и Јанек беа родени виолинисти, не знаат која и чија композиција свират, но се оддаваат цели како за сопствен реквием. Бог им дал без многу да мисли. Адам продолжи да ги фали магичните премини на Корли, а Јанек го величеше Торели додека ги освојуваа брзите пасажи на нашата соната.

- Тоа е револуција - заклучи Адам по одвај една минута загревање. Моето клавичембало беше како донесено без посредници од рајот. Италијанско производство од 1688, Џовани Каркаси фесит, никакви орнаменти, но звук што ги пробиваше сите османлиски килими на светот. Французите мислат дека нивните клавичембала се најдобри, но треба уште леб да јадат за да ја раз-

берат вистината. Ми требаа добри три часа за да го наштимам како што треба, оти сите жици беа олабавени за да не се скинат за време на патувањето. Само еден час ги бришев, бидејќи не знам од која причина, беа дебело измачкани со маст, најверојатно свинска. За миг сериозно сакав да го украдам на крајот од нашиот концерт, но мислата истиот миг ми исчезна од главата, причините ни се јасни на сите.

Увертирата ни зеде најмногу време, после тоа за три часа стигнавме до Ре-мажор, па Б-минор и Д-минор го минавме осум пати пред да се стемни. Уште следното утро забележав дека фалат два дела од соната: Сол-мажорот и Ми-минор-от, но сите здружно по не повеќе од три секунди осудување, решивме да не кажуваме никому ништо. Овде кој ќе го разбере тоа? Во Б-минорот фалеа најмногу мои пасажи, но како и секаде, си го следам слепо басот и не се чувствува ништо.

Домаќините се покажаа повеќе од гостољубиви, втората ноќ сите изедовме уште по едно јагне, или сите заедно само едно, така и не разбравме. Тројцата мои колеги се прибраа по своите одаи, спиевме секој сам на кревет и по еден во соба. По долгите дни во влажните коли и мирисот на чорапи и влажни алишта, ваков одмор ми беше неопходен.

Таа ноќ не ни успеав да стигнам до мојата соба, заспав сам во килимната сала. Беше многу студено, но се покрив со килимите преку глава. Килимите беа многу чисти зашто овде никој не влегуваше внатре со чевли. Таа ноќ сонував како Мартина ме пречекува дома по долгиот печалбарски пат. Во рацете држеше расплакано бебе што го видов по првпат во животот. Јас со Георг го растоваравме моето ново клавичембало, поздрави од Големата порта на Османската империја за сиромавиот прашки пијанист. Таа ме прегрна силно и ме бакна сочно пред Георг. Јас поцрвенев од срам пред него, како тој всушност да беше пашата. Мартина ми соопшти со рамнодушен глас дека од сите само едно дете ни останало, другите заминале да се борат кај Сента, зашто Турците пак се вратиле и морало некој пак да ги одбие нападите. Но, таа продолжи да ме убедува да не се грижам, бидејќи се потрудила во меѓувреме да направи уште едно бебе, за да не останеме сосема без ништо.

Се разбудив накај 6 часот наутро целиот смрзнат и во истиот миг го заборавив горчливиот вкус што ми го остави семејниот сон во стомакот. Дури си се насмевнав од задоволство што тоа беше само сон. Адам и Јанек беа веќе во салата и зборуваа за величието на Торели и на неговата ловна соната. На влегување не им реков ништо. Убаво е човек убавите соништа да ги остави да продолжат, понекогаш дури и цел живот ако треба. Токму на тоа мислел свети Петар кога нѐ советувал да бидеме како децата.

Вториот ден успеавме да ги завршивме останатите делови од сонатата и отидовме да вечераме накај осум часот. Тројцата веднаш заминаа накај трпезаријата зашто веќе три часа на секоја мала пауза се расправаа дали сите јадеме по едно цело мало јагне или само едно големо. Јас ги спакував виолините на двајцата филозофи и тргнав две-три минути после нив. Кога ја отворив вра-

тата, видов дека пред неа мирно стоеше една жена. Изгледаше како да ме чека за да ме одведе до трпезаријата. Застанав до неа за да ѝ дозволам да ме води, но таа само стоеше и ме гледаше. Стоев и јас и ја гледав и прашувајќи се себеси дали да се насмевнам или не, чувствував како незабележливо ми се подотвораа очите, микромилиметар по микромилиметар. Да кажам нешто или да си молчам и да чекам домаќинката да го однесе гостинот во салата за јадење. Рамењата ѝ беа целосно разголени, исто како и вратот и рацете, со таква боја на кожата каква што моите соселани фаќаа во август по време на жетва, боја на потпечено јаболко. Тенко ремче од темноцрвена свила ѝ висеше на крајот од едното рамо. Си го фати со левата рака и си го поткрена бавно над клучната коска. Така ремчето стана уште поoптегнато и блескаше од светлината на свеќата што ја држеше в раце како со неа да го чека младоженецот. Ја гледав и јас не знам каде точно, но и таа мене, исто така. Си го крена и другото ремче на левото рамо и тргна кон долгиот ходник без ниту еден, ама ниту еден мал гест.

Трпезаријата имаше високи бели дрвени прозорци, без никакви витражи. Немаше никакви стенописи со описи на славата на пашата, оти тој можеби и не бил толку голем и познат херој во Османлиското Царство.

- Клавирот е од Фиренца. Ми го донесе пријател на добар пријател со брод. Пристигна пред една недела - беа првите зборови на Хусеин паша кога нè пречека за првпат во неговите лични бањи, потонат до вратот во водата опкружен од четири жени. Сакав да му кажам како се нарекува тој "клавир" кај нас, но не се осмелив во тој миг. Околу него имаше три млади девојки и една многу постара жена. Постарата црпеше од една дупка врела вода со голема кофа, слегуваше до половината во водата и ја сипеше блиску до пашата. Во водата престилката со којашто беше обвиена од рамењата, па сè со петите, се поткреваше до колковите и стануваше толку прозирна од водата што ако човек убаво се вгледа, ќе им ги види контурите на градите и темните брадавици.
- А нотите се донесени од Венеција - додаде пашата на не толку лош германски. Зборуваше германски јазик онака како што Германец зборува италијански, отворените тонови ги прави затворени и темни и секој збор звучи пострашно од своето значење. Ни Јохан, ни Адам, ни Јанек не умееја да прозборат нешто пред главата. И тројцата само кимаа со главите насмевнати како пред настап на тигар во циркус. Немавме никакви инструкции за однесување пред главниот домаќин. Во Австрија музичарите по половина година ги учат како да се однесуваат пред царот, два месеци е за однесувањето пред царски благородник и мецена, а еден пред кардинал. За пред папата не знам како е. Овде ми изгледа како да нема ништо такво и како церемониите да беа сведени на дискретен минимум: по едно јагне за вечера и забрадени голи девојки во амам. По кратка пауза во којашто пашата ни

даде убава можност да ги обмислиме жените околу него, додаде:

- Почнуваме за три часа во оваа бања овде. Местото не е како вашите виенски сали но, пак е најтоплата соба во дворецот. Моите пријателите од Италија ми кажаа дека неколку часа влага, на инструментите нема да им наштети. Сè испланиравме. Инструментите оставете ги во пробната сала, ќе ви ги донесат моите слуги подоцна! Сега одете и одморете се!

Жустакорот, брич панталоните и палтото ми беа веќе стокмени. Малку ме стегаа обувките, но се трпеше. И останатите тројца членови на стамбулскиот оркестар успејаа некако да измакнат чисти црни палта и чисти панталони од нивните стуткани и замирисани торби. Пред да почнеме, пашата не рече ништо, не направи никаков гест, изгледаше како мртов со отворени очи. Ја набљубуваше површината на водата и ја спушташе и поткреваше главата како да мери нешто со погледот. Ни фрли еден брз поглед и ги растера балончињата што беа формирани уште пред него. Една од жените што зборуваше некаков славјански дијалект, ни рече дека пашата заповедал, пред да дојдеме, првиот дел да се свири двапати, а сите останати само по еднаш. Ако сме сакале. Сите четворица кимнавме со главите.

По моја грешка почнавме малку побавно темпо од она што го теравме на пробите. Првиот дел го направивме молто граве, два пати отсвирено го влечевме околу 7 минути и нешто. Ехото во бањите и не беше толку непријатно кога засвиреа виолините, моето чембало го прорежуваше просторот и оставаше долго ехо зад себе, но виолините и Јохан ја прекинуваа таа долга звучна линија и она што остануваше од високите тонови во просторот беше токму она што треба да остане. Преку целото време, звукот на капките вода што доаѓаа од бањите се вплетуваше во целата композиција и на неразбирлив начин ја украсуваше, некако ја испрекинуваше, придавајќи ѝ ѕвонлив звук и на третиот дел дури така лесничко ни го забрза темпото. Свиревме во темпото на џвакањето на пашата и на почетокот тоа малку ни пречеше. По неколку минути таа неточност ја заборавивме. Цело време мирисаше на свежа крв, на мокро железо, така мирисаше кочијата на Георг кога врне дожд. Неколку капки вода капнаа и внатре во клавичембалото, но ништо не се случи.

На втората кратка пауза, додека ги редевме ливчињата со нотите, Јанек си ја соблече кошулата и остана само со бела блуза на себе, оти беше неподносливо жешко. Кон седмиот дел пашата силно се закашла и почекавме неколку минути пред да го почнеме осмиот дел за да се докашла. Сите го искористивме тој миг на шумна пауза да се растовариме од некој дел на нашата облека. Јас си го соблеков палото. Ни останувааа само уште неколку минути до крајот. Старецот во водата цело време јадеше од сладостите што му ги служеа жените. Се чудев како болен стар човек може да јаде толку многу и толку гласно. Се преместуваше ту на левата страна на базенот, ту во кружниот дел каде што на секои неколку минути жените истураа врела вода. Беше сам и гол во водата. Одвреме - навреме ќе влезеше некоја од жените, ќе му поткренеше бокал

со некаква течност, и пак излегуваше. Имаше изглед на извонредно задоволен и среќен човек. Во текот на целиот концерт гледаше во нашите инструменти, се поткрена да види што има во мојот „клавир“ и се смешкаше. Не разбравме зошто цело време ги поткреваше веѓите, де левата, де десната, најверојатно така си порачуваше јадење и пиење, или искажуваше здоволство. Јазик се учи, но ќут тешко.

Завршивме триумфално како што правевме на времето во концертните сали, со петнаесетина секунди крај. Последните тонови што одекнаа во бањите замреа пред звукот на џвакањето на пашата. И после молк...никој не аплаудираше. Само молк и водени капки, мирис на железо и пареа. Јохан објави со зарипнат глас дека сонатата е завршена.

Домаќинот почека десетина секунди за да си го дојаде тоа што го имаше во устата. Си ги зами прстите во водата, ни мавна со раката, како да велеше „чекајте, веднаш доаѓам“ и си ја налегна главата на перница полна со вода. Си ги протри очите силно како да ги цедеше од насобраната вода. Кога се облегна, голото чело му блесна од пареата под светлината на свеќите. Тоа беше или вода или пот. Очите му беа црвени, влажни и подуени како да плачел. Ги рашири рацете наназад како распнат. Се фати за работ на базенот со што бавно, како нашата увертира, му се поткрена телото над водата со стомакот напред. Му ги видовме срамните влакна и влакната на градите. Тоа беше како оригинален букет цвеќиња за музичарите. Излезе бавно од водата како што доликува на старец и кашлаше неколку минути како да се обидуваше да извади големо коска од грлото. Во тој миг влегоа други жени од една странична ниска и тесна врата. Овде како да имаше природни извори на жени и врела вода, па нне знаевме дали сите тие девојки се различни или постојано се вртеа истите. Една од нив, млада и облечена во темноцрвена наметка, нè повика и нè одведе во една нова одаја пак полна со црвени теписи. Имаше дрвени клупи на сите четири ѕидови и големо огниште што ја беше загреало собата повеќе од самите бањи. Сигурно овде го облекуваат пашата по неговите водни сесии.

Нè оставија да чекаме околу еден час, ако не и повеќе. Јохан седна на една од дрвените клупи и најпосле си ја соблече кошулата. Игледаше доста загрижен, како да чекаше оценка за настапот од композиторот. Ме погледна во очите и ги поткрена веѓите.

- А што ако после концертот, паф паф, не убие сите четворица? Никој нема да знае што се случило. Толку далеку од дома кој ќе тргне да нè бара или кој пратеник ќе дојде пред Портата да праша да не виделе четворица скитачки музичари? Каде ќе не бараат, по кои земји?

Тоа утро и јас се разбудив со непознат страв во грлото. Цел ден не сакав да ја осетам залезната светлина во салите со прозорци. Многу сакав да заврши концертот и да си тргнам накај дома, но не сакав да заврши денот, зашто ми беше страв да не ни биде последен. Како ќе живее Мартина без мене? Како ќе ги гледа децата без мене?

Во тој миг дојдоа три жени и покани ја еден од нас да оди во одаите на пашата за да нè поздрави пред тргнување.

- Само еден, не сите тројца - додаде Јохан со истите поткренати веѓи.

„Корели“, извика пашата со долго и акцентирано „е“ и зарипнат глас кон мене кога влегував во неговиот кабинет. Се искашла влажно неколку пати и додаде со пророчки гест и со крената рака на чист италијански: „Virtuosissimo del violino, e vero Orfeo“. Зборуваше како здрав, а кашлаше како болен човек.

- Ваша милост, ја исполнивме ли вашата последна желба онака како што сакавте?

- Ја исполнивте мојата *претпоследна* желба господа, мојата последна желба е да умрам мирно и што е можно побргу. Да умрам толку брзо како некој да ме убива, но да не ме убие, да умрам така од себеси, наеднаш да престанам да дишам. Тоа е мојата последна желба - се изнасмеа небаре ми ја раскажал најсмешната шега на Османлиската Империја.

- И ние Ви го посакуваме тоа, ваша милост!

- Сакам никој да не разбере за нашиот концерт овде. Никогаш, ни кажано, ни напишано. Тоа не е желба, тоа е правилото на куќата и ќе Ве молам да го почитувате! Знаете ли што е и што ќе остане најголемата задача на османлиските стражи? Да не ги пуштаат царските приказни да излезат надвор од портите на Империјата. Затоа никој не знае како се живее тука. За вашите знаеме сè, за нашите не знаете ништо.

Пашата беше мил како дедо со мала внучка, ми раскажа за неговите авантури во Австриската Империја, раскажуваше кратко, со избрани зборови и на германски јазик. Се гледаше дека јазикот го владее до најтенките детали и нијанси. Изговараше цели реченици во таков одмерен ритам, како да ги научил наизуст. Откривме дека минувал блиску до нашето село пред неколку години, дека имал неколку жени и многу деца, дека неговата империја не е веќе толку силна каква што била порано, но дека тоа не е затоа што водачите биле глупаци (рече буквално dumm), туку затоа што биле алчни.

Ред зборувавме, ред молчевме. Пашата беше просветен човек, не онака како што го замислувавме. Почувствував дека може да го прашам нешто што не ни помислував дека ќе имам храброст да го прашам.

- Ваша милост, кажете ми зошто токму Корели? Тој е Италијанец, како и папата, зошто токму таа соната?

- Затоа што е во чест на еден мој стар и многу добар пријател и брат. Нотите ми ги остави неколку месеци пред да умре, откако разбра дека неговите музичари биле убиени пред да стигнат во градот на негова покана.

- Што ви рече? Дали делото е божјо или не?

- Да, ни рече и дека божјите дела на запад се тажни дела. Сакав да потагувам така како што му доликува на стар маж каков што сум јас. Не може тагата да е резервирана само за жените во ова царство.

- Но, не секое дело посветено на Бога е тажно.

- Јас не ги знам другите и немам ниту време, ниту желба да ги слушнам некогаш.

- Јас би рекол повеќе дека оваа соната што ја слушнавте денес е дури премногу весела, ваша милост. Таа раскажува за радост.

- Никој никогаш не раскажувал за радост или за тага, така само ние ги гледаме работите. А и ние двајцата имаме различни гледишта за тоа што е весело, а што тажно. Јас сакав малку да потагувам над моите последи денови и тоа ми се исполни. Можеби ќе ви звучи смешно, но само тагата успева да ме потсети на радоста што ме чека од другата страна на животот.

Продолжив да молчам, но толку убаво разбирав што велеше стариот брадест и полугол маж пред мене.

- Нема зборови, само звук, како капките во бањата - додате пашата за крај и ме испрати со раката.

Кога се вратив во килимната сала, сите ме гледаа со очи полни исчекување. Им раскажав сè до последен збор и им реков дека сега треба да чекаме, пашата ќе среди да тргнеме најбрзо што може. Колите веќе се подготвуваат, водачите ќе биле овде за ден два. Настана тишина, Јанек како да се разбуди од сон, кимна со главата одобрувачки кон Адам и кон нас двајцата. Настана неудобна тишина, за првпат откако се сретнавме сите четворица во Грац. Во тој миг си помислив на жената со ремчето пред пробната сала, сега си замислив колку само убаво беше тоа создание.

Грац во овој период од годината е многу студен, постудено е дури отколку во февруари. За неколку дена Георг требаше да биде вратен дома за литургијата за Сите светии. Требаше да биде со Лена, за тој празник секоја година доаѓаше семејството на сестра ѝ и тој настан никако не смееше да го пропушти, но неговиот пријател од Стамбул веќе два дена не се појавуваше. По сите пресметки што ги направија на одење, тој во Грац требаше да пристигне во понеделникот попладне, еве денес е среда а од него сè уште ни трага ни глас. Георг не беше загрижен дека нешто му се случило по пат и сè уште не си беше дал последен час до кога ќе седи и ќе чека, сакаше само да не го пропушти празникот дома, тоа беше сè. Добро е што сè уште нема снег, ако падне сега, како што знае небото да направи во овој период, веќе да беа и на половина пат, ќе стигнеа дома тогаш кога сето празнично вино ќе беше испиено и сите гости разотидени. Не си ги зеде зимските чизми за да не го урочи времето, ако падне снег, занеше дека ќе се врати дома со тешка настинка.

Беше среда попладне, Георг беше во паркот пред малиот конак “Свети Леонард”, каде што ноќуваше и го минуваше денот со своите два коња и со стариот Јиржи, градинарот на паркот пред конакот. Седеа двајцата на една клупа веднаш до коњите и се загледуваа во луѓето што поминуваа пред нив и ги поздравуваа. Во тој миг, пред нив помина една млада жена со две бебиња. Едното беше поголемко, знаеше да оди и се тетеравеше пред нозете на мајка си којашто на секои три-четири чекори го подбутнуваше напред истовремено при-

држувајќи го за палтенцето да не падне. Изгледаше како да брза некаде. Георг се загледа во жената и се потсети на својата судбина со Лена.

- Жената има деца, децата имаат некаде татко, толку е едноставно - му рече Георг на Јиржи, којшто само кимна со главата. Без гранки и коренот умира, нели е така, Јиржи?

Јиржи пак само кимна со главата. Георг не знаеше дали тоа беше потврдно или не. Малото бебе што мајката го држеше во рацете толку беше загледано во коњите што си ја извитка цела глава наназад и го испружи рачето кон нив. Георг му мавна и му дојде да си поплаче. Сè што Георг знаеше во тој краток миг беше тоа дека гореше од желба да ја види својата жена и да се заклучат во куќата и да не излегуваат од неа ако треба и цела една вечност. Тој си помисли на веќе остарената, но толку мека и нежна кожа на стомакот на Лена, си помисли на нејзините гради и на тоа колку само женствена беше жената што никогаш нема да биде сосем сигурна дека е навистина сакана од својот маж. Но неговиот пријател сè уште не доаѓаше.

- Да не му се случило нешто по патот?! - помисли Георг и му се насмевна на Јиржи.

По некое време, Георг стана од клупата и тргна накај црквата. По неколку чекори застана и се сврте кон Јиржи и го праша:

- Колку јагнења носат овде верниците в црква за празниците, Јиржи, едно или три?

Јиржи се направи како ништо да не слушнал. И онака тој одамна веќе не слушаше најдобро.

Живко КАРЕСКИ

САЛЧЕ

Од сите жалости, оваа ја боли најмногу. Срцето ѝ го кине. До денес тагуваше неколку пати, ама сега...тишината во нејзината спална соба ја пара нејзиниот плач. Плаче, плаче, па се примирува, а усните ѝ потреперуваат. Сосема случајно, во огледалото на плакарот, таа се гледа себеси, седната на креветот, ги гледа своите вжарени образи, крвјосаните очи. „Ајде! - ѝ прелетува низ главата. Облечи ја црнината и слези долу! Има уште многу време за плачење.“ Со напор станува, го зема црниот фустан од плакарот и го облекува. Без да се погледне во огледалото, со вешти движења, својата костенлива коса ја собира на тилот. Од кутијата на наткасната го зема бисерниот ѓердан што татко ѝ ѝ го подари кога матуриваше... Мама секогаш велеше:„И на моето заминување да го носиш, чедо!“ - ѝ прелетува мислата. Да, ќе го носи и денес и утре. Ги обува црните чевли, го зема и црниот, правоаголен шал и брза низ скалите. Во дневната соба ја пречекува тишина. Тешка тишина. Тишина што пара, тишина што боли, тишина што пече. Стои покрај ковчегот, загледана во смилосаното, малку насмеано лице на најзината нена, на нивната нена. А солзите ги остава да течат по нејзините образи.

- Ајде Салче, ајде мила! - ѝ приоѓа Петар. Дојди, сестро, седи, седи!

Таа немо го погледнува својот постар брат, не вели ништо и го остава да ја поведе од другата страна на ковчегот, до троседот. И тој седнува покрај неа, гушкајќи ја.

- Сé е веќе средено, сé е во ред - тивко ѝ вели. Немој за ништо да се секираш!
- Така ли? - шепотно прашува Славче, барајќи го неговиот поглед. Немој нешто да не е како што треба!
- Сé е договорено, на сите јавено. Набргу и Наде ќе стасаат!..

Салче само благо климнува со главата и се навалува на братовото рамо. Не забележува ни кој влегува, ни кој излегува. Не го слуша ни шепотниот разговор меѓу тетка Блага и стрина Добра. Така навалена на братовото рамо и загледана во ситната резба на ковчегот, во мислите се враќа назад, многу години назад:

„Разиграни снегулки... тригодишно девојченце во широки, маслинести панталони со завиткани ногавици, кафеаво палто - три броја поголемо и со завиткани ракави, жолто шалче околу вратот, платнени патичиња и предиплен лист од тетратка во џебот. Црномурна жена што

ја фаќа за малата, премрзната дланка и ја поведува со брзање низ дворот, во големата куќа, зад портата од ковано железо. Нежен галеж по костенливите кадрици, блага насмевка и прашањето: „Како се викаш?“ „Салче!“ - срамежлив, уплашен шепот, а на предипледниот лист од џебот пишува: „Ова е мојата сестра Славче. Татко пред две недели почина, мајка пред три дена замина некаде во светот. Не можам да се грижам за неа. Во аманет му ја оставам некому со големо срце. Збогум! Кирчо“ А потоа, со насмевка: „Ти си нашата малечка... ова се твоите браќа Петар и Диме и сестра ти Наде. И тато Орде којшто е дома само доцна попладне и долго со загрижен поглед. Јас... јас сум твојата... не, твојата, вашата мама Вера, ама, вие викајте ме нена! Е-е-е, до денес и само за нив останав нивната, мала Салче. И мојата розова соба со розов кревет, розов плакар, розова постелнина, многу играчки и многу насмевки, потоа приказни пред заспивање, голема новогодишна елка, под неа многу подароци за сите дома, многу роденденски торти - од пролет до првите пожолтени лисје, нишалка во дворот, летувања на море, прв училиштен ден, секоја година именден на Петар, Диме и тато. Мојот голем портрет, покрај другите, ене и денес е на ѕидон... го наслика бато Диме и веднаш потоа замина во Париз. Ах, колку е убава дада Наде во невестинскиот фустан! Колку пролеани солзи кога Диме беше во болница, таму, некаде далеку... ах, таа сообраќајка... милиот мој, бате Диме... првото внуче во куќава - синот Иванчо од бате Петар. Потоа дојдоа моите гимнзиски денови и првото заљубување, мојата матура: сите петки, златна белезица од Петар, обетки од Наде, неочекуван подарок - златен синџир со плочка на која е изгравирано: „На мојата сестричка Салче од бато Диме“ и бисерен, трипреден ѓердан од нена и тато. Потоа следуваше студирање, патување, летување со Милан и пред дипломската нена рече и пресече: „Па, што ако е сиромашен?! Тој те сака! Ќе останете со нас, овде! Место има за сите!“ И така дојде денот на мојата голема свадба. А на свадбата дојде неповикан гостин. Мојот поглед се сретна со неговиот, во моето и во неговото око солза светна и прашањето што како птица летна: „Кој е овој? Каде сум го видела веќе? Или?“ Да, да, десетина дена по свадбата, Петар ми кажа: „Моја Салче! Тој ми рече дека бил твојот брат. Види, па ти не паметиш? Нашата Чае пред порта те нашла, а другото го знаеш. Јас го замолив свадбата да мине. Пак се претнавме вчера, тој ги виде документите и си замина, мила моја сестричке и никогаш, никогаш повеќе нема да се врати. А ти биди спокојана, ти си наша и ничија од друг... ти си нашата Салче!“ Ми требаше малку време. Јас на работа, Милан со екипата час ваму, час таму... ете, мајка се сторив, а синот Орданчо, од тато името го носи. По неколку месеци пролеав многу солзи, многу тагував. Бато Диме почина. Го донесоа во метален сандак, а животот не застана. Чинам оти нена преку ноќ остаре, а тато... тато, по една година имаше инфаркт и си почина. Нова тага, нова болка. Не дочека кутриот, в раце да ја крене нашата ќерка. Петар се пресели во новата куќа. Понекогаш доаѓаат на неделен ручек. Гледав како нена старее. Многу ноќи до зори светлото во нејзината соба светеше, а таа како цвеќе без вода венееше. Нејзе, трошка љубов што во срцето ѝ остана, на моите деца

им ја подаруваше. Сите се навикнавме на нејзината црнина: јас, Чае, децата. И Чае веќе остаре, а уште е со нас. И кога стаса кобната вест: мојот Милан... гушкање и ракување, а не знаев дека тоа ќе биде негово последно патување и уште една прерана смрт и уште еден свеж гроб. Ех, живот!“

Благиот допир од братовата рака како да ја разбудува од некој чуден сон. Погледнува во Петар, па погледот го свртува кон вратата. Таму стои Наде, а покрај неа Ацо и децата. Погледот ѝ запира на кошницата со многу црвени рози што ја држи Ацо. Држејќи се за братовата подлактица, Славче споро станува и во следниот миг настапи гушкање и гласен плач. Чае ја подзема кошницата, ја остава на масичката, над главата од покојната и излегува. Двете сестри, така гушнати, стојат среде собата и плачат. Славчевиот, плачлив поглед е закован за драгиот ѝ лик во ковчегот, а мисли ѝ доаѓаат:

„Ех, Салче, Салче-е-е! Во оваа куќа дојде сама и еден ден пак ќе останеш сама-а-а! Којзнае дали твојот Орданчо ќе се врати од Америка?! Еден ден, можеби многу скоро, и твојата Лидија ќе се омажи, а ти... ти, Славче или Салче, како што ти е мило, ќе останеш сама, само со твоите песни, со твоите раскази, со твоите слики. Можеби покрај тебе ќе биде само старата Чае. А ти? Ти ќе имаш и премногу време да ги оддиплуваш и да ги предуваш спомените. Сите убави и сите болни спомени, Салче! Можеби така рекле наречниците, којзнае?! И тоа е живо-о-от! Ех, Славче, Славче-е-е!



П(Р)ОГЛЕДИ

Марина МИЈАКОВСКА

ЉУБОВНИ ПАРЧИЊА СОН

Чедомир Шопкиќ е ново име во македонскиот поетски универзум. Тој досега ни е познат како преведувач на неколку книги од српски јазик. Сега тој се појавува како автор на стихозбирка именувана како *ЧУВАР НА СОНОТ, АНГЕЛУ МОЈ*. Оваа прва авторска книгата на Шопкиќ е во издание на Книгоиздателството *Феникс* од Скопје, а е издадена во 2018 година. Низ страниците на стихозбирката се распослани слики на возвишените љубовни чувства и егзалтации на лирскиот субјект. Затоа не случајно книгата е најавена со неколку стихови од Рабиндранат Тагоре, а ваквата јадица н[illegible] води во светот на љубовните сензации и егзалтации на возвишениот дух. Станува збор за поезија допрена од раката на интимистичките чувства. Тоа се стихови допрени од искрените љубовни емоции на поетот. Несомнено е изедначувањето на лирското јас и реалното јас на поетот човекољубец, поетот вљубеник во жената, човекот којшто живее на љубовните ливади и сонот.

Книгата се состои од 36 песни што се распределени во четири тематски и носечки циклуси: *Патување низ етер, Вековниот шепот, Облак од раката на Боѓа и Мојот чувар – мој анѓелу.* Секоја песна трепери помеѓу урбаното секојдневие и сонот. Таквиот ониристички манир му дава на читателот парчиња од љубовните приказни што се одигруваат на филмското платно. Вистината секогаш е како во сонот, ни бега и е секогаш различна. Тоа може да се забележи од следниве песни: *Сонував, Непознато време, Што ли е вистинска љубов?; Патување низ етер – писмо; Останува сонот – не заборавај; Плови од сон во сон,* и др. Во песните од првиот циклус *Патување низ етер* и вториот циклус *Вековниот шепот* авторот во надреалистички манир посегнува по сонот како макротема и ја разработува и распостила низ микротемите на сите песни од циклусите. Тоа може да се види од следниве стихови од песната *Плови од сон во сон:*

Сеѓа секој на својот ден му се враќа,
постелата ја препуштаме на снив,
еден од друг ние далеку сме,
будни секој во своите окови. (стр. 41)

Песните по форма се долги, наративни, сугестивни. Значајни изразни средства на поетскиот стил се реторичкото прашање, епитетот, метонимиските и метафоричните комбинаторики.

Авторот успева да го одржи поетскиот патос и да создаде низа од сугестивни поетски слики. Во творбите избива воскликот на поетското јас, а во тишините на мислата избива црно-синиот, па дури и бело-црниот амалгам на сонот и јавето или прегратката на денот и ноќта. Тоа се забележува во стиховите од третиот циклус *Облак од ракаша на Боѓа.* Во песните: *Небесно син сашен; Небесниош свод во окошо; Звуци-сшрав; Последниош сјај на небошо,* и др. поетот ја опева темата на надреалното љубовно чувство што трепери во сонот и ја остварува својата комплетност. Целта на секој човек во животот е да ја оствари љубовната патека и да има среќна и осмислена егзистенција. Во последниот, четвртиот циклус *Мојош чувар – мој анѓелу* во песните љубовта добива своја реалност и изразност. Тука сè повеќе сме во допир со крилјата на љубовта. Такви се песните: *Ришамош на шишината; Крилјаша ѓи рашируваш; Крилјаша коишшо ме чуваашш; Има ли збор; Иѓра* и др. Токму во овие песни се отсликува автобиографскиот миг од животот на поетот што е преточен во стихови за љубената. Метафората на ангелот е метафора за љубовта како вечен двигател на животот и светот.

За првата стихозбирка на Чедомир Шопкиќ *ЧУВАР НА СОНОТ, АНГЕЛУ МОЈ* можам да констатирам дека е успешно поетско остварување. Од поетот треба допрва да очекуваме да развие свој стил и поетски израз по којшто ќе биде препознатлив. На Чедомир Шопкиќ му посакувам добро здравје, успешна работа и уште многу поетски созвездија!

Кирил ЗРЛЕВСКИ

Преку Толстој до откривање на некои ЖИВОТНИ загатки

Кога би говореле за човечката среќа и сите фактори што влијаат врз неа, сигурно би се прашале: "Колку е тежок процесот на човечка егзистенција и борбата за подобро утре ако е отсутен напливот на среќа во секој момент од постоењето?"

Ако пристапиме мудро кон тоа главно прашање што го мачи современиот човек, со сигурност би дошле до квалитетен одговор.

Ако имаме прилика да вкусиме торта што изгледа совршено, секако дека ќе сакаме да дознаеме кој е рецепот за неа и откога ќе ја направиме, со нетрпение ќе сакаме да знаеме дали сите нејзини состојки во комбинација си одговараат една на друга. Ако целиот микс е совршено вкусен, ние ќе бидеме среќни со тоа. Ако пак, нешто не се вклопува во целината, секој од нас би кажал различна причина зошто не му се допаѓа тортата. Така е и со сите семејства на светот, а Толстој за нив ќе каже:

"Сите среќни семејства си прилегаат едно на друго, секое несреќно семејство е несреќно на свој начин".

Во ова мое излагање ќе ставам акцент на збирот од позитивите што го создаваат најсилното, најважното и најнеопходното чувство – среќата и преку неа да ги прикажам (испишам) најглавните фактори што го контролираат квалитативниот однос на човечкото постоење и неговото опстојување со природата и обратно.

Во прилог на тоа ќе се послужам со некои најмоќни цитати кажани некогаш од еден вонвременски великан на рускиот и светскиот реализам Лав Николаевич Толстој.

Врз основа на овие цитати (состојки) ќе се обидам да направам торта, а на крајот ќе оставам простор за дегустација на едно парче од неа.

Ние, драги читатели, сме сведоци на едно мачно и глуво време каде што некои основни човечки морални вредности се изгубени по секоја цена. Ако морам да дадам дефиниција за тоа што е МОРАЛ, а верувам дека сите од Вас го знаат тоа, би ја искористил дефиницијата на германскиот филозоф Фридрих Ниче: "Моралот е идиосинкразија на декадентите, со позадинска намера да му се одмаздат на животот и тоа, со успех."

Тргнувајќи од тоа, би кажал неколку зборови за тоа што значи да бидеш морален и неморален човек.

Човекот којшто се смета за морален во општеството значи дека поседува морални човечки вредности, нив ги користи за да се изгради како зрела и одговорна личност. Тој е во постојана врска со општеството и со активностите, засновани на моралните вредности што ги презема и достигнува успех во сите области од неговото дејствување. Тој човек е прогресивен.

Човекот којшто се смета за неморален во општеството, значи дека не поседува морални човечки вредности, обично потешко, речиси и невозможно е да се изгради како зрела и одговорна личност. Тој не е во постојана врска со општеството и природата, а оттука произлегува и тоа дека не е социјално активна личност којашто достигнува значајни успеси и прогреси во животот. Тој човек е декадент.

Судејќи по тоа дали ние имаме развиено навики за добро или лошо однесување, т.е. дали располагаме со тоа што се вика МОРАЛ, можам да дојдам до заклучок дека:

"Еден од најголемите услови за среќа е врската меѓу човекот и природата што не смее да биде прекината."

Кога сме цврсто уверени дека правилно ги поврзуваме сите алки од синџирот наречен "живот," несомнено е градењето квалитетна врска помеѓу нас и сè друго околу нас. Кондуктивниот медиум во овој процес би бил единствениот обновлив природен ресурс – среќата.

Во конекцијата на важните животни алки (образование, работа, брак, семејство и др.) со сигурност ќе бидат вмешани надворешни влијанија, како на пример луѓето што нè опкружуваат, информациите што ни ги пренесуваат, книгите што ни ги препорачуваат и др. Но, не треба да дозволиме надворешното опкружување да го контролира нашиот внатрешен интегритет, а со тоа да влијаат врз нашите емоции. Не треба да дозволиме да ја деградираат нашата среќа, бидејќи Толстој за неа ќе каже:

"Среќата не зависи од надворешните работи, туку од начинот на којшто ние гледаме на нив."

Спротивно на тоа, ќе дадам едноставен пример за ситуација во којашто свесно дозволуваме да навлезат егзогените фактори во нас и да нè променат, секако во позитивна насока, без штетно влијание. Ако еден од десет луѓе се однесува добро со останатите девет, се очекува тие деветмина од групата да го забележат позитивното влијание на поединецот во дадена ситуација. Доколку оваа човечка вредност (позитивност) е високо оценета од нивна страна, тоа значи дека тој еден од групата е лесно влијателна надворешна материја врз внатрешниот состав на останатите девет личности. Во овој случај, тие линости свесно дозволиле позитивните вибрации да им ги насочат нивните емоции и чувства кон позитивната страна. Но, овде не станува збор за дејствување врз промена на животните алки. Затоа човекот полесно го прифаќа туѓото влијание врз себе.

Во тој момент, "наметнувачот на насмевка" размислува за тоа колку другите го сакаат, бидејќи се однесува добро и позитивно со нив. За тоа Толстој ќе каже:

"Секогаш мислиме дека луѓето нè сакаат затоа што сме добри, но никогаш не помислуваме дека се добри оние кои што нè сакаат."

Треба ли да се помириме со фактот дека во ситуација кога можеме да господариме со природата и постојано да го зголемуваме производството на материјални богатства за наша егзистенција, мораме да се откажеме од НАДЕЖТА за еден нов свет на трпение, солидарност и вистина?

Ако некој некогаш даде потврден одговор на тоа прашање, Ве молам драги читатели, дајте му простор нека размисли повеќе за тоа дали ќе се чувствува комфорно со еден тон злато или со два грама вистина, некој да му го води животот без негово залагање за прогрес или тој да преземе сопствени мерки за организација на неговиот живот и подробно нека размисли дали со тоа ќе го промени светот или треба да се промени само тој. Затоа, Толстој за тоа ќе каже:

"Двата најмоќни воини се трпението и времето."

"Вистината, исто какои и златото, се добива не со зголемување на количината, туку со отстранување на сè она што не е злато."

"Единствената смисла на животот е да му се служи на човештвото."

Ние луѓето имаме моќ да го промениме сè она од коешто имаме само релативна полза и да се насочиме кон нешто што е трајно, корисно и важно. Тоа значи дека треба да го смениме мислењето дека материјалното богатство е на врвот од пирамидата и да направиме нешто СЕГА, ВО ОВОЈ МОМЕНТ, што ќе биде од животно значење како за нашата ЛИЧНОСТ, така и за сè останато. Затоа Толстој ќе каже:

"Постои само едно време што е важно – СЕГАШНОСТА! Тоа е најважното време, бидејќи е единственото во коешто имаме некаква моќ."

Крајно време е да го ставам шлагот на тортата со неколку цитати што мислам дека се од голема важност за нас, за нашето постоење, опстојување и конектирање со надворешниот свет:

"Сите размислуваат за промена на светот, но никој не мисли да се промени самиот."

"Секој би можел да живее прекрасно на овој свет, само ако знае како да работи и како да сака."

"Сè доаѓа во вистинско време за оној којшто знае да чека."

"Големите работи секогаш се едноставни и скромни."

"Изгубивме, бидејќи си рековме себеси дека сме изгубиле."

1. Парчето торта не би било совршено вкусно ако врз шлагот не се стави

парче зрела јагода. Прашањата што ќе ги испратам до Вас, почитувани читатели, ќе ги оставам неодговорени. Ќе очекувам со силна сласт да ја дегустирате јаготката и двапати да размислите дали нејзиниот вкус навистина е компатибилен до тортата.

2. Има ли сè уште време да се промени ваквиот тек на човечкиот опстанок и неговата конекција со природата?
3. Ќе успееме ли да го промениме тој тек и да станеме господари на околностите или ќе дозволиме околностите да владеат со нас?
4. Ќе можеме ли да го премостиме јазот помеѓу нашите големи интелектуални дострели и нашата емоционална и морална заостанатост?

Пријатна дегустација би сакал да Ви посакам со седум слатки зборови:

„Ако сакаш да бидеш среќен, едноставно биди!"

Васил ТОЦИНОВСКИ

СО ЗБОР И ДУША ДО НАУЧНИТЕ ВИСТИНИ

Nikola Šimić Tonin, *Perspektiva podjele*, nak. HKD Og. Zadar, 2018.

Во обемниот жанровски разновиден/богат книжевен опус на Никола Шимиќ - Тонин со високи естетски вредности се вклучува и новото дело *Perspektiva podjele*. Содржината на книгата ја составуваат шест научно-истражувачки трудови. Поетскиот наслов не е само провокација за читателот, туку точно ги дефинира методите на авторот во употребата на зборот што паралелно оди со мислата и душата во откривање на тајните од одредени времиња, настани, личности и дела. Манифестации на нештата што некогаш биле живот. Авторовата тенденција е точно одредена. Традицијата и континуитетот на хрватската книжевност и култура како нераскинлива врска со националната самобитност, идентитет и непокор, со родот и породот се теми и мотиви што целосно ги исполнуваат страниците од новата книга на Шимиќ - Тонин. Тоа уверливо го аргументира првата/уводна студија *Rama u književnome stvaralaštvu Rajka Glibe*. За овој познат современ поет, раскажувач, драмски писател, есеист и автор на учебници децидно се одредува оти е: *izrastao i razvijao se na zasada mausmenorodne književnoti svoga zavičaja, koji je stoljećima slavio kao Eldorado kratkih usmeno književnih oblika, ali i svih drugih oblika te književnosti... Od mladosti do kraja života dosljedno je ispoštovao zavjet hrvatskog književnog nobelovca Ive Andrića: „Urami se u Rami, i Bog, i Bosna, bit će na tvojoj strani“.* Поврзаноста со родната грутка и со битот на својот народ се единствената цивилизациска врска со минатото и со иднината. Современата/модерна книжевност, сопствениот и единствен извор од којшто потекува и векува е духовното и материјално богатство создавано и постојано надградувано од безимениот народен генијј.

Текстот *Riječ o svestranosti u skici za portret korčulanina Petra Kanavelića* е коавторство со Жаклина Глибо. Секако, станува збор за интересна, духовита и образована личност. Како што поучува животната и животворна мудрост, со години макотрпно, внимателно и упорно ги создава/гради книжевната кариера и профил на писател од 17 век. Долгото траење го удостоило како значаен прет-

ставник на барокот во хрватската литература и како што точно одредува книжевната наука, тој е најголемиот корчулански поет на своето време. Животните и творечки врвици се една неделива целина, па оттука авторите трагаат во интересниот книжевен и политизиран животопис. Концентрирајќи се на поезијата и драмските текстови како најзначајни сегменти во творештвото на Канавелиќ, аргументирано синтетизираат оти тој *je apsorbirao elemente i metode drugih tradicija, i pokušao ponuditi svoje verzije tema koje je smatrao zanimljivim i aktualnim*. Како умен човек и зналец во сопственото творештво, тој го потврдува златното правило оти најдобро и најмногу се учи од туѓото искуство. Тоа го дополнува и неговата преведувачка дејност. Книжевните системи како и времето се менуваат (менливи се), но вредностите имаат трајни пораки и поуки. Нивен стожер се идеите и идеалите. Така и се профилирала личноста на Канавелиќ во трајноста на одговорноста пред пишаниот збор. Иако на прв поглед се чини необично, во целината на книгата се вклучува и записот *Krapanski spužvari*. Истражувајќи за сунѓерот како филтер на морската вода се испишува летописната книга за овој занает со добра заработувачка на островот Крапањ. Она што е посебно, индивидуално или карактеристично за еден строго одреден географски простор го поврзуваме со посебноста на писателовото писмо. Тргнувајќи од древното правило оти литературата/создавањето непосредно извира и го одразува животот, таа отсекогаш била и останува нешто повеќе од самиот живот.

Авторот е свет/универзум сам за себе. Систем од правила и норми, но и магична загатка. Во *Planet Zemljar* со нагласен есеистички третман се проследуваат животот и делото на Анте Земљар, борец за слобода на човекот, говорот и пишаниот збор. Постои непишано правило оти луѓето коишто размислуваат и дејствуваат слободумно и јавно, така и чекорат пред сопственото време, имаат проблеми/недоразбирања со моќта и силата на власта и политиката. Голооточката одисеја врз Земљар неизбришливо го втиснала жигот на егзистенцијалните категории од бесмисла и апсурд. Тој бил воин со збор и на дело. Оттука, како хуманист високо го воздигнал својот глас/револт против војната, најголемото зло на човештвото и ја започнал беспоштедната војна сам со себе. Слободата и иднината се основи на човековото опстојување. Само слободниот може да биде среќен човек, порачува и поучува овој трагичен пажанин. Во литературата како и во комплексот на животот чијшто составен дел е таа, постојат правила и норми на делби и квалификации. Во текстот *Perspektiva podjele* се поставува прашањето за разграничување меѓу литературата за деца и млади од една, како и литературата за возрасни, од друга страна. Ова е, би рекле, своевидна дежурна тема за проучувачите на книжевноста што предизвикува многу спротивставени/противречни размислувања и судови. Значи, постои онаа мала и небитна, запоставена и книжевност во сенка наменета за деца и млади, но и онаа голема и одважна книжевност за возрасни. Ваквата поделба, според нас, е бесмислена. Книжевната поделба не е можна според возраста на читателите, консументите, туку единствено таа поделба/разлика се прави според естетските вредности на делото. Шимиќ Тонин луцидно ќе укаже

оти Малиот принц е книга за деца, но и детска книга за возрасни. Аналитичноста на трудот најдобро ја аргументираат безбројните примери од хрватската и светската книжевност.

Секое уметничко дело не е цел сама за себе, туку тоа треба да дојде и да се вдоми во својата публика. Книгата се создава со строга намена за интерес и можен восхит на читателите. Завршниот текст *Self - help literatura* опстојно ги проследува, толкува и коментира состојбите во издавачката дејност, пазарот, тиражите, закономерностите меѓу понудата и побарувачката, библиотеките, прашањата за што подобар пласман и продажба на книгата. Притоа, опфатени се сите видови и жанрови творештво. Во таа смисла, провокативни се сознанијата за *златните кокошки* за издавачите, но и интересни и клучни се барањата за стекнување навики за читање и за профилирање на читателскиот вкус. Сите текстови/студии во книгата се богато опремени со попис на дела од разгледуваните автори или прашања, литература, резиме на англиски јазик што ја дополнува и заокружува научноста на делото. Никола Шимиќ - Тонин и во *Perspektivi podjele* ја потврдува на најдобар можен начин сопствената автохтона поетика. И како научен истражувач тој е свој на своето народски речено, а квалификуваниот читател и без неговиот потпис точно знае оти зад трудот стои токму тој. Поставената задача не е нималку лесна и едноставна. Филозофијата и до денешни дни не успеала да го хармонизира заедничкото чекорење на мислата и срцето. Но, Шимиќ - Тонин создава еден свој/сопствен текст во кој проблемот или прашањето за научна разработка едноставно го пресоздава во приказна. А така постапува само тој; пишува како поет и раскажувач, новинар и публицист (*Krapanski spužvari*), гласноговори и полемизира, воспоставува дијалог. Се навлекол читателот на неговото кажување, го чита и препрочитува како необична и интересна приказна. Дури по затворањето на кориците останува вчудоневиден, оти всушност приказната што неретко наликувала на сказна била елаборација на историски, книжевни и културни прашања. Историјата се поврзува со естетски вредности и достоинства, а современите теми ги провоцираат актуелни и горливи прашања.

Ана ВИТАНОВА-РИНГАЧЕВА

Модерен шаманизам

Современи шаманистички искуства

Религиозниот човек во својата перцепција ја гледа природата како слика којашто, освен материјалното, во својата позадина носи многу повеќе духовен материјал. Со својата мистичност, возвишеност, но и демонска сила, природата отсекогаш го восхитувала човекот, без разлика до кој степен на својот развој стигнал или во какво општествено уредување живеел. Модерниот човек, сакал тој да признае или не, не може да остане рамнодушен на природата, без разлика што напати се обидува да ја вразуми и да ѝ пркоси. Не станува збор за естетските, спортските или хигиенските вредности што ѝ се припишуваат на природата, напротив, како што истакнува Елијаде, станува збор за извесно нејасно и тешко одредливо чувство во коешто се наѕира сеќавањето на обезвреднетото религиозно искуство.

Човекот никогаш не бил осамен во својот престој во материјалниот свет, отсекогаш бил интимно поврзан со природата, животните и растенијата. Особено е впечатлива неговата поврзаност со животните што може да се воочи преку цртежите по ѕидовите на пештерите, ритуалите поврзани со ловот и подоцнежните митски претстави за нив. Светските митологии како колективно културно наследство на човештвото, се најдобар показател за таа врска, чиишто остатоци се читаат во митовите, легендите и верувањата. Современиот човек ја поседува таа инстинктивна енергија што претставува дел од неговиот генетски материјал, но под влијание на многу фактори, таа е потисната некаде длабоко во потсвеста. Индивидуалното несвесно инкорпорирано во една повисока сфера на организација, станува универзално и колективно наследство, станува архетип. Кога архетиповите како имперсонални обрасци на енергија стануваат дел од персоналната природа на човекот, тогаш тие стануваат негови сојузници. Меѓутоа, архетиповите покрај својата позитивна страна, имаат и своја мрачна страна што е потисната и заробена. Кога така потиснатата и заробена енергија човекот ќе ја пушти да излезе од него, тогаш таа станува негов сојузник и помошник.

Сржта на шаманизмот, неговите следбеници ја бараат во убедувањето

дека сите ние сме дел од едно суштество или сила што може да ја наречеме Бог, Праизвор или Космичка свест и дека сите живи суштества во Универзумот се поврзани со една заедничка нишка. Современите шамани зборуваат за т.н. животно на силата коешто претставува силна енергија што извира од колективното несвесно и таа треба да се почитува и да се признае, за да не стане само сенка на човекот. Длабоката почит на шаманите кон животните, направила тие и во физичкиот изглед на човекот да препознаат одредно животно (во лицето, движењата, крициte и слично). Дури и во метафорите што несвесно ги создаваме со процесот на зборување, се среќаваат животните: кога мајка се бори за своето дете, се употребува споредбата „како лавица“ или „како тигрица“. Човекот којшто е способен во себе да ја открие и спознае силата на животното, тој човек може и да ја ползува, од неа да го црпи физичкото и психичкото здравје.

За да ја пронајде и разбуди силата на животното, шаманот преку ритамот на тапанот влијае врз менувањето на состојбата на свеста, со цел човекот да се поврзе со шаманистичкото наследство на човештвото. Почитувачите на шаманизмот тврдат дека шаманот како архетип, потенцијално постои во секој човек. Ритамот на тапанот во синергија со свесната и јасна намера како детерминанта на шаманското патување, го водат човекот до силата на животното, како и до сите други животни чијашто сила и мудрост можат да му помогнат на човекот во неговото исцелување. Виталната енергија и креативноста кај човекот се активираат во оној момент кога тој ќе успее во себе да ја пронајде и разбуди силата на животното, којашто најчесто е заробена. Нејзиното пронаоѓање и ослободување го прави човекот способен да се движи со сигурен чекор кон остварување на своите цели, кон сопствено исцелување, но и му дава можност да помага во исцелувањето на другите. **Најмаркантни примери на современиот шаманизам се северноамериканските Индијанци.** Во традицијата на индијанските народи, секоја од седумте основни чакри (назив за енергетските центри на човекот) се припишува на едно тотем-животно, коешто за Индијанците симболизира одредена особина. Тоа животно го следи човекот низ животот и има функција на чувар, но истовремено му помага во лекување на болеста, пронаоѓање на личниот пат и остварување на целите.

Следбениците на шаманизмот тргнуваат од идејата дека човекот како свесно и рационално суштество може да создаде живот таков каков што сака, во каков што верува и живот што ќе го втемели во знаењето. Ако нашето знаење е потиснато и маргинализирано, тогаш нашиот живот би се засновал на знаењето што ќе ни го наметнат другите, а со тоа нашата мудрост и способноста за расудување ја даваме во сопственишто на другиот. Потрагата по вистината и смислата на постоењето претставуваат вечни човекови стремежи, нешта кои човекот отсекогаш ги барал во религијата, теориите, филозофијата и разните видови учења. Иако сите овие начини претставуваат солидни извори за спознавање на вистината, сепак шаманистите тврдат дека вистинскиот извор и одговор на сите наши прашања, се наоѓа во нас самите. Колку повеќе светот

се материјализира, толку повеќе луѓето стануваат свесни за тоа дека поседуваат внатрешна сила и енергија да им се спротивстават на присилно наметнатите закони и правила на функционирање на модерниот свет. Можеби тоа е причината поради којашто шаманизмот и неговите древни техники се враќаат како форма на духовно исцелување, духовен раст и развој што му помагаат на современиот човек да допре до длабочините на своето битие.

Современите практикувачи на шаманизмот го употребуваат тапанот како инструмент што помага во лекувањето на луѓето. Бенефитите од сеансите со ритам на тапанот се однесуваат на ослободување од негативните последици од телесниот и психолошки стрес, јакнење на внатрешната сила и будење на свеста за сопствените желби и потреби како и покренување на сите процеси на лекување на човекот. Ваквиот вид лекување со музиката на тапанот, своите корени ги има во самата природа на човекот. Човекот е предодреден да го синхронизира своето дејствување во согласност со ритмите што го опкружуваат. Луѓето коишто живеат во големите метрополи опкружени со голема врева, постојано брзање и континуиран стрес, имаат забрзан ритам на животот што подразбира немир и постојана напнатост. Спротивно на нив, луѓето коишто живеат во мирна околина, во содејство во природата и далеку од наметнатиот стрес, имаат нормален ритам на животот. Индивидуалните сеанси со ритам на тапанот, претставуваат извор на ритам што директно влијае на клетките коишто брзо го ослободуваат стресот и насобраната негативна енергија, со што се јакне природната енергија којашто човекот неминовно ја поседува. Ритамот на тапанот ја буди внатрешната енергија, го подобрува имунитетот, ја враќа животната сила, нешта по коишто современиот човек копнее, а ги изгуби во трката со времето, компјутерите и мобилните телефони. Затоа не треба да зачудува фактот што многу големи светски корпорации ги практикуваат ваквите сеанси како елемент во градењето тимови (team building). Позитивните ефекти што ги носат сеансите со ритам на тапанот во една група или тим се однесуваат на: јакнење на креативноста и ослободување од стресот, јакнење на чувството за заедништво и тимски дух, интеграција на различни степени, култура и хиерархија, олеснување на отворената и конструктивна комуникација меѓу соработниците, јакнење на мотивацијата и сосредоточеност кон заедничките цели, пријателство и повисока свест за потребите на другите, насмевка и радост на лицето и слично. Ритамот на тапанот ја зајакнува синергијата во групата, ги обединува и трансцендентира индивидуалните интереси и ги поврзува и насочува кон постигнување на заедничката цел.

Сите болести што го напаѓаат човекот се резултат на нарушената рамнотежа на телото, а тоа нарушување својот извор го има во духовната природа на човечкото битие. Примитивните култури го чувствувале таквото нарушување за коешто сметале дека е резултат на духовите што имаат пресудна улога во зачувувањето на здравјето на поединецот и неговото содејство со природата. Древниот шаман дејствувал за да ја врати рамнотежата на духот, притоа влегу-

вајќи во интеракција со духовниот свет, преку промена на состојбата на сопствената свест.

Современиот пристап на религијата и науката не го перципираат шаманизмот како празноверие, ниту пак целосно го отфрлаат. Основниот концепт на којшто се темели шаманизмот како наука е фактот дека она што ние го нарекуваме природа или свет, всушност се состои од два дела: чувствен свет (кому му се пристапува преку петте сетила или нижи вибрации) и духовен свет (кому му се пристапува со „духовните сетила“ во повисоките слоеви на свеста или виши вибрации). Вишите вибрации се постигнуваат преку менување на нивото на свеста во повисоките слоеви што се постигнува преку трансот (а трансот се постигнува преку ритам на тапанот, билни напивки, качување или намалување на температурата на околината, ударот со адреналин и др.) Бидејќи двата света се во постојана интеракција, шаманот е тој, којшто во состојба на транс, може неа да ја контролира и да ја користи во своја и во полза на оној којшто бара помош од него. Токму затоа, почитувачите на шаманизмот тврдат дека тој е многу повеќе наука (бидејќи се темели на искуство што се практикува), отколку религија (бидејќи не се темели на принципот дали веруваш или не во неговата делотворност). Она што му недостасува на модерниот човек за да ги спознае вистинските вредности на шаманизмот (што подразбираат изменета состојба на свеста) се: смиреност, знаење и дисциплина на духот. Древните искуства на шаманите со примена на ајаваската (ayahusca) од прашумите во Амазонија, денес се практикуваат во огромен број случаи каде што е неоп-ходно лекување. Ајаваската содржи ДМТ молекул или т.н. **молекул на духот**, а неодамнешните истражувања од областа на хемијата покажале дека и човечкиот мозок содржи сопствен „наркотик“ за постигнување на изменета состојба на свеста. Dimethyltryptamin (DMT) е производ на човечкиот мозок, па оттука науката се соочува со многу суштински прашања од еволуционистички карактер, бидејќи таа супстанца е составен дел од многу животни и растенија коишто ја населуваат планетата. Ваквите прашања допрва ќе бидат во фокусот на светската наука.

Најголемиот афирматор на шаманизмот во XX век е Карлос Кастанеда којшто преку своите дела: „Учењето на Дон Хуан“, „Одвоена стварност“ и „Пат во Ихтлан“ ја пренесе мистиката на шаманите до современиот цивилизиран човек. Покрај Кастанеда, шаманизмот го популаризира и Мајкл Харнер, автор на книгата „Патот на шаманот“ којшто лично престојува меѓу шаманите Индијанци Конибо, во областа на перуанска Амазонија и лично врз себе ги применува шаманистичките техники. Рускиот парапсихолог Анатолиј Кашпировски признава дека секоја ноќ му се појавува дух којшто го поучува како да „лекува“ и му ги најавува идните пациенти. Истражувачите на современиот шаманизам дури ја поврзуваат рок-групата „The Doors“ како една појава којашто на своите концерти предизвикува колективна екстаза. Таа екстаза клавијатуристот на групата Реј Манзарек ја објаснува на следниов начин: „Тоа беше откачено шоу во шаманска смисла, во смисла на опседнатоста со силите на универзумот, за што Џим беше способен. Морисон беше

како шаман којшто ги води луѓето на мистично патување во мрачните предели на психата. Тоа беше како Џим да е електрошаман, а ние, бендот на тој електрошаман.“[6] Денешните следбеници на шаманизмот зборуваат за т.н. југо-шаманизам, познатите здухачи во Црна Гора, Херцеговина, Далмација и Западна Србија, всушност биле шамани. Шаманизмот, видоизменет и модернизиран се враќа на голема врата. Пример за тоа е познатиот шаман-учител Доктор Вук, којшто претставува пример за апсорбирано вонтелесно искуство, моќ за исцелување, видовитост и магија, со цел, младите луѓе да ги насочи на вистинскиот пат.

Шаманизмот денес претставува резултат на непресушната народна мудрост, но никако не би можел да се наметне како доминантна форма на духовно дејствување. Шаманите би можеле да дејствуваат како индивидуалци коишто би ги афирмирале духовните приципи што значат враќање на праизворот на љубовта, силата и вистината. Шаманите создаваат еден вид мостови меѓу световите, тие се толкувачи на космичката поставеност на нештата, интеракцијата меѓу просторните нивоа на животот, а нивната основна задача е да развиваат силни индивидуи, способни да го продолжат развојот на човечкиот род во вистинска насока.



Фотографијата е преземена од: http://nagual-uchu.com/blog/

6 https://svetosavlje.org/sr/carstvo-bozije-i-carstvo-praznine-pravoslavlje-i-duhovnost-nju-ejdza-pravoslavlje-i-sekte-knjiga-vii/45/

Стефан МАРКОВСКИ

Наративната функција на филмските изразни средства

Филмот, интегрирајќи ги на единствен и автентичен начин сликарството, книжевноста, музиката и театарот како четири фундаментални уметности, ги презема и нивните изразни средства од типот на: говорот, глумата, музиката, звучните ефекти, маската, шминката и движењето на камерата. Успешноста на користењето на овие средства не само што, задавајќи една нова, мултимедијална, интензивна и екстензивна димензија, го дополнува филмскиот медиум, туку и сублимат на сето она што ја разликува филмската од книжевната уметност.

Во овој есеј ќе се обидеме во кратки црти да ги проанализираме филмските изразни средства во нивната синергетска произлезна моќ за преобликување на реалноста. Како што е познато, говорот како најнепосреден и, по дефиниција, најразбирлив начин на изразување, без разлика дали во вид на нарација или пак, како директна конверзација помеѓу ликовите, несомнено дава едно од најважните, понекогаш жанровски детерминанти. Говорот е едно од основните средства за карактеризација, развој на драматични ситуации и експресивност во рамките на еден филм. Ако го земеме за пример, раскажувачкиот тон на главниот лик Марк Рентон во култниот Trainspotting (1996) снимен според истоимениот роман на И. Велш, ќе забележиме дека тој интегрира мешавина од емоции, од една специфична, „опуштена“ меланхолија до „усилена“ комичност, олицетворувајќи го на еден или на друг начин, спектарот емоции што може да го побуди инјектирањето хероин. За книгата на Велш во 1993 година во „Сандеј Тајмс“ излегол следниов краток коментар: „Гласот на панкот, пораснат, израснат во мудар, израснат во елоквентен.“ Она што ние би го востановиле како психолошка втемеленост е недвосмислената изградба и еволуција на главниот лик, на којашто укажува разликата во тоналитетот на филмот доловена од воведните:

Choose us. Choose life. Choose mortgage payments; choose washing machines; choose cars; choose sitting oan a couch watching mind-numbing and spirit-crushing game shows, stuffing fuckin junk food intae yir mooth. Choose rotting away, pishing and shiteing yersel in a home, a total fuckin embarrassment tae the selfish, fucked-up brats ye've produced. Choose life;

и онаа од завршните зборови на нараторот:

So why did I do it? I could offer a million answers - all false. The truth is that I'm a bad person. But, that's gonna change - I'm going to change. This is the last of that sort of thing. Now I'm cleaning up and I'm moving on, going straight and choosing life. I'm looking forward to it already. I'm gonna be just like you.[1]

Уште во воведните зборови[7], по коишто следуваат сцени во кои Марк внесува хероин, се добива комплетно жанровско определување за една откачена, хардкор социјална сатира во којашто неколкумина млади антихерои се обидуваат да ја најдат смислата на своите животи, заради што многумина ја споредуваат со Кјубриковиот „Пеколен портокал"[8]. Овде раскажувачот изустувајќи голем број кратки, саркастични реченици на прост, елегантен начин ја задава не само карактеризацијата на ликот на Рентон, туку динамиката, атмосферата, дури и неговите (двосмислено изразени) стремежи кон поубава иднина, кон „живот". Глумата пак, се смета за најосновен семиотички конституент на филмот, збир од начини на комуникација помеѓу глумецот и публиката. Во античка Грција, глумата била сметана за аспект на реториката.

Според Арто[2], оваа комуникација може да „се разбере и позади значењето", при што глумецот е субјект чијашто функција е да ѝ даде душа на приказната, правејќи ја приемчива и атрактивна за гледачот, но истовремено и полиасоцијативна и длабока. Оваа порака глумецот, воспоставувајќи специфична „перспектива над улогата" (Станиславски), успева да ја пренесе толку умешно колку што успева „да се соживее" со неа. Во согласност со оваа перспектива, според Брехт, на глумецот отпаѓа изборот на специфичните движења (гестови) при глумата, мислејќи на преносот на нивното значење, додека пак, според Е. Барба, движењата влегуваат во доменот на работата на режисерот.

Гестикулативноста на глумата во филмот е значително помала од онаа во театарот, како заради пристапот кон публиката (филмска камера vs театарска сцена), така и заради сензибилитетот, што подразбира дека ако во театарот имаме надворешна, во филмот имаме континуирана внатрешна, психолошка„подвижност" на ликовите.

Во контекст на приказната, филмската глума експлоатира многу повеќе емоции што можат да бидат прикажани со едноставни манипулации на камерата, лицеви и телесни микроекспресии коишто во театарот би останале речиси незабележани. Фимската камера со своето физичко доближување до ликовите го доближува и гледачот до нивната психологија, којашто заради ова е и значително подинамична, одошто во театарот. Во филмската уметност целата надворешна подвижност, а во крајна инстанца – севкупниот надворешен свет, било да се работи за таков што ја оче-

7 Во второто продолжение на филмот (Trainspotting 2) од 2017, дознаваме дека воведниот говор всушност е инспириран од слоган познат како Choose life од 1980, користен во кампања против употребата на наркотици.

8 За да ја нагласи врската со овој филм на директен начин, режисерот Дени Бојл се погрижил во една сцена додека Спад и Марк седат во барот, на црните ѕидови да бидат испишани бели зборови. Истиве зборови, испишани со ист фонт може да се забележат и во „Пеколен портокал".

кува својата ултимативна апокалиптична разрешница во надеж да ја избегне, било да се работи за создавање нов или пак, навидум сосем обичен, „секојдневен“ свет со сите мани и позитивности, тој е во функција на внатрешната подвижност, на психолошката (само)изградба и (де)еволуција на ликовите, особено протагонистот и антагонистот.

Што се однесува до глумата како изразно средство и клучна одредница на квалитетот на филмот, во овој контекст може да се искаже формулацијата дека *успешноста на глумата е определена од способноста на глумецот за „максимално соживување“ со психологијата на ликот/улогата, истовремено задржувајќи ја сопствената, како би успеал да даде посебен, адекватен и за гледачите препознатлив и близок тон и субјективитет.* Придонесот кон тоа гледачите да го „гледаат“ ликот како „близок“, односно по одредени, свесно или несвесно генерирани асоцијации да создаваат паралели со личности од реалниот свет и нивните еволуции и/или дееволуции, вклучувајќи ги нив самите, несомнено подразбира висок степен еднонасочна интимност што гледачот си ја дозволува гледајќи го глумецот.

За разлика од говорот и глумата, звучните и музичките аспекти на филмот имаат елемент на „поддршка“ кон филмскиот реалитет преку неговото симулирање и аугментирање, истовремено поткрепувајќи ја вистинитоста на емоциите и севкупните ситуации во коишто се наоѓаат глумците на филмското платно преку создавање атмосфера.

Според ММ Кернер[3], постојат 3 функции на звучните ефекти:

1. Симулација на реалноста;
2. Додавање или создавање нешто што не е прикажано на сцената;
3. Создавање атмосфера.

Симулирањето на реалноста преку звук и звучни ефекти во филмската практика е почесто „надградување“ на реалноста, онаква каква што ја знаеме, во функција на звучна поткрепа на интензитетот на дејството. Така, на пример, иако на гледачот може да му е јасно дека, со оглед дека се работи за празен простор, звуците низ вселената не патуваат, сепак, „верува“ на оние создадени разни борби во космосот или пак, го изедначува звукот при пукање лубеница со оној при кршење глава или коски, „верува“ и на издолженоста и гласноста на звуците при пукање со топови, пиштоли и сл., додека пак, додавањето звук на фијук при замавнување со меч, во истиов контекст, овозможува полесно следење на дејството. Според М. Шион[4], во филмот доаѓа до израз целосно нова перцепција – не ги гледаме подвижните слики, ниту пак, ги слушаме звуците одделно, туку нивното единство *аудио* го *гледаме* (анг. *audio-view*) како синкретична, транс-сензорна целина. Развојните технологии од типот на widescreen, multitrack, Dolby и др. постепено го трасираат патот кон растечката хомогеност на ваквото единство.

Аудиовизуелното, експлоатирајќи одредени техники, технологии и ефекти што ги синтетизираат различните сетилни дразби во целина, всушност создаваат, изведуваат нов филмски свет наместо да го имитираат постоечкиот; на овој начин, звукот може да се сфати како аудиовизуелен јазик во рамките на филмот.

Правејќи кованица од термините *акузматӣчно* (звук чијшто извор не го гледаме и е надвор од интересот на гледачот, најчесто овде спаѓа електронска музика предвидена да се пушта преку звучници) и глаголот *être* (фр. „е“), Шион го воведува терминот *акузметӣар*, кој реферира на глас-карактер што својата моќ ја црпи кога ќе биде слушнат, но не и виден. Ова потсетува на злобниот гениј д-р Мабузе којшто во својата дијаболична потрага по апсолутна моќ по секоја цена, се поделува така што телото му останува без способност да зборува, додека пак, гласот што доаѓа од никаде („од зад завесата“) остава впечаток на омнипотентност.

Ваквиот глас изгледа како да доаѓа отсекаде и заради ваквата недефинираност делува како да поседува неограничена моќ. Акузметарот зависи од ефектот на одлагање на фузијата меѓу звукот и сликата во екстрем и тоа, преку снабдување со звук и одлагање на вистинскиот извор до пред крајот на филмот. Токму тогаш, откако гледачот ја искористил имагинацијата до максимум, се открива изворот/идентитетот на звукот, при што гласот/ликот „ја губи моќта“. На примери за вакво „губење на моќта“ наидуваме кај „Волшебникот од Оз“ (1939), компјутерот ХАЛ од „Одисеја: 2001“ (1968) и сл.

Постојат повеќе класификации на влијанијата што музиката може да ги остварува во еден филм. Една од најосновните класификации ја дели филмската музика на емпатиска, анемпатиска и неутрална. Понатаму тие се делат на: музика што го моделира просторот; што го моделира времето; што ја менува перцепцијата; и таква којашто го варира или поставува фокусот.

Според Робин Хофман, постојат 17 функции на музиката во филмот што произлегуваат од оваа класификација: 1) Коментирање; 2) Илустрирање на движењето; 3) Создавање односи меѓу точките на дејството (plot points); 4) Создавање атмосфера; 5) Опис на чувствата; 6) Социјални/културни/географски референци; 7) Временски/историски периодизирани референци; 8) Поврзување сцени/монтажа; 9) Манипулирање; 10) Промена на перцепцијата на времето; 11) Имплицирање чувство за просторот; 12) Создавање нереални ситуации; 13) Создавање контрадикции; 14) Пародирање; 15) Физиолошко условување; 16) Имплицирање односи меѓу ликови и објекти со различни големини; 17) Психолошко обединување на публиката[5].

Некои од овие функции во одредени случаи се совпаѓаат, додека пак, во други музиката извршува повеќе функции. Хофман ги дели функциите на такви што го поддржуваат дејството/приказната и на такви што ја засилуваат нејзината емоционална страна.Маската и шминката придонесуваат во „филмската окупација“ на сетилата, но и кај насоченият ум на гледачот што во таков случај нема можност, ниту пак волја (ако е квалитетно/привлечно направено, самиот допушта) да ја забележи сопствената „окупираност“.

Костумите т.е. облеката разоткрива неколку клучни елементи поврзани со ликовите, меѓу кои општествениот и психолошки статус и автоперцепција, префинетост, дигнитет, да претставуваат некаков симбол или пак, да рефери-

раат кон некаква внатрешна или надворешна трансформација што се случила, актуелно се случува или претстои да се случи во приказната.

Шминката, пак, физички адаптирајќи ги актерите кон улогите, истовремено нагласува одредени црти што би можеле да имплицираат одредени психолошки карактеристики. Токму заради ваквите можни импликации, шминката, како и костимографијата неретко се користат за да го навлечат гледачот да се обидува (точно или погрешно) да го предвидува текот и епилогот на самата приказна. Истовремено, давајќи „печат" на актерот, го врзува за одредени типови улоги, како што е случај со веѓите на Грета Гарбо, очите на Елизабет Тејлор, карминот на Мерилин Монро, мустаќите на Кларк Гејбл и сл.

Движењето на камерата е едно од клучните изразни средства не само за определувањето на жанрот на еден филм, туку и за емоционално-мисловниот тон во одделни сегменти, како и поделбата т.е. разграничувањето помеѓу прикажаното во него и публиката.

Постојат десетици типови движења на камерата поделени во барем 7 категории на движење: 1) Приближување; 2) Оддалечување; 3) Движење во лак; 4) Движење со рака; 5) Движења од високо/кранско и воздушно движење; 6) Следење со камерата; 7) Слободно движење[6].

Приближувањето и оддалечувањето на камерата даваат момент на микродраматичност или пак, поттикнуваат некакво откровение во фимската ситуација. Бавното приближување на камерата нанапред (кон лик или предмет) укажува на нешто подлабоко од површинските слоеви на дофат на окото, нагласувајќи одредена важност на мигот. Оваа важност гледачот би требало да ја увиди во самиот момент на доближување, или пак, подоцна. Доближувањето на камерата кон еден лик може да придонесе за забележување на некои негови карактеристики/процеси значајни за приказната од типот на лузна, трепкање со очи, бавно/брзо дишење, или пак, да укаже на нешто што се случува во неговиот внатрешен (однадвор „неутрален") свет наспроти светот надвор од фокусот/светот кон кој истиот гледа на, по нешто специфичен и необичен, честопати „емоционално потиснат" начин.

Оддалечувањето на камерата, односно нејзиното повлекување дава димензија на одвојување од внатрешноста на ликот, делувајќи како гледачот, или пак друг лик да се „одвојува" или „заштитува" од него. На оддалечување често наидуваме во ситуации кога ликот е затворен во себе, загледан во некоја точка или контемплира/обмислува специфични детали за дејство што треба да го изврши.

Тргнувањето на камерата, односно, нејзиното дефокусирање од дејството што еден лик треба да го изврши, се прави со цел поштедување на гледачот од некое, од една или друга причина, непријатно или дејство што едноставно, нема потреба да се види. Притоа, за време на дејството, камерата може континуирано да се движи со поголема или помала брзина до одреден степен пред преоѓање на следната сцена, запирајќи на важен или безначаен за приказната објект (лик, предмет) или пак, да продолжи со ротирање до моментот кога

повторно во фокусот би влегол ликот којшто врши или пак, ликот/предметот врз којшто било вршено дејството (со или без ликот-вршител).

Тргнувањето на камерата, исто така, може да се направи без особен интерес за карактеристиките на самото дејство или ликот/ликовите инволвиран/и во таквите случаи целта е најчесто да се остави простор за гледачот да си постави себеси прашања врзани за ликовите и приказната. На овој начин, камерата „отворајќи го умот", нуди можност за поставување дополнителни прашања за различните елементи на приказната, а на кои гледачот самостојно формулира алтернативни одговори.

Истовремено, ваквата „скитачка камера", субјективно распределувајќи го вниманието кон луѓето и/или предметите, може да се изедначи со начинот на којшто одреден лик го гледа светот.

Движењето на камерата може да имплицира и некаква значајна промена, пресврт во ситуацијата. Тоа може да се изрази преку брзо/забрзано приближување на камерата нанапред, нејзино ротирање околу ликот или пак, преку нејзино наведнување/искривување при движење во лак, најчесто при тензични, ситуации во коишто доаѓа до некаков пресврт или пак, ситуации во коишто се случува нешто значајно, а чиишто причини е тешко да се определат прецизно[7].

***

Филмските изразни средства умеат да ѝ дадат целосно нов квалитет на приказната, да ја забрзаат или забават, да ја доведат од онаа страна на реалното (и/или да ја вратат), да ја димензионираат на емоционално и/или мисловно ниво, да постават или отстранат граници меѓу гледачот и ликовите, да ја подигнат/намалат тензијата, да ја приопштат транспарентно или да ѝ ја скријат суштината, да го натераат гледачот да се обиде да ја прогнозира или да се откаже откако ќе ѝ зададат сосема нов и непредвидлив тек... синергијата на нивните можности делува речиси неограничено.

Нивното техничко и технолошко усовршување задава и развива нови аспекти на филмската уметност, постојано надградувајќи ја, истовремено активно посредувајќи во комуникацијата помеѓу филмскиот тим, гледачите и самиот филм.

Во комбинација од вештината на нивната употреба и распоредот од филмски тропи, режисерот ја демонстрира комуникацијата со сценаристот, експресирајќи го сопственото поимање на приказната автентично запечатено во односот кон публиката.

Библиографија

- Hodge, John. "Trainspotting Script - Dialogue Transcript." Trainspotting Script - Transcript from the Screenplay and/or Danny Boyle Movie with Ewan McGregor, http://www.script-o-Rama.com, www.script-o-rama.com/movie_scripts/t/trainspotting-script-transcript-danny-boyle.html. 8/12/2017.
- Artaud, Antonin. "The Theater and Its Double." Find in a Library with WorldCat,

7 June 2017, www.worldcat.org/title/theater-and-its-double/oclc/625197.

- Winokur, Mark. Holsinger, Bruce. "Movies and Film: Sound Effects and Their Functions." Infoplease, Infoplease, 17 Aug. 2017, www.infoplease.com/features/movies-tv-and-music/movies-and-film-sound-effects-and-their-functions.
- The Voice in Cinema. By Michel Chion. Translated and edited by Claudia Gorbman. New York: Columbia University Press, 1999.
- Hoffmann, Robin. "12. What Is the Function of Film Music?" Robin Hoffmann, Http://Www.robin-Hoffmann.com, 21 Feb. 2017, www.robin-hoffmann.com/tutorials/guide-to-working-with-a-film-composer/12-what-is-the-function-of-film-music/.
- Camera Movement in Narrative Cinema -Towards a Taxonomy of Functions. JakobIsak Nielsen, Richard Raskin/ EdvinKau. Dept. of Inf. & Media Studies, Faculty of Arts. University of Aarhus. March 2007
- 5 Brilliant Moments of Camera Movement. Youtube.com, 1 Feb. 2017, Cinefix, www.youtube.com/watch?v=h2c3JZ6X3f8.

Горан ТРЕНЧОВСКИ

ПРИЛОГ КОН ТЕОРИЈАТА НА ФИЛМСКА АДАПТАЦИЈА

(од расказ до филм)

Апстракт:

Трудот е насочен кон истражувањето на феноменот на кинестетичноста во некои антологиски раскази на македонските писатели Димитар Солев и Живко Чинго.Улогата на сценаристот, во соработка со режисерот, е од прозаичен во кинематичен облик да создаде дела преточени за друг медиум: ТВ-филмовите „Време на летала“ и „Заминување од Пасквелија“. Универзалните и современи перспективи кои произлегуваат од наративниот збор на Солев и Чинго почиваат врз постулатите на нивните *кинестетични раскази* коишто се непресушна инспирација за едно ново интермедијално творештво.

Клучни зборови:

Книжевност и филм, кинестетични раскази, филмска адаптација, Димитар Солев, Живко Чинго, сценарио, современ македонски расказ и филм

Адаптацијата, како еволуција, е трансгенерациски феномен

Линда Хатчион

Кинестетичноста на кратката проза е книжевен феномен кој суштински ги тангира интермедијалните односи меѓу литературата и филмот, *а јазикот е како систем на знаци, соединети „двојки“ на означени и означители.*[9]

Теоретизирајќи низ премисата дека филмот како седма уметност надалеку го надминува видот на *супертеатарот* во којшто *камерата им служи на ситe извори на кинематографската синтакса за што порелејфно да го прикаже текстот,*[10] доаѓаме до согледбата дека кинестетиката на расказите, со нивниот хронос и топос, е интерактивно поле за истражување кое книжевниот уметнички вид го става во функција на софистициран, фигуративен, емоционален, психолошки и крајно сликовит полнеж.

Поетиката на Димитар Солев и *поетиката на модернизмот се предизвикувачки и се темелат врз јасно нагла-*

9 Cf.: Peter Michalovič / Vlastimil Fuska, *Znaky,obrazý a stíny slov*, Nakladatelství Akademie múzických umění, Praha, 2009. Op. cit., 37.

10 Anri Ažel, *Estetika filma*, BIGZ, Beograd, 1978. Op. cit., 131.

сување на разликите.[11] Посебноста на Живко Чинго е *во доменот на емотивното и поетското, во самата поетика.*[12] Едните раскази се сместени во (пред)воена урбана средина, а другите се случуваат претежно во рурални места по ослободувањето од стегите на Втората светска војна. Низ филмските сценарија на Русомир Богдановски совршено се потенцираат поетичните пасуси втемелени од Солев и Чинго, но се создава и ново драмско руво кое е на ист пиедестал со одбраните раскази, рамноправно комуницирајќи со елементите од прозаистичниот микросвет.[13]

Симболиката, метафориката и антиподите на *зимата* и *пожариште* кај Солев и Чинго се прикажани како предапокалиптични, но сепак оптимистични знаци. Во нив детерминантите за Слободата и за Пасквелијата егзистираат како самосвојни утописки светови. Движечката сила на нивната уметничка егзистенција се *надежта и чекањето.*

Дијагностицирањето на кинестетичните предзнаци во расказите на Солев и Чинго го вршиме преку: проучувањето на теоријата на адаптацијата на Линда Хатчион и низ примерите од уметноста на адаптирањето на Линда Сегер, со распознавањето на семиолошките знаци на Јурij Лотман, препрочитувањето на телевизиските продукти според Џон Фиск, сфаќањето на филозофијата на кинематичката уметност согласно Берис Гаут и Торстен Боц-Борнштајн, разграничувањето на филмската фикционалност како Жан Мари-Шефер, вежбањето на препознавачкиот сенс по насоките на Пол Рикер, афирмирањето на феноменот фи на Славко Воркапиќ, запазувањето на раскажувачкиот дискурс на Сејмур Четмен, сфаќањето на филмот како метафора како што тоа го прави Тревор Виток и, најпосле – преку откривањето на *кинестетичкиот импакт* на Стефан Шарф.

Во таа смисла, Џеферсон Клајн нè потсетува на *длабоко вкоренетата интертекстуална врска меѓу филмот и литературата; впишана како тензија меѓу филмот и оригиналното сценарио*, како што укажува Брус Флеминг.[14] Потоа Едмондсон полемизира за сликата и тонот создадени од витално значење за оценување на нивната вредност,[15] како и *за текстурата на разните медиуми: и автоматската желба да се контекстуализира*, што ќе треба да стане дел од нивниот вредносен систем.[16] На таков начин се разбива *кинематографската илузија на стварноста и чувството на невидливоста на гледачите* како набљудувачи во однос на актерите и сведоци на случувањата од екранот.[17]

11 Христо Георгиевски, Поетиката на македонскиот расказ, Мисла, Скопје, 1985, 18.

12 Слободан Мицковиќ, Толкувања, Мисла, Скопје, 1973, 48.

13 Антологиски примери за филмови каде сценаријата се пишувани според такви „кинестетични" раскази се филмовите: Време на летала, режија Иван Митевски, РТС, Скопје, 1982, долгометражен игран филм; Заминување од Пасквелија, режија Иван Митевски, МТВ, Скопје, 1992, долгометражен игран филм. Во двата случаја сценарист е Русомир Богдановски.

14 Сп.: Теорија на интертекстуалноста, прир. Катица Ќулафкова, Култура, Скопје, 2003, 353.

15 Сп.: Реј Едмондсон, Аудиовизуелно архивирање: филозофија и принципи, Кинотека на Македонија, Скопје, 2005. Истото, 145.

16 Истото, 177.

17 Cf.: Marko Babac, *Jezik montaže pokretnih slika*, Clio/Akademija umetnosti, Beograd/Novi Sad, 2000, 351.

Според Стојановиќ, во своето настанување *филмот е синтагма градена по начелото на метонимијата на која се применува парадигматска метафоричка постапка,*[18] а Ериџон вели дека *визуелната пауза го истакнува она што е значајно во сцената без оглед на содржината на дијалогот.*[19]

Наспроти констатацијата на Друговац за *неортодоксноста,*[20] тука е подвлекувањето на Драшковиќ кој, како и Бергман, се стреми кон начелото дека *неговa единствена религија е верата во тоа дека секое човечко суштество во себе носи некој вид на светлина.*[21] Вајда, пак, одбива јунакот на „Пепел и дијамант“ (1958) да умре во избелени чаршафи; тој тоа го прави на *непрегледно место на градското губриште...*[22]

Валтер Мап дебатира: кога *„нашите времиња“ ги нарекува modernitas, тој мисли на изминатите стотина години,бидејќи случувањата (notabilia) се од тој период,*[23] а Башлар бара *значителна концентрација* со цел да се земат предвид најразличните аспекти.[24] Мец го декларира ставот кој инаугурира знаење и дефиниции преку *страничниот отклон*[25]и во врска со тоа вели: *ако најорите на науката се под постојана закана од релајс во многу нешта против што тие се конституирани, тоа е поради тоа што тие се конституирани во нив исто колку и* против *нив, и дека двата предлога се тука во одредена смисла синонимни.*[26] *Спротивно на јасно е* нејасно, *односно неодвоено со видливи контури. Спротивно на* разбирливо *е* конфузно, *што не се разликува од другото* (Рикер, 2005: 31).

Истата година кога починал режисерот Стенли Кјубрик, писателот Брајан Алдис одлучил да напише два нови раскази за да ги продолжи авантурите на Давид започнати во филмот „A.I.“(„Артифициелна интелегенција“, 2001; по мотивите на „Супер играчки кога доаѓа летото“). Од нивната долгогодишна соработка веројатно произлегла можноста за проширување на приказната за Давид со новите раскази „Супер играчки кога доаѓа зимата“ и „Супер играчки во другите сезони“, и така наративот на Алдис се пресоздава низ филтерот на бајките, особено преку препознатливите „Авантури на Пинокио“ од Карло Колоди. На тој начин, поддржувајќи ја адаптаторската улога на Богдановски, можеме да ги држиме во резерва *вредните увиди во врска со улогата на „прераување“ и неговата спротивност, „означување“, во приказната за препознавање.*[27]

Како што резимира Питер Верстратен, филмот е синтеза на три ритмички (танц, музика и поезија) и исто толку ликовни уметности (архитектура, скулптура и сликарство). Зборувајќи за Базен, тој вели дека се *противеше на идејата за филмот како седма уметност и сметаше дека би било мудро филмот да ги „свари“ традициите на театарот и ли-*

18 Dušan Stojanović, Op. cit., 205.

19 Deniel Eridžon, Op. cit., 144.

20 Сп.: Миодраг Друговац, нав. дело,167.

21 Boro Drašković, Op. cit., 17.

22 Boro Drašković, Ibid., 248.

23 Hans Robert Jaus, *Estetika recepcije*, Nolit, Beograd, 1978, 175.

24 Gaston Bachelard, *The Psychoanalysis of Fire*, Routledge&Kegan Paul, London, 1964. Op. cit., 63.

25 Cf.: Christian Metz. Op. cit., 16.

26 Loc. cit.

27 Paul Ricoeur, Op. cit., 75.

тературата[28] и тој е самоуверен *дека зборовите и литературата ги стимулираат нашите мисли, додека сликите и филмот ги провоцираат нашите сетила* (2012: 174).

Адаптациите *редистрибуираат енергии и интензитети, предизвикуваат текови и поместување; лингвистичката енергија на литературното пишување се претвора во аудио-визуелна-кинетичка-перформативна енергија на адаптација.*[29] Следејќи ги различните приоди кон адаптацијата, ние потсвесно се навраќаме на „Лаокоонот" на Лесинг во разграничувањето на сестринските уметности (литературата, сликарството и филмот) *кои прават далечни режими со различни експресивни и претставувачки можности* (Томас М. Лејч, 2003: 18). Кога зборуваме за филмска адаптација – *кога и да гледаме адаптација како адаптација, ја третираме како интертекст дизајниран да се гледа низ него, како прозорец на изворниот текст.*[30] Проучувањето на адаптацијата е присутно во прагматичното образложение за национална писменост артикулирано во „Културната писменост" (1987) на Е. Д. Хирш, па според тоа, *херменевтичкиот модел за разбирање е во срцето на програмата на Хирш.*[31]

Филмот е и кинестетична и синтетична уметност. *Филмот е кинестетички во својата способност да вклучи различни сетила (вид, слух), а синтетички во својот антропофагичен глад за да ги проголта и свари и смени претходните уметности.*[32] Во контекст на аудиовизуелната нарација, можат да се користат многу можни техники за адаптација за на екран, *но елеганатната флуидност на камерата создава кинестетички ефект можен само со решенија во филмска форма* (Шарф, 1982: 53).

Кинематичноста и запазувањето на монтажните принципи наведуваат на *континуитет на последователни филмски сегменти,*[33] откривање на *„скриените" слики кои допрва треба да се видат,*[34] поставување на различни агли на камерата, создавајќи кадар. *Почетната одговорност на оркестрацијата е да ја претстави, за време на првите неколку кадри од филмот, основната иконографија на делото, да ги запознае гледачите со својот „начин на говорење", со кинестетичкиот метод кој ќе се користи притоа.*[35] Токму низ оркестрацијата, се создава совпадливост на идејата на писателот со идејата на режисерот и се овозможува неприкосновено режисерско обликување на расказниот збор, што води кон – филм.

На крајот, од аспект на книжевната наука и, секако, од филмолошки аспект, ја согледуваме состојбата дека сегашните и идните македонски сценаристи и

28 Peter Verstraten, „Cinema as a Digest of Literature: a cure for adaptation fever" in: Wurth, Kiene Brillenburg, *Between Page and Screen: remaking literature through cinema and cyberspace*, Fordham UP, New York, 2012, 174.

29 *Literature and Film: A Guide to the Theory and Practice of Film Adaptation*, ed. Robert Stam and Alessandra Raengo, Blackwell publishing, Oxford, 2008, 46.

30 *The Literature/Film Reader*, ed. James M. Welsh and Peter Lev, The Scarecrow Press, Lanham, Toronto and Plymouth, 2007, 30.

31 Ibid., 24.

32 Ibid., 23.

33 Stefan Sharff, *The Elements of Cinema: toward a theory of cinesthetic impact*, Columbia University press, 1982. Op. cit., 87.

34 Cf.: Stefan Sharff, Ibid., 119-120.

35 Cf.: Stefan Sharff, Ibid., 167.

режисери, како и досега, треба да бидат и понатаму креативно и инспиративно внурнати во светот на повеќеслојниот и асоцијативен македонски расказ, чиишто антологиски вредности веќе сме ги перцепирале, отворајќи некои нови, интермедијални можности.

Користена литература

1. Bachelard, Gaston, *The Psychoanalysis of Fire*, Routledge&Kegan Paul, London, 1964.
2. Botz-Bornstein, Thorsten, „The Movie as a Thinking Machine:Second Life and Third World e“ in: *Inception and Philosophy: Ideas to Die For*, ed. Thorsten Botz-Bornstein, Open Court, Chicago, 2011, 203-216.
3. Chatman, Seymour, *Story and Discourse*, Cornell UP, Ithaca and London, 1980.
4. Drašković, Boro, *Ogledalo*, Svjetlost, Sarajevo, 1985.
5. Eridžon, Deniel, *Gramatika filmskog jezika*, Univerzitet umetnosti, Beograd,1980.
6. Gaut, Berys, *A Philosophy of Cinematic Art*, Cambridge UP, 2010.
7. Hutcheon, Linda, *A Theory of Adaptation*, Routledge, New York and London, 2006.
8. Leitch, Thomas M., “Twelve Fallacies in Contemporary Adaptation Theory” in: *Criticism* 45.2 (2003) 149-171.
9. Lotman, Jurij M., *Semiotika filmu a problem filmovej estetiky*, Vysoká škola múzických umení, Bratislava,1984.
10. Metz, Christian, „The imaginary signifier“, *Screen* (1975) 16 (2): 14-76.
11. Ricoeur, Paul, *The Course of Recognition*, Harvard UP, London, 2005.
12. Seger, Linda, *The Art of Adaptation*: turning fact and faction into film, Holt Paperbacks, New York, 1992.
13. Sharff, Stefan, *The Elements of Cinema: toward a theory of cinesthetic impact*, Columbia Unversity press, 1982.
14. Stojanović, Dušan, *Film kao prevazilaženje jezika*, Institut za film Beograd, 1984.
15. Šefer, Žan-Mari, *Zašto fikcija?*, Svetovi, Novi Sad, 2001.
16. Verstraten, Peter, „Cinema as a Digest of Literature: a cure for adaptation fever“ in: Wurth, Kiene Brillenburg, *Between Page and Screen: remaking literature through cinema and cyberspace*, Fordham UP, New York, 2012, 173-183.
17. Vorkapić, Slavko, *Vizuelna priroda filma*, Clio, Beograd, 1994.
18. Whittock, Trevor, *Metaphor and Film*, Cambridge UP, 1



Софија ТРЕНЧОВСКА

ВОВЕД ВО НАРАТИВНОТО И ЕСТЕТСКОТО ПРОУЧУВАЊЕ НА ФИЛМОТ ЗЛАТНА ПЕТОРКА

Страшното и жалното можат да се добиваат и со гледањето, а можат да се постигнуваат и со самиот состав на собитијата...

Аристотел, За поетиката

Апстракт: Овој труд е прилог кон расветлувањето на своевидниот културолошки феномен наречен *Златна петорка.* Имено, станува збор за валоризирање на уметничка тема која потекнува од вистински настан, развиена, надградена и мултиплицирана во роман, драма, сценарио, а потоа верифицирана во игран филм, театарска претстава и сериски ТВ-филм. Тема која подолго време беше табуизирана во Македонија, за да добие најпосле адекватна екранизација. Верувам дека од филмолошки, книжевен, наратолошки и естетички аспект, овој проект побудува значаен научноистражувачки интерес и убедена сум дека

текстовите во овој Зборник ќе бидат значајна референција во современата култура и филмската уметност воопшто.

Клучни зборови: адаптација, фокализација, гласот на нараторот

Разоткривајќи ги настаните, ликовите и карактеризациите од наративно-естетски дискурс, во богатиот корпус на визуелни дела (посебно во оние од драмската сфера) разликуваме „суштествување“ и „дејствување“. Исто така, презентацијата на приказната е индиректна кога повеќе од смислувањето потези, покажува и ја прикажува концепцијата во одредена расправа.[36] Тука неодминлива е поврзаноста со теоријата на адаптација, интермедијалноста, телевизијата и театарот. Рената Кобетс Милер наведува дека адаптациите се деривативни, било да се работи за класични или понови извори, отворајќи нови патеки кон сценарија, слики, претстави, а романот станува доминантна форма во литературата.[37] Дејвид Бордвел, пак, упатува на премисата дека филмскиот наратив има и своја трета димензија, што ја оправдува употребата на наративно прикажување, при што нараторот во филмот е еквивалент на гласот кој го среќаваме во литературата.[38] Во таа смисла, „наративната теорија и наративните термини се поблиски до (литерарните и филмски) фикционални текстови“ (Јакоб Лот, 2000: 101). Од друга страна, Тадеуш Павловски го поставува прашањето што е всушност естетичката вредност, дали таа е своина или објект, искуство при разбирањето на личноста, нешто што суштествува во загадочната сфера, препознавање? Таа во секој случај е константна, индивидуална мера за одредена култура, правец, епоха или стил. Притоа полнежот на естетичката вредност се граничи со поетиката на уметничкото дело. При реализацијата на уметничкиот концепт, неминовно се протегаат некои нови сфаќања и толкувања. При ваквите (главно филолошки) рекогнистицирања, „објективизмот, панестецизмот, плурализмот и емпиристичкото проучување се главни одредници“ (Павловски, 1989: 34).

Кога љубовта, упорноста, посветеноста и професионалноста ќе се спојат на едно место, се создава дело кое останува вечно во меморијата на публиката. Голема е честа и обврската да се зборува за едно филмско дело кое веќе преку своите успеси остави длабоки траги во македонската и светската филмска уметност и култура. Осветлувањето на вистинските факти и вистинските наративни и естетски вредности е неопходност овој филмски проект да се постави во една кристално чиста позиција во историографското бележење на македонската кинематографија. Учествата на реномирани меѓународни фестивали, како и многубројните награди со кои се закити овој филм, се крунски доказ кои укажуваат на неговиот нашироко потврден квалитет. Преполните киносали беа исто така доказ дека филмот имаше масовна рецепција од филмскиот аудиториум.

36 Cf. Shlomith Rimmon-Kenan, *Narrative Fiction*, Routledge, London and New York, 2005, 63.

37 Cf. Renata Kobetts Miller, „Nineteenth-Century theatrical adaptations of novels: the paradox of ephemerality“ in: *The Oxford Handbook of Adaptation Studies*, ed. Thomas Leitch, Oxford UP, 2017, 56.

38 Cf. David Bordwell, *Poetics of Cinema*, Routledge, New York and London, 2008, 121.

Станува збор за еден филмски производ каде што се запазени Аристотеловите начела и кој претставува совршена симфонија од живописни слики, бои, звуци, разигран мизансцен, со цврста наративна структура, правилен драмски ритам кој се спојува со ритамот на срцето на гледачот и на крајот резултира со врвно естетско доживување. Кога своевремено го прашале Хичкок што е потребно еден филм да биде успешен, тој одговорил дека „филмот треба да врие од емоции". Токму таква ерупција од емоции кои никого не оставаат рамнодушен извира и од *Златна ѣеторка.*

Она што е забележливо уште во почетните кадри на филмот е дека фокализацијата (точката на гледање) преку кружно движење на камерата од макрокосмичка, небесна, се пренесува кон микрокосмичка, земна перспектива.

Асоцијативните визуелни метафори кои извираат од филмските кадри го заокружуваат дејството во една космичка целина небо–оган–вода– земја. Притоа сонцето се раѓа од небото и е посредник помеѓу тактилното тло и етеричните флуиди. Како што земјата непрестајно се движи, а историјата циклично се повторува, така окото на камерата вртоглаво sирка низ гранките на вековните дрвја на Беласица кои останале неми сведоци за сите знајни и незнајни гревови на човекот од нашето не толку далечно, но сепак заборавено минато.

Гласот на невидливиот наратор (раскажувач на долгоочекуваната сторија) нѐ воведува во приказната преку грозоморната слика на петте окрвавени тела.

Приказната во филмот се одвива преку два наративни тека кои наизменично паралелно се испреплетуваат: во минатото (1951) и во сегашно време (2016). Овде ќе се осврнам кон оправданоста и потребата од користење на гласот на нараторот Алавантие, кој го крие клучот на раскажувањето во филмот, од неговиот прекуокеански лет, донесувајќи ни ја „алката која недостига" во конзистентната и луцидна филмска приказна. Главен наратор или двигател на драмското дејство кој ги спојува нишките кои само навидум недостигаат во приказната и преку тоа овозможува цврста драмска структура, е ликот на Алавантие. Во почетокот невидливиот наратор Алавантие настаните ги раскажува видени со свои очи и како сознание од архивските документи. Живиот сведок Алавантие ја изговара клучната реченица. „А потоа некои заспаа... Јас, пак, уште не."[39] Неговиот дух е буден после толку години од трагичниот настан и сè уште трага по вистината.

Улогата на нараторот овде е искористена како инструмент за постигнување наративна медијација и наративна рамнотежа меѓу случувањата од минатото кои се рефлектираат и во сегашноста. Нараторот, било да е видлив или виртуелно невидлив, ја претставува совеста. Тој е внатрешниот глас кој се јавува кај секого од нас. Оттука, користењето на гласот на нараторот во овој филм е сосема оправдано и функционално. Гласот на нараторот мора да постои затоа што тој е олицетворение на совеста во секој од нас. Гласот на нараторот и неговиот внатрешен монолог се поттик за реконструкција на поранешните настани и отворање на вратата

39 2 мин. 25 сек. од филмот.

на простувањето и ослободувањето од матното минато.

Честото користење на флешбекови е одлично средство кое води кон цврсти драматуршки и режисерски решенија. Примената на елипсата е во функција дејството продолжено да тече во главата на гледачот. Вештото користење на елипсата доведува до економичност и динамичност на сцените.

Преку мотивот на злосторството и казната нараторот нè информира за престапот и за казната што секој од нив морал да ја проживее поради извршеното злосторство. Само на Џиџи му е дадена втора шанса за искупување на гревот. Пострашна казна од тоа да се соочиш со својата совест - нема. Одличниот драматуршки заплет Џиџи да се сретне со Алавантие е со цел да се разбуди неговата совест и да дојде до откривање на вистината. Јавното признавање на вината што цел живот ја носи како камче во чевелот, пред камери, е врвен чин на покајание. Инсистирањето на христијанскиот принцип на покајанието и простувањето е врвен морален човечки чин.

Актерската игра на целата екипа зрачи со неверојатна топла, човечка и природна енергија. Една од најубавите и најромантични сцени во филмот е кога Маки ја бара раката на Ката подарувајќи ѝ златен прстен со рубин. Прекршувањето на светлината низ гранките на дрвото во прекрасниот пејзаж претставува врвен естетски чин на прикажување на силината на љубовта која извира од нивните срца. На ова се надополнува сцената со заколнувањето на Ката и Маки, пред камата и пиштолот ставени врз Библијата, на завет за вечна љубов. Најголемата љубов на Маки се Ката и Македонија.

Низ оживувањето на споменот за петтемина студенти, светлината го надвладеа мракот. Нараторот Алавантие во откривањето на вистината ни нафрла информација дека „тајната на оваа приказна е во бескрајниот сјај на рубин и злато“. Тоа е блесокот на чистата вонвременска љубов. Рубинот е крвта, а златото е олицетворение на светлината на слободата, на надежта на „сонцељубивите“ петмина студенти дека еден ден сонцето ќе огрее и за нив.

Целокупното филмско дело се одликува со примена на прецизна драмска, наративна и естетска стратегија. Одличната монтажна стилизација со суптилни претопувања на кадрите, секвенциите и сцените овозможува применетата драмска структура во секоја секунда цврсто да го држи вниманието на гледачот. Филмот завршува со силна воздишка и солзи во очите кај гледачот.

И она што е можеби најважно е тоа дека целта е остварена, совеста разбудена, катарзата постигната. Според Бордвел, филмскиот наратив има и своја трета димензија, што ја оправдува употребата на наративно прикажување, при што нараторот во филмот е еквивалент на гласот кој го среќаваме во литературата.[40]

Во *Златна петорка 5* (пет) наликува на магичен кинематички број, но воедно и опоменувачки; улицата каде што се случуваат сите заговори, немири, тајни планови за и против петорката е „Белг-

40 Cf. David Bordwell, *Poetics of Cinema*, Routledge, New York and London, 2008, 121.

радска“ бр. 5, тоа е фактички куќата во која живеат братучедите Џиџи(-Станко) и Зага(риева) заедно со дедото Кољо „илинденецот“, кој своите синови ги има изгубено во Првата и Втората светска војна. На „Пиринска“ бр. 1 живее Ката со мајка си, тоа е куќата која алудира на предимство, кошмар, единство, пресврт и носталгија. Но во овој контекст сакам посебно да го потенцирам значењето на бројот 13 (тринаесет). Тој е поврзан и со адресата на куќата на сиракот Маки, „Кукушка“ бр. 13. Ако во ова локациско значење бројот 13 алудира на несреќа, тогаш тринаесетте наративни офови во ролјата на стариот „бегалец“ Алавантие алудираат на навраќањето кон злокобниот датум кога се убиени петтемина напредни младинци (13 август 1951 год.), и колку повеќе неговиот драматичен и сугестивен глас на наратор (*voice-over*) низ болката и ретроспекциите се приближува кон крајот, тој толку повеќе влева надеж, помирување и оптимизам, којшто (ин)директно опоменува и одзвонува како скриена и заветна порака „да не се повтори повеќе!“

Златна ѓеторка е извонреден филм за љубовта, предавството и простувањето, што е чин на возвишеност. Филмот прави фикционална историцистичка реконструкција, повикувајќи на помирување, надминување на направените грешки и обид за заборавање на злото. Со силни кодови и значења, преку нагласување на водата од океанот што го заплиснува нараторот, која мие сè, се констатира и опасноста од космичкиот оган во оваа библиска земја. Последните зборови од филмот звучат многу актуелно и како аманет повикуваат на помирување и заедништво. „...Никогаш повеќе да не се повтори времето кога поради идеја се убиваше, а поради мисла се умираше. Проклета да е историјата, проклета да е наивноста со која и убиваме и умираме во земја во која не се гледаме едни со други, туку гледаме само идеи. Идеи што ненаситно нè јадат и живи нè горат.“[41]

13-ТЕ ОФОВИ НА СТАРИОТ АЛАВАНТИЕ[42]

1

Спомени... сеќавања... сведоштва... Сè се промени повеќепати, но ние не се променивме. Како во детството, така и натаму мечтаевме, дури и кога израснавме во луѓе. А потоа некои заспаа... Јас пак, уште не. Иако понекогаш и јас посакувам да сум мртов како моите другари со кои душата ми остана во шумата на Беласица, крај селото Дорломбос, на 13 август 1951.

2

Радување и страв... Пак на парче земја македонска... Повторно дома, по половина столетие... Мислите трчаат, мозокот би сакал да замисли што ќе сретне во родниот крај, но паметот знае: Алавантие е туѓинец, битие кое не при-

41 1 ч. 19 мин. 30 сек. од филмот.

42 Офовите ги напишаа Зоран Стефановиќ и Горан Тренчовски.

паѓа повеќе овде. Дали само ние, Балканците, сме осудени да се занимаваме со матното минато? Има малку сочувани хартии по архивите, малкумина се живи од мојата генерација, но претчувствувам дека има уште од оние поврзани со досието на нашата „Петорка“. Не можеа да бидат избришани сите траги. И да се избришани, моето присуство може да помогне да разјасниме некои нешта...

3

Архивите нагло се отвораат, но и нашите мемоари еден ден ќе ја видат светлината на денот. Од Скопје ми одговорија дека немаат ништо за нив, но од Загреб и Белград ми дадоа копии од досиејата кои УДБА ги водела за моите петмина другари. Некој од Струмица со години педантно сè запишувал. Имиња, датумите, сите мисли гласно кажани, пароли и летоци, помалите и поголемите саботажи, кога веќе не можеа атентати... Тука е досието на Маки, водачот на групата, вљубен до крајот во Ката и во иднината. Во сета онаа врела дејност

додека нè опседнуваа слободарската идеја и патриотската кауза, акциите кои и јас ги имам подзаборавено.

Струмица – svезден граду.

4

Родниот град мириса модерно. Па, и светски. Како да ми се причинува, како да сум сонувал дека сум роден овде и дека најдобрите свои години ги имам тука оставено. Убаво е, напредно, со мера, дури и кога не го разбирам. Ме интересира само дали ова остана град на шеретлаци, убавици, вредни луѓе и идеалисти.

5

„Посттрауматските состојби на раселените Балканци“... Од тој реферат ќе се трогне секој во салата, од локалните активисти до странските набљудувачи кои и понатаму пазат дали сме во кафезот. А ние... зад титулите и стручните наслови слабо ја криеме маката – трагедијата на откорнатите луѓе, оние кои се пресадија на друга почва. Но секогаш ќе боли почвата што не си ја понел, луѓето кои си ги оставил. А и нив некое време ќе ги боли тоа што си заминал и си го однел својот дел од тајната. И сето тоа ќе се заборави. А што ако јас искрено проговорам денеска? За „Златната петорка“! За тајните кои ги чуваме јас и уште понекој старец? За алките кои недостигаат? Колку работите ќе се променат? Којзнае...

6

Дали „сонцето ќе огрее и за нас“? Во книгите што ги читаше Маки, мислеше дека ги нашол сите одговори. И не беше себичен, делеше сè со нас. Раскажуваше дека ние, како народ, сме сонцељубиви во душа и во срце од памтивек. И затоа сите сакавме пред првиот бакнеж да го подобриме животот околу нас. И сакавме да бидеме независни. Како Македонци, верувавме во своите сили, дека можеме да опстанеме надвор од југословенската федерација.

7

Да, тој е. Уште пред лифтот знаев дека е тој. Џиџи-Станко Николов. Ист како некогаш. Да, тој е. Џиџи.

8

Бев убеден дека Петорката ќе успее во своите намери. Дека ќе остваримe нови сништа, оти стари повеќе и немаше. Во тројки, во петорки се собиравме во Загреб, Белград, Скопје, Струмица... Се заколнавме. Мислев дека и јас сум некое бројче, како и златните момчиња...

9

И навистина, тешки товари носевме. Не само свои, туку и сомнежи и грешки од нашите предци, па и современици. Загариева беше желна за кариера по секоја цена. Сите петмина навистина беа илегални активисти, но ги казнија без судење. Другарите разнесуваа летоци, а Маки ги смислуваше. И ја сакаше Ката најмногу на светот. Никој не веруваше дека такво нешто ќе се случи. Ниту јас.

10

Сакавме да бидеме борци. Заколнати членови на Внатрешната македонска револуционерна организација. Маки трчаше пред сите, имаше свој поглед на свет. Мислеше дека Ката ќе биде само негова. И веруваше дека Македонија еден ден ќе стане независна. А некои други прифаќаа компромиси. И тоа најмногу заради себе.

11

Алавантие Донски... Тајната на оваа приказна, како и смислата на многу судбини, е во прстенот кој го спасив онаа вечер на игранката, во блескавиот сјај на рубин и злато. Доказите се тука, еве ги, по половина век... Господ ми е сведок, ни ја зема мерата и кога знаеме и кога не знаеме...

12

Ламариниќ, началникот на УДБА за Струмица, долго време копнееше и слабееше. Животот му го однесе срцев удар. Но токму пред смртта, ѝ го даде последниот налог на Загариева: да се сруши надгробниот споменик на петорката. Наводно многу комунисти се жалеле оти студентите имаат поубав споменик од загинатите партизани. Дури една деценија по убиството, петорката уште им пречеше. И мртвите не ги оставаа намира. Загариева последните денови од својот живот ги помина во психијатриска болница. Умре во кома.

13

А тогаш, пак се разбудивме... Светот се менува, си го живее животот. Гајле му е за сништата, за децата кои жртвуваа сè бидејќи сакаа сништата веднаш и овде да ги претворат во стварност... Пак сум во Мелбурн, од земјата на рисови – во земјата на кенгури... Но и оттука ја гледам Струмица. Океанот ме заплискува... И водата мие, носи, сè освен спомените и болот кој уште го чувствувам. Што би било да не се убиени? Дали би

израснале во златни луѓе, миротворци? Дали сите ние би се промениле ако ние ја имавме власта? Никогаш повеќе да не се повтори времето кога поради идеја се убиваше, а поради мисла се умираше. Проклета да е историјата, проклета да е наивноста со која и убиваме и умираме во земја во која не се гледаме едни со други, туку гледаме само идеи. Идеи што ненаситно нè јадат и живи нè горат.

Користена литература

- Аристотел, *За поетиката*, прев. Михаил Д. Петрушевски, Култура, Скопје, 1990.
- Bordwell David, *Poetics of Cinema,* Routledge, New York and London, 2008.
- *Cinephile*, Vol. 8, No. 1: The Voice-Over, The University of British Columbia, Spring 2012.
- Lothe Jakob, *Fiction and Film*: an introduction, Oxford UP, 2000.
- Pawlowski Tadeusz, *Aesthetic Values*, Kluwer Academic, Dordrecht, Boston and London, 1989.
- Rimmon-Kenan Shlomith, *Narrative Fiction*, Routledge, London and New York, 2005.
- Старделов Георги, *Искушенијата на естетичкиот ум*: XX век, МАНУ, Скопје, 2003.
- *The Oxford Handbook of Adaptation Studies*, ed. Thomas Leitch, Oxford UP, 2017.
- Мехмедовиќ Нецад, „ЦИА по 65 години: нови сознанија за 'гревовите' на струмичките студенти", МКД, https://www.mkd.mk/kolumni/cia-po-65- godini-novi-soznanija-za-grevovite-na-strumichkite-studenti, пристапено на 5 август 2018.
- Официјален видеолинк кон филмот https://youtu.be/R3VVWxqoOyE, пристапено на 12 декември 2018.

Ацо ГОГОВ

ОРВЕЛ И НИЕ



„ЖИВОТИНСКА ФАРМА" на Џорџ Орвел, драматизација и режија Љупчо Ѓорѓиевски, 2018 г.

Режисерот Љупчо Ѓоргиевски верува во ангажираниот театар. Токму поради тоа познатиот роман-алегорија „Животинска фарма" на Џорџ Орвел, веќе извесен временски период ќе го сонува како театар. Во неговата режисерска концепција, приказната на Орвел за манипулациите и суровоста во име на слободата и подобрата иднина треба да биде покажана директно, без заобиколување. Актерите, со некој мал костимографски, „животински" детаљ врз себе или со своите ономатопеи на животински крици, ја укинуваат границата помеѓу животните и луѓето: не може да се знае дали тие на сцена претставуваат животни или се само луѓе кои добиле животински особини.

Режисерот Љупчо Ѓоргиевски верува во ангажираниот театар и во мож-

носта преку поставувањето на сцена на „Животинска фарма", тој прирачник за владеење со луѓето, да дојде до „жестока расправа со еден општествено-политички систем" затоа што сè друго би било „бегање од одговорноста" уметникот да биде крик на своето време. Затоа инсистира актерите во процесот на работа да ги допрат, внатре во себе, своите незадоволства, своите причини за бунт. Така, нивниот личен бунт, појавувајќи се на сцена, ќе стане и бунт на претставата, при што како поттекст се наметнува прашањето: „Дали денес воопшто е можен каков било бунт кој однапред не е смислено подготвен во манипулативни цели?"

Режисерот Љупчо Ѓоргиевски верува во ангажираниот театар, не затоа што тој театар, покажувајќи ги на сцена политичките манипулатори и секојдневните макијавелисти некого ќе измести од рамнотежа, ќе го трогне, или ќе се допре до неговата совест, туку затоа што, иако театарот не е доволно моќен да предизвика радикални, па и револуционерни поместувања во општеството, сега и овде, веднаш, тој сепак има моќ на концентрични кругови. Еднаш прикажаната претстава, небаре камен фрлен во вода, го покренува ефектот на ширење на концентричните кругови, оние кругови кои не се ништо друго, туку сигнали до свеста на секое човечко суштество во публиката.

Режисерот Љупчо Ѓоргиевски верува во ангажираниот театар кој истовремено е спектакл. Затоа режира претстава која се заснова врз тимската креативност, но и врз физичките можности на актерите. Претстава врамена во рамката на театралноста, со сите магичности својствени за театарот, меѓу другото и со една непредвидлива, по малку ексцентрична игра со звукот и светлото, со креативното поигрување со сценските предмети и реквизити како знак дека ова е театар, со динамичност во актерската игра, која треба да го одржува темпото преку целата претстава и која, покрај прецизноста, од актерите бара постојана активност, со исполнување различни задачи на сцена.

Режисерот Љупчо Ѓоргиевски верува во ангажираниот театар затоа што, конечно, вербата во уметноста е condition sine gua non. Исто како што во уметноста верувало и момчето родено во Бенгал, Индија, подоцнежниот автор Џорџ Орвел. Тој кој силно верувал во идеите за слободен свет, свет ослободен од чизмата која го гази човечкото лице, тој, чија „Животинска фарма" е поправо тестамент на сопствената разочараност од злоупотребата и искривувањето на идеите во кои и самиот верувал.

APPENDIX

БЕЛЕШКА

Во театарскиот репертоар во четиригодишниот временски период (2015 – 2018), во кој се премиерно прикажани 20 театарски претстави, учествувал целокупниот ансамбл на Струмичкиот театар:

Коста Ангов
Оливера Аризанова-Мансбарт
Бранко Бенинов
Анкица Бенинова

Ванчо Василев
Стојан Велков-Трн
Јасмина Вучкова
Кире Ѓоргиев
Ванчо Крстевски
Ванчо Мелев
Јулија Милкова
Васил Михаил
Ален Нанов
Игор Тодоров
Ангелина Тренчева-Ангелова
Кољо Черкезов

Биле ангажирани и поранешните актери во Струмичкиот

театар, сега пензионери:

Душан Костов
Томе Ментинов
Тинка Ристеска

Како актерки и актери-гости биле ангажирани:

Јасмина Василева
Горан Ников
Танкица Стојанова

Како актери-натуршчици во епизодни улоги играле:

Ѓорѓи Василев
Ацо Гогов
Стојан Стојанов-Тачи
Ване Трајков
Надица Трајкова

Автори на драматизации и адаптации:


Ацо Гогов
Љупчо Ѓоргиевски
Никола Сарајлија
Бранко Ставрев
Драгана Таневска
Горан Тренчовски

Покрај режисерите вработени во Струмичкиот театар: Горан Тренчовски и Драгана Таневска, како режисери-гости биле ангажирани:

Владлен Александров (Бугарија)
Ана Батева
Нико Горшич (Словенија)
Деан Дамјановски
Љупчо Ѓоргиевски
Синиша Евтимов
Игор Ивковиќ
Дарко Ковачовски
Бранко Ставрев



АРТитектура



Атанас Мучев, Портрет на един старец

Никола ПИЈАНМАНОВ

СЕЌАВАЊЕ НА ЕДНА УМЕТНОСТ

Кон изложбата на струмичките ликовни уметници Атанас Мучев, Василка Христова, Момчило Петровски Момо, Стојче Гоцков, Стојан Пачов во организација на Здружението за култура Транзен) Галерија Музеј Струмица, октомври 2016 год.



Атанас Мучев и Стојан Пачов, Белград, 1963 година

Основна цел на уметничкото дело е да ја сочува убавината од распаѓање и од заборав, да го посведочи мигот на создавањето во темната судница на земната амнезија, кадешто единствен обвинет ќе биде творецот; и во тоа дилеми нема. „Да тврдиш поинаку е чиста статистика“, напиша Хорхе Луис Борхес.

Ликовната уметност ја врамува скаменетата ништожност токму во оној миг кога таа треба да исчезне од видливиот свет. Таа постои за да се сеќаваме! И ја сочувува онолку колку што е потребно, за да остане како објективизирана визија пред оние кои треба да го спознаат доказот за постоењето на чуда. А постои ли поголемо чудо од сликарството?! Тоа е минимум територија во хаосот на светот, освоена од уметникот кој сака да го сочува (и направи видлив) својот внатрешен свет и ако е возможно, да го покаже пред сите, затоа што уметничкото дело е наменето за сите, иако е створено во тешка самотија. Оаза на смислата, тоа е она мало парче платно, врамена штица или хартија. Колку можат да истраат, а да го надживеат цветот од една градина?! Или лишајот на една кора дрво?! Врамена бесконечност, таков е оксиморонот на сликарството.

Сакам да се осврнам на оние творци со жесток творечки нагон, волшебници на колоритот во светот на сивилото, кои, по наша вина, два пати ја доживеале сопствената смрт. Едната физичката, неодминлива, а другата- заборавот на нивните дела. Соочувањето со првата е голема човечка трагедија. Втората смрт е голема цивилизациска трагедија. Ј.Л.Ф.Менделсон ги откри партитурите на „Пасија според Матеја” од Ј.С.Бах во лајпцишките месарници, како убава хартија за пакување месни нарезоци. Една слика на Ван Гог била искористена за вратата од кокошарникот на докторот Реј. Современици сме на рушењето (овде, пред нас!) на еден епски мурал од сликарот Иван Велков, кој по својата внатрешна убавина наликуваше на музиката на Игор Стравински. Скулптуралното ремек дело на Димо Тодоровски беше откорнато од просторот и однесено во депонијата за топење и рециклирање на метали, со сите останати ѓубришта на човечката цивилизација. Колку ремек дела се разградуваат по заборавените канцеларии на градските и државните институции?! Кога ќе ги здомиме и згрижиме сликарските богатства во цивилизиран музеј (во XXI век), оставени да се распаѓаат во темниците на подрумските и таванските депоа, на нашите културни институции?! Во современиот свет се создаваат уметнички дела од рециклиран депониски отпаден материјал, овде се случува обратниот процес. Врвните уметнички дела ние ги рециклираме, во (депо)ниски материјал.

Еден лик од драмата „Пјер Гинт” на Хенрик Ибзен, лиеше копчиња во мало калапче од материјалот на човечките битија кои не можеле да го наследат ниту рајот ниту пеколот. Бездната на ништожноста оди дотаму што дури и одливоците на некои од тие копчиња беа со производствена грешка. Траорна деперсонализација на личноста! Двојна пројава и материјализација на бесмислата!

Какво проклетство нè опфатило, да ослепиме пред убавината?! Можеби затоа таа сè поретко се појавува во форма, стравувајќи да излезе од сонот на творецот, за да не биде заборавена во јавето.

Отсекогаш сум се чудел на способноста на нашиот народ да сочува толку многу непотребни и бесмислени предмети во своите визби и подруми, а толку лесно да ги отфрли на буништето на заборавот уметничките дела оставени од своите предци; делата кои се откриени на овие простори и положени во ковчегот на времето, ковчегот кој требаше да ја премине реката на смртта.

Кога ќе видите рамка направена за да ја разубави сликата, бидете сигурни дека тоа не е само обична декорација за украсување на ѕидовите. Рамката на сликата е одбрана на внатрешниот уметнички свет од надворешниот. Оној надворешен - кој сака сè што се родило внатре да го исфрли нанадвор, кон апсурдот на постоењето. Тоа е тврдината со која се брани оазата на сликарот.

Патот на уметникот е аскетски, духовен пат. Само правецот на движењето може да биде различен. Затоа и жртвата која секој голем уметник ја прави е откажување од удобноста и цревоугодието на овој свет. Оттаму и тој благослов на уметникот да го рефлектира (некогаш нејасно како во огледало, некогаш бистро како кристал) совршенството на нераспадливоста и Вечноста во своите дела. „Мора конечно да се разбере и признае законот на постоењето, според кој, човекот во својот ограничен и релативен земен живот ја создава убавината, само ако верува во друг, бескраен, апсолутен и бесмртен живот", напиша Николај Берѓаев. Големата моќ на уметникот е да ги осмисли нештата, кои во секојдневието станале неподнослива баналност, а во неговите дела - непроценлива скапоценост. Јаболкото кај Сезан, гладиолите во вазната на Хаим Сутин, портретите со склопени очи на Модилијани, старците на Рембрант, бедните исушени полиња и скршените сончогледи на Ван Гог. Сите тие претстави ги гледаме ние секојдневно, тука се, пред нас, но ги одминуваме со погледите и мислите. Не значат ништо во нашиот фиксиран поглед на светот. Ништо повеќе не може да не зачуди во овој свет кадешто се е веќе „објаснето и видено".

Не знам дали постојат помистични алхемиски документи од тефтерите на Момчило Петровски – Момо, кои ги пронајдов во неговото ателје. Таму, во минијатурни димензии за нас, но монументални за уметникот, се исцртани контурите на неговите следни дела, во прецизни метафизички димензии познати само за алхемичарот, кој од обичен ореов трупец има моќ да ослободи на овој свет еден трагичен портрет. Којзнае колку малку од овие големи замисли успеале да се материјализираат, за да ги видиме и ние во овој свет. Жестокоста на неговите слики, набиени со страшна температура од која зрачи светлината на уметничкото брзо согорување.

Кај вистинските уметници делата се остваруваат уште пред да бидат реализирани во материјал. Сликите на Момо се создадени во транс. Слична судбина имаа и сликарите Волфганг Волс и Џексон Полок. Не можете да се загледате внимателно во нивните слики, а одвнатре, тивко насетувајќи, да не го препознаете восокот од тие брзо растопливи свеќи, кои блескаат во матните и темни ателјеа, но за кратко, само колку да ни пренесат една голема вистина за внатрешното творечко доживување. Затоа и толку кратко живеат некои сликари. Едноставно неиздржливо е кога

ќе се размешаат двете светлини, онаа одвнатре и онаа однадвор, таа страшна утринска светлина од надвор, која го дочекува затекнат сликарот во своето ноќно бдеење. Стануваат пепел...

Тука се и портретите на Атанас Мучев. Ги пронајдов нагризени од влагата на минливоста и распаѓањето. Исчезливоста ги досликала неговите слики, уште повеќе ги растопила и сфуматирала контурите на цртежот и боите, и ги преобразила во една нова слика. Затоа што делата на големите мајстори патинираат, не руинираат, се преобразуваат во дела кои во себе го втиснале печатот на историјата, но и на метаисторијата. Чудесни акварели кои со својата прозрачност продираат низ целото битие на моделот. Замаглени очи. Тажни погледи на непознати луѓе. Старец, портретот на анонимната жена, човекот со црн шешир... Кој може поубедливо да посведочи за постоењето на овие луѓе од акварелите на овој голем мајстор?! Неговите едноставни минијатурни пејсажи, во еден експресивен залет на сликарскиот поглед кон природата, нè потсетуваат на Тарнеровите скици. Многу е значајно сеќавањето на Стојан Пачоов, ученикот на Мучев, кој ќе се присети и ќе запише нешто што големиот сликар и учител постојано го повторувал: „Дали живееш за да јадеш или јадеш за да живееш?!“ Или неговата често повторувана формула: „Во едно дело - ситницата го создава совршенството.“

- Јас сум човек чиј живот и душа се страдање.

Сликарството на Стојче Гоцков можеме слободно да го споредиме со иконографијата во филмовите на Сергеј Параџанов. На ист начин крварат калинките во сликите на Гоцков - како во светот на големиот режисер. Сокот исцеден од тоа рајско овошје кај двајцата уметници е ранетата и раскрварена измачена душа, која се бори во овој свет како рибите што претат во сувото и молат за капка вода, од почетокот на филмот за ерменскиот поет Сајат Нова. Кој можел да го разбере поетскиот свет на Стојче во оваа културна суша? Во творечкиот свет на Гоцков постои едно место од кое се повлекла водата на езерото. Сув брег кој мириса на далечно море. Постои цела серија слики на школки оставени на сувиот брег, кои жеднеат по изворот. Школките во сликите на Гоцков се метафора на вечната судбина на творецот: да постои во средина несродна со неговото битие, но и покрај тој тежок пад, со својот природен дар и украс, да ја прослави божествената честица на земјата. Имаме тука еден автопортрет од кој, како од некоја прастара слика, нè гледа спокојниот и тажен поглед на сликарот. Прочистен, спокоен, мудар и посветен поглед , како оној на Лао Це.

Делата на Василка Христова останале непотпишани, без сигнатури и ознаки за годината и времето кога биле создадени. Можеби ги сметала своите платна за недовршени, (постои ли довршено и совршено дело додека е жив авторот кој го создава?) можеби сакала да остане анонимна, како што и многу автори низ целиот свет останале: непознати и неидентификувани. Можеби не ни помислувала на тоа дека сликата е место кадешто треба да стои еден таков, понекогаш излишен, административен запис, каков што е потписот и годината. Од малкуте слики кои успеав да ги пронајдам, без двоумење можеме да насетиме сликар од рангот на Кираца Висулчева (нејзина генерација), а некои од сликите потсе-

туваат и на сликарството на Пандилов. Тука би ја истакнал сликата на рибарите во Дојранското Езеро, антологиско дело без кое не би можела да се замисли која било антологија на сликарството на авторите кои твореле и живееле во Струмица. Нејзиното творештво е тивко и спокојно,без многу драма и човечка експресија. Главниот мотив и нејзина сликарска опсесија е цвеќето во вазна, кое останува основен модел до крајот на животот. Разговорот со нејзините цвеќиња, хризантеми, темјанушки, лалиња, трендафили, е долг дијалог од кој ние можеме само малку да насетиме во нејзините слики за тајната на нивната заемна љубов, тајната на нејзината градина.

Сликарството на Стојан Пачоов е монументално и раскошно како средновековната црковна уметност. Колоритот на неговите платна е сув и пригушен како фреските на старите византиски манастири. Ѕидовите на фасадата на средновековната манастирската црква, изградена од Комнените, Св.Богородица Елеуса е неверојатна ликовна композиција самата за себе, издвоена од цивилизацискиот естетски концепт на византиските ликовни принципи. Таа, заедно со промените на времето и историските текови, се насликала и станала автономен сликарски концепт. Такво е сликарството на Стојан Пачоов,како ѕидовите од манастирот.

Од најраните негови дела, средношколските акварели и цртежи, веднаш заклучуваме дека се работи за голем мајстор на цртежот и колоритот. Моќната и строга композиција и мајсторски прецизниот цртеж, постојано се судруваат со слободно нафрлената боја. Од овој судир настанува вистинска ерупција на сликарскиот вулкан на Пачоов. Сличниот пристап можеме да го препознаеме во генијалните дела на Петар Лубарда. Серијата слики на манастирите и пејзажите кои потекнуваа од бесконечниот простор на струмичките полиња, се антологиски дела на современото македонско сликарство. Сувата земјена боја од манастирските ѕидови, на еден суптилен начин, во неговите пејзажи се претвора во исушени летни полиња. Тоа е таа боја, таа златно-жолта суша, од детството и родниот град, која авторот ќе ја пренесе низ целиот свет со себе, до крајот на својот живот.

Како ќе ја спознаеме новата уметност, без да ги препознаеме делата на нашите предци? Како што археологијата ги откопува предметите на праисторијата, под закопаните цивилизации, ќе успееме ли да ги откриеме делата на овие сликари?! Можеме ли да ги одделиме, размешани со секојдневните дребулии кои многу евтино се продаваат на тезгата на потрошувачкиот свет? На територијата на оваа земја, со векови, едни помалку даровити уметници-зографи ги пресликувале фреските и иконите на старите мајстори. Под слоевите на просечните и површни слоеви од ѕидно сликарство, (во охридската катедрала Света Софија, во манастирот Свети Пантелејмон во Нерези) реставраторите го откопаа најголемото богатство на византиската уметност. Така денес делата на овие пет уметници (и многу други) се скриени под сенката на модерните увезени „принтови" и трендовски тапети со кои ги „живописаме" современите објекти. Само ако трајно ги одвоиме и ги изложиме, осветлени во една свечена постојана поставка, отворена за сите, ќе можеме да ја спасиме нашата кревка култура од неизбежниот налет на колективниот заборав.



Ана Филев, Носталгија

Ацо ГОГОВ

НАШИТЕ КУЌИ

(Реч на отворањето на самостојната изложба „НОСТАЛГИЈА" на Ана Филев во НУЦК „Антон Панов" во Струмица, на 19 октомври 2018 година)

Има некои стари куќи во Струмица, наредени по угорнината, во помирните и повисоките делови на градот. Завеси-те од прозорците одамна се искинале, а по скалите сега се качува само трева. Тивко е, не се слуша ниту глас, ниту викотница. И во нив некогаш, некој се смеел или плачел, а другиот го тешел; и во нив се седнувало на маса за ручек или за вечера, а заиграното дете во дворот се повикувало низ прозорецот да дојде на трпезата; и во нив некој си легнувал со заљубена мисла по некоја девојка, а се будел утринатa на старото место, во својот кревет, иако сонцето и сите нешта во Сончевиот систем си ги измениле далечините и должините меѓу себе. Сега, оставени сами, тие куќи, заборавени души на стара Струмица, никако да се симнат удолу во градот, никако да нè побараат нас, заблудени во своите раз-говори, залудени од лажните мудрости на светот.

Почитувани присутни, имам чест да ја отворам седмата самостојна изложба на сликарката Ана Филев, наша сограѓанка, сликарка којашто разбрала дека секаде е нашиот дом, ако на тоа место постои и нè чека нашата љубов. Токму поради љубовта, таа ќе ја замени нејзината Црна Гора со Македонија, Подгорица со Струмица, преместувајќи се од една во друга точка на живеење во просторот наречен Балкан, свесна дека помеѓу нас има повеќе сличности, отколку разлики.

Нејзината изложба е насловена „Носталгија" и опфаќа дваесет и три сликарски платна на кои се наслика-ни првенствено куќи, остатоци од една стара архитектура во Струмица, Охрид, Струга, Кратово, Старата скопска чаршија и други места. Додека ги разгледував сликите на Ана, а таа патем ми ја објаснуваше разликата помеѓу камената црногорска куќа со нашата куќа, којашто има неколку слоеви и фасада, ми текна на романот „Куќи" од црногорскиот писател Драган Николиќ, објавен во далечните седумдесетти години од минатиот век. Ми дојде на ум онаа црногорска куќа што во делото на Николиќ е главен лик, оти не е обична градба, ами е виша суштина, своевиден прародител којшто го обединува целото семејство на куп, со сите караници, разидувања и

повторни помирувања. И кога ќе дојде моментот кога тоа помирување повеќе не е можно, тогаш некој од браќата ја пали куќата, симболично означувајќи го конечното растурање на тоа семејство. Тоа е конечниот крај. И да се спаси куќата од пожарот, тоа семејство засекогаш ќе остане одродено.


Освен на црногорскиот автор, во исто време се сетив и на нашиот Блаже Конески, кој во едно интервју изјавил дека нему му е малку чуден терминот *македонска куќа*, затоа што она што се нарекува така, во слична или речиси идентична форма, може да се види и во други места наоколу, како на пример во Истанбул, веројатно сакајќи да укаже на тоа дека градителството се потпира врз еден принцип на пренесување и варирање на некои модели на куќи и внесување новини во прифатените модели. Сето тоа придонесува да не постои толку јасна граница при одредувањето на потеклото на куќата. И во рамките на воопштениот термин *македонска куќа* се зборува поодделно за градска или селска куќа, за охридска, струмичка или кратовска куќа, затоа што сите тие имаат стилски обележја што ги разликуваат едни од други.

Со своите слики Ана се надоврзува на една традиција во македонското сликарство што се занимава токму со куќите од едно минато време. Цртежите на старата битолска архитектура на Панде Петровски, старите куќи кај Белогаски заробени во пејзажот, куќите во Дебар или Галичник, насликани од Лазар Личеноски, цртежите на староградската архитектура со молив и туш на Божидар Тодоровски-Бодле. Тука се и многуте други наши автори коишто се испробале во тој домен. Гледната точка во нејзините слики е човечка. Таа не ги слика куќите гледајќи ги од високо или на голема оддалеченост од нив.Таа стои наспроти нив, тие стојат, најчесто, во рамнината на нејзиниот поглед. Композициски, на нејзините платна, по правило, фигурира една куќа и пред нас се отвора една цела приказна поврзана со таа куќа. Само на некои платна, отстрана или одзади, се појавуваат формите и на други куќи заедно со тесна уличка. Како контрапункт на материјалноста на куќите стои небото што или е во знакот на една боја – сугерирајќи запрена вечност, или пак е насликано како лесна игра на боите, претставувајќи го движењето на небесните тела, означувајќи една воздушеста и ведра состојба наспроти тежината и руинираноста на куќите.

Во своите слики Ана не ја документира реалноста, туку ја нагласува нејзината индивидуална, субјективна реакција на објектите пред неа. Не објективизација, туку сопствена емоција што уметнички ќе ја преобликува таа стварност. По тоа, како и по изразената колоритност, во нејзините слики може да се препознае далечно ехо од импресионизмот иако во нејзините слики ја нема импресионистичката природна светлина што на нештата им дава поинаков изглед. На првите насликани платна од овој нејзин циклус, куќите ја имаат дефинираноста на контурите, еднообразноста на боите. Веќе во подоцнежните слики настанува еден пресврт: јасните форми се прелеваат едни во други, пред нас е еден разигран и раскошен колорит.

Почитувани, еден од најважните поими на нашата живеачка е поимот

дом. Она што во исто време го нарекуваме и куќа. Домовите на нашите предци, оние домови што Ана ги насликала, ја имаат цврстината, сигурноста, непроменливоста на едно време што се совпаѓа со периодот на нашето детство. Домови што многу често во приземјето имале дуќан за трговија, занаетчиска работилница или нешто друго што ја овозможувало егзистенцијата на семејството. Нашите денешни домови, во контекст на масовни иселувања по Европа и светот што наликуваат на масовно бегство, се подвижни, флуидни, привремени домови. Тие се нашите нови домови во нови земји. Некаде попатно можеби засекогаш ја загубивме цврстината и бескрајната убавина на нашите роднокрајни, семејни домови и куќи. На тој начин и го разбирам насловот на изложбата на нашата авторка. Како отворен дијалог со материјалните градби на едно време, како носталгија по она што некогаш било толку вистинито, а и денес е, ако се погледне со вистинскиот поглед. Во случајот на Ана, верувам дека таа носталгија е двојна: носталгија по куќите на една подзаборавена Македонија, но и носталгија по својот дом, по својата куќа во Црна Гора или по бабината куќа на село, таму каде што наземи, во тревата, жолтеат паднатите дуњи. Јас претпоставувам дека, да се има две, па и три куќи, како што има таа, е голема среќа, но тоа е нешто што таа самата може најубаво да ни го објасни.



Ана Филев, Носталгија

Маја КРСТЕВСКА

Урбан лиризам

(По повод изложбата на ликовната уметница Љупка Галазка-Василев во Музеј Куманово)

Љупка Галазка-Василев, во нејзините последни слики и цртежи, изработени во комбинирана техника на хартија, платно и лесонит, до посетителот се доближува преку играта на ткаенината и нејзините форми. Преку потегот на боите и површината на позадината што е во темни или светли тонови, создава еден сосема нов, модерен и наедно апстрактен амбиент. Дел од старите етномотиви се пресоздаваат во форми со одреден геометриски лик, но тие истовремено се проткаени со одредена доза романтичарска нишка.



Љупка Галазка-Василев, Носталгија, комбинирана техника, 70x90cm

Тоналитетот е смел, некогаш на продорно жолта позадина се пробива синаата и белата што нѐ водат во преден план до етноелементот. Мотивот на птицата, којашто е централно насликана, како и позадината на боите во колоритот што се финализира амбиентално, оставаат силен впечаток на илузија. Амбиентот на фрагмент од стара порта во јако сина боја, доловува една синтетизирана форма на светла основа. Лирскиот амбиент се заблежува на секоја слика во овој циклус слики на Љупка, а густината на потегот ни го зголемува впечатокот на разиграност и возбуда на прикажаното. Во сликите постигнува целосна композициска организираност, хармонична целина и фасцинира со мекоста на изразот.

ХОЛАНДСКИ УМЕТНИЦИ НАЦРТАЛЕ ГИГАНТСКА БИБЛИОТЕКА НА СТАНБЕНА ЗГРАДА СО ОМИЛЕНИТЕ КНИГИ НА СТАНАРИТЕ

Додека голем број улични уметници ги одбираат напуштените згради и старите железнички пруги како платна за нивните експлозивни ремек-дела, холандскиот уличен уметник Јан Ис Де Маниз избрал друг начин, реализирајќи живи дела за локалните заедници што сакаат да се поврзат. Неговата цел е да создаде проекти "каде што секој може да се идентификува" со барање за вклучување и на жителите коишто го овластуваат да го црта просторот што го одбрал.Најновиот дар на Јан Ис Де Ман во едно соседство претставува необично дело – ѕид со книги на три нивоа на една станбена зграда во Утрехт, Холандија. На уметникот му помагал колега, исто така уличен уметник Деф Фид, кој работел на неколку други мурали со него и со кого е косоп-ственик на нивното студио за тетовирање "Црна книга на тетоважите" во центарот наУтрехт.

"Локацијата за муралот дојде пред неговиот концепт"- изјавил Јан Ис Де Ман. „Добро ги познавам луѓето коишто живеат на приземјето. Тие сакаа да им нацртам мурал, но исто така, ми дадоа слобода да го осмислам дизајнот. Условот беше тоа да биде нешто позитивно за целото соседство. Првата идеја беше да се насликаат смешковци. Многу голема смешка, затоа што верувам дека луѓето стануваат посреќни кога секојдневно гледаат смајли. Но, оваа идеја не изгледаше комплетна, ниту оригинална, па ми беше премногу едноставна".

Откако го проучувал своето „платно", ја добил идејата за муралот "l'oeil" – " визуелна илузија во уметноста, особено кога се користи за да се измами окото и да се согледаат насликаните детали како тридимензионален објект". Тој рече: "Го проучував обликот на куќата и локацијата каде што стои оваа куќа и одеднаш се појави идејата за создавање огромна библиотека. Сакам да правам илузии на ѕидовите и сакам да ги видам насмевките на лицата на луѓето. Чинам дека оваа идеја го постигна тоа.

Дел од концептот беше да се вклучат жителите во уметничкиот процес: "Влеговме во заедницата со тоа што ги

прашувавме луѓето за нивните омилени книги и можевме да ставиме 8 (осум) јазици и култури заедно во истиот концепт. Сите, секој век, секоја култура, секој јазик беа добредојдени. Единственото правило што го поставив да учествувам во овој уметнички проект беше: Нема политички книги и никакви верски книги. Освен тоа, секој наслов на книга беше добредојден “.

Потребна била една недела со полно работно време за Јан Ис Де Ман и Деф Фид да ја реализираат идејата од хартија до ѕидот на станбената зграда. Уметниците рекле дека најтешкиот дел е иницијалното планирање на концептот. “Мислам дека поголемиот дел од времето се троши да се добие вистинскиот концепт што одговара на ѕидот, на соседството. Но, кога ќе ја добиете вистинската идеја, тогаш не е многу тешко“.

Тие успеаја да го доловат духот на жителите и уметниците со низа од нивните омилени книги. На прашањето кои би биле нивни омилени наслови на гигантската полица, Ис Де Ман одговорил дека го сака „Љубопитен инцидент на кучето во ноќните часови“ од Марк Хадон и секако, “Плејбој”.

Бидејќи муралот е откриен, тој не само што стана уметнички извор за да ги доближи соседите, туку привлекува и луѓе коишто застануваат за да си направат „литературно селфи.“ Соседството каде што е направено ова дело е исполнето со различни култури. И јас забележав дека овој проект донесе нешто добро и (се надевам дека додека трае) луѓето ќе се држат заедно. Тие се запознаваат меѓусебно преку книгите. Без разлика на разликите во културите, без оглед на разликите во политичката гледна точка и без оглед на тоа што некој е екстремно десно или екстремно лево “.



ЗЕНИТ

СПИСАНИЕ ЗА НАУКА, ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ

Издавач:

Друштво за наука, литература, култура и уметност
„Иван Василевски“ - Струмица

Адреса:

Списание за наука, литература, култура и уметност „Зенит“
ул. „Стив Наумов“ бр.40 Струмица

Е-адреса:

zenitspisanie@gmail.com
Тел: 071/245-155

Трансакциска сметка:

Еуростандард банка: 370031100242654

Компјутерска и графичка подготовка:

„Графосервис“ - Струмица

Печати:

„Графосервис“ - Струмица

Тираж:

300 примероци

Цена:

300 ден.

Доставените материјали треба да бидат до еден печатарски табак, односно 11 страници печатен текст со кирилична поддршка во Times New Roman, фонт 11. Материјалите се доставуваат по е-маил. Ракописите не се хонорираат.

Списанието ЗЕНИТ
излегува полугодишно,
финансирано од буџетот
на општина Струмица.